**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Ѓорѓи Оровчанец, Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Бесим Догани, Фијат Цаноски, Андреј Жерновски, Лазар Китаноски, Радмила Шекеринска, Оливер Шамбевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани, Агрон Буџаку и Есад Рахиќ ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка три - Предлог на одлука за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници.**

Предлогот на одлуката и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратениците Тале Герамитчиоски, Јани Макрадули и Славица Грковска поднесоа амандмани на член 1 раздел 16001, Потпрограма 71 ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 483, раздел 04001, Потпорграма Д4 ставка 425 и на раздел 04002 Потпрограма 10 ставка 483; на член 1 раздел 16001 Потпрограма 72 ставки 481 и 483 и на раздел 06001 Потпрограма 20 ставка 483 и на член 1 раздел 26001, Потпрограма 10 ставки 421 и 425 и на раздел 04002, Потпрограма 10 ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Тале Герамитчиоски и Влатко Серафимов поднесоа амандман на член 1 раздел 06001 Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 12101 Потпрограма 4А ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Владо Бучковски, Верица Филипова, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Славица Грковска, Никола Поповски, Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Благородна Цветковска, Ацо Киров, Марјан Николов, Влатко Серафимов, Никола Рилкоски, Радмила Шеќеринска и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на член 1 раздел 15020 за додавање нова Потпрограма 46 и нова ставка 432, раздел 04002 Потпрограма 10 ставка 483 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставки 464 и 482; на член 1 раздел 06001 за отворање нова Програма А и нова Потпрограма А2 и ставка 483 и на раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483; на член 1 раздел 14001 за додавање нова Потпрограма 30 и ставка 464 пред Потпрограмата 60, раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 464; на член 1 за бришење на разделот 15020 со сите Потпрограми и ставки и на раздел 09002, Програма 20 ставки 482 и 487; на член 1 раздел 09002 Потпрограма 20 ставка 489 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 464; на член 1 раздел 15020 Потпрограма 46 ставка 431 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 464; на член 1 за додавање нов раздел 10001, Програма 3, Потпрограма 32, Категорија 48 и ставка 489 по разделот 09002, раздел 04001, Потпрограма Д4 ставка 425 и на раздел 04002, Потпрограма 10 ставка 483; на член 1 раздел 13001 за додавање нова Потпрограма 3Е и нова ставка 482 и на раздел 13001, Потпрограма 2А ставка 489; на член 1 раздел 15001 за додавање Категорија 47 и ставка 471 по Потпрограмата Б1 и ставка 432 и на раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483 и на член 1 раздел 16001 за додавање нова Потпрограма 40 и нова ставка 464 по Потпрограмата 30 и ставката 464 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучија пратениците Оливер Спасовски, Весна Бендевска и Борис Кондарко.

Пратеникот Оливер Спасовски поднесе амандман на член 1 за додавање нов раздел 05005 по разделот 09005, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483 и истиот го повлече.

Пратеникот Оливер Спасовски поднесе амандман на член 1 за додавање нов раздел 09005 по разделот 09002, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска, Игор Ивановски, Борис Кондарко, Оливер Спасовски, Јани Макрадули и Благородна Цветковска поднесоа амандмани на член 1 за бришење на раздел 02001 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 464; член 1 за бришење на раздел 04009 и на раздел 04001, Потпрограма Д4 ставка 425; член 1 за бришење на раздел 05001, раздел 06001, Потпрограма 20 ставка 483 и на раздел 09002, Потпрограма 20 ставка 464; член 1 за бришење на раздел 05002 и на раздел 04001, Потпрограма Д4 ставка 425; член 1 за бришење на раздел 05004, раздел 04001, Потпрограма Д4 ставка 425 и на раздел 04002, Потпрограма 10 ставка 483; член 1 за бришење на раздел 08001 и на раздел 13001, Потпрограма 2А ставка 489 и на член 1 раздел 09004, Потпрограма 20 за бришење на ставката 484 и на раздел 13001, Потпрограма 2А ставка 489, по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратениците Јани Макрадули и Весна Бендевска, Игор Ивановски, Никола Поповски, Миле Пачемски, Силвана Бонева, Неждет Мустафа, Весна Јаневска, Зоран Витанов, Ружди Матоши, Горан Мисовски, Кенан Хасипи, Хади Незири, Тале Герамитчиоски, Рафиз Алити и Јован Манасијевски поднесоа амандман на член 1 раздел 02001 потпрограма 20 ставка 483 и раздел 09002 потпрограма 20 ставка 482 по кој Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучуваат пратениците Мирјана Секуловска и Благој Зашов.

Пратениците Анета Стефановска, Јаготка Ивановска, Силвана Бонева, Ружди Матоши, Агим Рамадани, Гарип Каба, Насер Ајдини, Цветанка Иванова, Тале Герамитчиоски, Оливер Спасовски и Ацо Киров поднесоа амандман на член 1 за додавање раздел 02001 на потпрограмата 20 и ставката 420 пред разделот 04001 и раздел 09002 потпрограма 20 ставка 426 по кој Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучуваат пратениците Мирјана Секуловска, Горан Мисовски и Благој Зашов.

Дозволете пред да му дадам збор на господинот министер Славески да ја образложи одлуката, да ги поздравам гостите во официјална посета на Собранието на Република Македонија 27 кандидати кои ја следат обуката за судии и јавни обвинители во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија кои се наоѓаат на галеријата.

(Аплауз)

Има збор Трајко Славески, министер за финансии.

**Трајко Славески:** Добар ден почитувани пратеници, добар ден почитувани гости.

Господине претседателе, ќе одземам само малку време да ја образложам оваа одлука која што е точка на дневен ред на Собранието на денешната седница. Станува збор за неколку значајни активности што Владата планира да ги преземе до крајот на оваа година, секако со помош на Парламентот како негова одлука. Оваа одлука за пренамена на средства меѓу буџетски корисници претставува законска можност за реалокација на средства меѓу одделни буџетски корисници и е практика што се применува во сите земји во светот. Со цел реализација на определени активности и рационално искористување на буџетските средства. Вообичаено оваа можност се користи за следново, две работи. Интервентно обезбедување на дополнителни средства за определена намена во услови кога со Буџетот не се обезбедени доволно средства за истата намена.

Второ, што е случај со карактерот на одлукава што е предмет на денешнава расправа е реалокација на вишок на средства на одделни буџетски позиции кои врз основа на опсежни анализи нема да се потрошат до крајот на годината и нивното искористување за реализација на започнати проекти и активности кои со сигурност ќе се реализираат до крајот на годината.

Почитувани, Владата во својот мандат од крајот на август минатата година со ваков вид на одлука се јавува по втор пат. Да ве потсетам, дека прв пат побаравме пренамена на средства од македонскиот парламент со ваков тип на одлука во септември 2006 година. Во овој случај се работи за реалокација на вишок на средства кај одделни буџетски корисници при што веднаш би сакал да ви дадам одговор на дилемата што се појавува кај сите вас, а е поврзана со причините за овој вишок на средства. Имено, прво, беше актуелно прашањето зошто Владата не оди со уште еден ребаланс, или измени и дополни на Буџетот на Република Македонија, туку со оваа Предлог одлука? Морам почитувани да бидам искрен и тоа е порака и од Владата на Република Македонија и замолница за разбирање до сите вас. Не е лесно секојдневното следење, реализација на Буџетот кај сите буџетски корисници кога имате индикации дека како резултат на зголемени приходи во Буџетот и некои претходни одлуки по предлог на Владата од страна на Собранието ќе резултираат со состојба во која што одреден вид, или одреден дел од средствата кај буџетските корисници нема да се реализираат до крајот на годината, а би можеле во меѓувреме да се искористат за реализација на некои проекти и за задоволување на некои потреби од граѓаните.

Владата на Република Македонија не можеше со ваков предлог да се појави пред 5-ти; 7-ми; 8-ми декември. Владата на Република Македонија по годишните одмори како пред точка на своите седници ја имаше реализацијата на капиталните инвестиции по буџетски корисници и реализацијата на ставките стоки и услуги. Значи, сите буџетски корисници беа под еден засилен мониторинг од аспект на адекватното и навремено трошење на средствата. Повторувам, во овој случај можеби ќе беше добро да предложевме ребаланс на Буџетот со што ќе предложевме распределба и на вишокот на приходи кои што и по вториот ребаланс е случај со нашиот Буџет. Само да известам дека со крајот на ноември оваа година вкупните приходи во Буџетот се повисоки за 20% од она што беше состојба на приходите во 2006 година, а се повисоки за 10% и од нашите проекции кои што беа ревидирани во два наврати во текот на оваа година со ребалансите на Буџетот. Сега знаејќи ги парламентарните процедури, ќе се согласите дека за уште еден ребаланс со цел да се задоволат и деловничките одредби немаше време, затоа што за тоа е потребен подолг временски период. Да потсетам дека вториот ребаланс вие го усвоивте на 5-ти октомври оваа година. Тогаш Владата на Република Македонија со цел реализација и следење на некои проекции за кои што се ценеше дека ќе бидат потребни дополнителни средства, со предлог и со ваша одлука алоцираше значителни средства кај одделни буџетски

корисници. Јас ќе се послужам само со еден пример.

Желба беше што побрз развој на технолошко индустриската развојна зона Скопје 1. Ако се сеќавате таму алоциравме значителни средства. Значителни средства се реализирани во текот на оваа година.

Вчера имав прилика да разговарам со директорот на Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и барав одговор на прашањето зошто до крај не се реализирани средства кои на два наврати беа придодавани кон Буџетот на Дирекцијата. И во оваа одлука, како што ќе забележите, некаде околу 120 милиони денари или 2 милиони евра кои претходно сме ги ставале на располагање на Дирекцијата сега ги насочуваме кон други намени. Одговорот е дека тие направиле се што можеле. Работат по сите законски процедури и дека, за жал, некои фактори кои се надвор од нивното влијание, како на пример временските услови оваа есен оневозможиле некои градежни активности до крај да се реализираат. Ова го кажувам само како пример.

Почитувани, оваа Предлог одлука ја гледаме како напор на Владата на Република Македонија да даде свој придонес во дополнително приближување на економската активност која статистичките показатели со сигурност ја потврдуваат за оваа година како реалност.

Сега ќе преминам конкретно на предлозите.

Со оваа Предлог одлука се врши намалување на средства кај одделни буџетски корисници во вкупен износ од 2.746.187.000 денари. Овие средства ќе бидат искористени за следните намени:

Во разделот Влада на Република Македонија предложено е зголемување од 12 милиони денари и истите треба да послужат за издавање на ваучери на дополнителен број на студенти кои по прв пат запишале последна година од студии, согласно измените и дополнувањата на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери кои ги усвои овој Парламент.

Понатаму, во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија се обезбедени 18 милиони денари за набавка на таканаречени дисплеи за потребите на судовите, во рамките на проектите за модернизација на судството во Република Македонија.

Во Буџетот на Министерството за внатрешни работи се обезбедени дополнителни средства во износ од 620 милиони денари за набавка на опрема за потребите на полицијата.

Во разделот Министерство за финансии - функции на државата се предложени неколку ставки. Оттаму, според законските процедури и прописи средствата, до колку оваа Предлог одлука се усвои, ќе се трансферираат на буџетски корисници и други институции кои тие средства ќе можат наменски да ги искористат за следното:

200 милиони денари се за довршување на Спортската сала “Борис Трајковски”.

Почитувани, Владата на Република Македонија на неколку наврати во текот на оваа година со одлуки го зголемуваше својот влог во Друштвото за изградба на Спортската сала “Борис Трајковски”. Ова се последните средства, последните 200 милиони денари кои треба да овозможат овој објект да биде целосно завршен уште наредната пролет и да биде готов во пресрет на спортските настани кои се предвидени за 2008 година.

Понатаму, 40 милиони денари се одвојуваат за изведување на градежни работи за доизградба на општинската зграда во Локалната самоуправа Дебар и 10 милиони денари за градежни работи на општинската зграда во Прилеп.

Сакам да спомнам дека со ова Владата на Република Македонија одговара на своите ветувања кои ги дадовме како одговор на пратенички прашања на одредени пратенички групи особено за општинската зграда во Дебар и тогаш како министер за финансии реков односно ветив дкеа Владата на Република Македонија ќе изнајде решение за обезбедување на средства за доизградба на општинската зграда.

Само една мала дигресија да спомнам, ова за јавноста, оваа одлука на Владата на Република Македонија беше донесена уште пред некои медиуми да се појават во врска со потребата за довршување на овој проект.

Понатаму, 43 милиони денари ќе се доделат за адаптација и санација на Зоолошката градина во Скопје која е во многу лоша состојба.

Предлагаме 45 милиони деанри да се трансферираат во Фондот за патишта за покривање на обврските сврзани со Проектот - Изградба на заобиколницата Скопје.

272 милиони денари ќе биде трансфер до ЈСП-Скопје за набавка на нови автобуси. Според пазарната вредност на автобусите за потребите на градски сообраќај овие средства се доволни за набавка на 45 до 50 супер модерни автобуси.

Понатаму 80 милиони денари за да послужат за електрификација на индустриската зона во Битола. Овој проект е Проект на локалната самоуоправа. Само да појаснам, затоа што имаше некои прашања на комисиите кога го разгледувавме Предлогот на буџетот за 2008 година, е различен од проектите за технолошко-индустриски развојни зони кои се под посебен режим. Вакви индустриски зони развиваат речиси сите локални самоуправи во Република Македонија. Во рамките на можностите Владата на Република Македонија во иднина ќе ги разгледува нивните барања и секаде каде ќе може да алоцира барем минимум средства, тоа ќе може да го направи, како што го правиме во овој случај за одвојување на 80 милиони денари за електрификација на индустриската зона во Битола.

Значителна сума на средства се предлага за Проектот за самовработување, речиси бескаматно или со минимална номинална каматна стапка од 1% кредитирање на мали бизниси за невработени лица.

Само неколку реченици, почитувани, во врска со овој Проект. Се предлага значителна сума на средства за негова реализација.

Во врска со овој Проект значајно е дека тој е планиран да се реализира за наредната година како дел од активните мерки за вработување. Овој проект би опфатил одобрување на кредитни средства во максимален износ во денарска противвреднсот на 3 илјади евра за секое ново отворено работно место при што ќе се финансираат проекти до најмногу 5 работни места односно 15 илјади евра. Тоа е еден вид здружување на средствата.

Кредитот ќе биде многу поволен со рок на враќање од 3 години  плус една година почек или грејс период пред почетокот на сервисирање на кредитот тоа се вкупно 4 години и со каматна стапка од 1% на годишно ниво.

Овие средства ќе бидат таргетирани на одредени социјални групи на кои општеството во овој момент треба и мора најмногу да им помогне. Ќе бидат насочени пред се кон вработените кои ги изгубиле своите работни места и сеуште во процесот на транзиција не обезбедиле вработување т.н. стечајни работници за кои Владата на Република Македонија навистина преку овој проект ќе го фокусира своето внимание за да им помогне.

Понатаму сите други социјални групи кои се подготвени малку со сопствена иницијатива и вложување на минимум сопствени средства за да обезбедат сопствено вработување.

Сакам да ја искористам оваа пригода, почитувани, да спомнам дека Владата на Република Македонија тоа е идеа која од поодамна циркулира во јавноста за да може да се реализира еден ваков проект ќе настојува да предложи легализација на сите оние дивоградби или безправно изградени обејкти кои се објекти за живеење на најсиромашните слоеви од населението. Не станува збор за легализација на објекти кои беспсравно ги изградила она што се нарекува урбана мафија. Зошто го нагласувам ова? Зошто се комплементарни овие две активности? Зошто Парламентот треба да притиска и да подржува една таква активност? Затоа што, почитувани, знаете како најразвиените земји во САД за 95% од домаќинствата што е нивното богатство мислам на материјалното, тоа е куќата, станот во кој живеат, во тоа луѓето инвестираат и отплаќаат речиси цел работен век.

Огромен број на домаќинства во Република Македонија  располагаат со капитал во станбени објекти на кои немаат формално имотни листови затоа што не е регулирано нешто од аспект на начин на нивната изградба. Овој капитал треба што поскоро да се стави во функција, тоа е неопходно да можат тие луѓе да пристапуваат кон финансиските институции и тој свој капитал да го приложуваат како залог, како хипотека затоа што сите финансиски институции заради прудентноста во работењето бараат некој вид на обезбедување. Ова би требало да биде обезбедување и начин да се разбие еден синџир на сиромаштија и неизвесност во која живеат десетици илјади граѓани во Република Македонија.

Понатаму почитувани во разделот Министерство за животна средина и просторно планирање е предложено зголемување за 6 милиони денари за изградба на фекална канализација во општината Бутел и санација на постојното корито на Слатинска река - втора фаза.

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски се обезбедени дополнителни средства во износ од неколку ствки: 60 милиони денари се наменети за изведба на фекална канализација во Инџиково. Повеќето од вас знаат дека станува збор за поширокото подрачје на градот Скопје, населени места каде живеат над 30 илјади жители. Неколку пати лично сум бил во тие населени места, акутно е прашањето со фекалната канализација. Проектот е започнат, проценка е дека ќе ги чини 3 милиони евра. Еден милион евра ќе инвестира општината Гази Баба, еден милион евра треба да се обезбедат од донации, Владата ќе ја покрива последната третина од потребите за изградба на овој проект.

Свесен сум, а лично во некои контакти со вас, дека потреба од вакви средства од разни извори дури и од Буџетски средства се чувствува на голем број точки и пунктови во Република Македонија. Има многу кризни точки од аспект на комуналните проблеми. Владата на Република Македонија може единствено да вети дека во рамките на можностите секаде каде е можно ќе помага за доврушување на иницијативите кои потекнуваат од локалните смоуправи.

Понатаму 300 милиони денари се наменети за Јавното претпријатие за станбен и деловен простор за изградба на станови за лица со ниски примања. Ова е определба на Владата на Република Македонија уште во нејзината Програма презентирана пред пратениците при обраќањето на Парламентот од страна на мандаторот за состав на Владата.

300 милиони денари за изградба на Северната трибина на Градскиот стадион во Скопје. Овој Проект лично го образложи господинот Груевски, ова е потреба и симболичен гест како не треба да започнуваме некои проекти, со години да стојат недовршени и никој за нив да не се грижи. Таков објект е Градскиот стадион во Скопје кој со овие средства кои сега се предлагаат треба да ја добие својата функција и својата комплетна физиономија.

Почитувани, на овој начин преку овие трансфери предложени до Министерството за транспорт и врски Владата на Република Македонија презема активности за значајни инфраструктурни вложувања во единиците на локалната

самоуправа со цел порамномерен регионален развој и решавање на проблемите со комуналната сфера во населените места, како и обезбедување на средства за изградба на станови на загрозеникатегории од населението.

Понатаму во Министерството за труд и социјална политика предложено е зголемување од 30 милиони денари трансфер до Агенцијата за вработување како подршка на активните мерки за вработување - семеен бизнис како дел од Проектот за самовработување. Многу успешен проект, почитувани. Во текот на оваа година, според моите информации, во максимален износ во денарска протвврeдност од 2,5 иљјади евра се распределени средства на околу 450 невработени лица кои на овој начин наоѓаат егзистенција и решавање на својот проблем.

Понатаму во Министерството за образование и наука се предложени дополнителни средства во износ од 46 милиони денари за исплата на извршно судско решение кое се влече 4-5 години, за еден објект претходно сопственост на Комерцијално-инвестициона банка во Куманово, а сега врши функции во областа на образованието.

Понатаму, 762 илјади денари во ова Министерство за изградба на биста пред Основноот училиште во село Шемшево, заборавив на кого е посветена таа биста и 100 милиони денари за напонска и компјутерска мрежа во основните училишта.

Во Агенцијата за млади и спорт е предложено зголемување од 10 милиони денари за учество на 40 врвни спортисти на Олимписките игри во 2008 година во Пекинг за петквалификационите активности.

На крај, во Министерството за култура или носител од областа на културата е предложено зголемување од 100 милиони денари наменети за споменици на мостот Обединети нации и на други локации во главниот град на Република Македонија.

Почитувани пратеници, уште еднаш да истакнам дека вашата поддршка за реализација на оваа одлука ќе биде соодветен придонес кон креализација на предложените проекти и активности и позитивните ефекти кои се очекуваат од тие активности. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине министре.

За реплика е пријавен господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Мојата реплика се состои во едно барање до министерот да ни дообјасни една работа што, според мене, е битна.

На самиот почеток кажа дека одредени буџетски корисници, не навлегувам во причините иако според мене основната причина е заради недобро планирање и неснаоѓање на тие раководители кои ги раководат тие институции за да ги реализираат расходите на Буџетот, но сега е интересна една друга работа.

Повторно со одлуката пренаменуваме средства господине министре во буџетски корисници, еве ќе го земам на пример Министерството кое ќе гради споменици на мостот на Обединетите нации, па имате за напонската мрежа по училиштата. Но да не одземам време, сите тие се буџетски корисници. Тие немаат време да објават тендер.

Прашувам, каде ќе ги префрлите овие пари? Затоа што со 31 декември треба да ги реализираат. Ме интересира патот за кој ги пренаменувате парите односно на чии сметки ќе ги префрлите. Затоа што Агенцијата за млади и спорт е буџетски корисник, Министерството е буџетски корисник. Сега да не наредувам други работи.

Уште една работа би ве замолил да дообјасните. Зборувајќи на Комисијата за економски прашања по однос на прашањето за средствата на Собранието на Република Македонија одземени и пренаменети изјавивте дека Собранието не може да ги потроши парите, ќе му ги земете, а од друга страна дефинитивно по налог од Министерството за финансии иако е завршен тендерот за компјутеризација на Собранието вие му ги повлекувате парите при евентуална жалба, а сега истовремено на буџетски организации префрлувате финансиски средства или тука се крие нешто друго дека тие буџетски организации директно ќе ги префрлат некаде без објавени тендери. Би замолил тоа да го објасните.

На крајот околу индустриските зони кои ги напоменувате дека парите не биле потрошени, па бил проблем. Господине министер два пати имавте амандман при донесување на Буџетот и за ребалансот на Буџетот за зоната во Битола кој јас го поднесов, тогаш вие велевте дека нема потреба за таму пари, а друго е прашањето зошто Владата не сака да ја направи индустриско-технолошка зона, туку наместо зона ќе прави индустриски реон. Тоа ќе го зборуваме кога ќе дојде Буџетот.

Молам, до колку сакате, на овие прашања да одговорите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министре, бидејќи има повеќе прашања, а на располагање имате една минута за контрра реплика, можете да се одлучите и понатаму во текот на расправата да одговорите.

**Трајко Славески:** Не, ќе биде доволна една минута. Благодарам за прашањата, сосема се на место, сосема се легитимни и оправдани.

За Министерството за култура станува збор за трансфер до единиците на локална самоуправа каде се предвидени таков вид на проекти затоа што реализација на тој тип на проекти кои треба да се обезбедат со овие средства е во надлежност на единиците на локалната самоуправа. Ја спомнав и Агенцијата за млади и спорт, средствата ќе бидат трансферирани до

Македонскиот олимписки комитет или во чија надлежност е подготовката на македонските спортисти за учество на Олимписките игри.

Случајот со индустриската зона во Битола и покрај напорите на Владата тогаш да се обезбедат средства сега се оценило дека во овој момент можат да се обезбедат тие средства затоа сега се предлага тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Господине Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, господин Славески, колешки и колеги пратеници,

Денес започнуваме со или на дневен ред имаме една одлука која што е веројатно после Законот за јавни набавки најпотенцијалниот материјал за корупција во Република Македонија. И, без разлилка што министерот Славески рече дека оваа Одлука на Владата што треба да ја донесе Собранието, се надевам дека Собранието нема да влезе во таква авантура да и дозволи на Владата за 11 дена да потроши 45 милиони евра. Бидејќи како што и до сега Владата го обвинуваше Собранието дека тоа е виновно за закони кои паѓаат на Уставен суд, не би ме зачудело дека сите овие активности што ќе се направат во следните 11 дена, каде што некој ќе потроши 45 милиони евра, повторно некој ќе се дрзне од Владата да го обвини Собранието.

Денес, реков, треба да дискутираме како Владата сака да раскрчми 45 милиони евра. Нормално, сето ова во функција на подготовка на новата улога на Државниот ревизор кој што треба и да го заштити. Оваа одлука, дебатиравме, според нас е Прво незаконска, но тоа можеби е најмалииот проблем на оваа одлука. Според нас членот 33 став 5 од Законот за буџети зборува за плус минус 15% промени во одредени ставки што можат да се направат. Минситерот јасно кажа зошто не предлага ребаланс, затоа што немало време 20 дена да седи ова во Собраннието. Тоа е доказ како требаше да се направи сето ова. Значи, покрај незаконитоста на оваа одлука, оваа Предлог одлука денес е доказ дека Владата на Груевски нема приоритети, дека е неспособна да располага со буџетските средства и продолжува да ги крие парите за владините кампањи. Денес имаме одлука која е список на желби искажани од прес конференции на премиерот Груевски, кој што требаше да се анализира со Буџетот во 2007 ама не успеа да ги реализира. Оваа одлука денес треба да ги забошоти и да ги прикрие сите нереализирани ветувања што премиерот Груевски ги давал во разни прилики оваа година. Затоа, кога ќе го прочитаме подетално образложението, ќе видиме дека е конфузно, ќе видиме дека е промашено и дека не одговара на ставките што се приложени во предлог Одлуката.

Министерот во своето воведно излагање кажа дека не е лесно следењето кај сите буџетски корисници. Е, не е лесно, одговорна е работата на еден министер. Но, крајно неодговорно е одредени министри да имаат реализација на капиталните инвестиции помалку од 10%, без разлика што Владата, ако се сеќавате во минатиот ребаланс ги намали капиталните инвестиции, само за да го зголеми процентот на реализација на одредени неспособни министри. Не може да се прикрие фактот дека оваа Влада е Влада која што не знае да ги менаџира буџетските пари, парите дадени од граѓаните на Република Македонија преку давачки. Единствено парите знае да ги употреби во скапи, непродуктивни кампањи, кои што до вчера беа 20 а од денес гледаме дека и Секретаријатот за Европски прашања започнува една нова кампања односно 21-та кампања по ред на Владата на Република Македонија.

Прво, би сакал да кажам, а и кажав, дека за нас е спорна законитоста за 15%, но за нас уште една работа е спорна. Во една од одлуките овие денови на Министрството за финансии без знаење на факултетите, без потпис на деканите кои се потписници на сметката на факултетите, Минситерството за финансии повлекло пари од факултетските сметки. Апсолутно незаконски башка со проблемите што ќе настанат после или во овој момент што веќе настанаа за што ќе зборувам малку подоцна.

Да изразам разочарување за тоа што оваа одлука паѓа во вода сите оние ветувања, што и од министерот за финансии сме ги добивале овде и од парламентарното мнозинство. Ќе наведам еден пример. 15 месеци слушаме колку тоа Владата одвоила проценти за правичнат и соодветна застапеност.Веројатно, очекувам пратениците, посебно ДПА, кои често знаат да реплицираат за тоа колку пари оваа Влада дала за тоа. Како ќе го коментираат фактот дека со Предлог одлуката во ставката за соодветна и правична застапеност се симнуваат 25.729.000,00 денари, 8 милиони за придонеси и уште за плати. Како тогаш ќе зборуваме за најголемиот процент што оваа Влада го дала за соодветната и правичната застапеност. Ако помине оваа Предлог одлука, ќе донесеме една таква пракса во Република Македонија, Владата кога ќе го предложи Буџетот, тој да биде еден, ама со серијата на ребаланси и на крајот ќе стане сосема друг. И, кога ќе предложиме буџет како за 2008 година, тогаш ќе се фалиме, еве видете 10% имаме за соодветна и правична застапеност, па ние рамковен договор, ќе се удираат не потписниците на Рамковниот договор, демек тие се гарант на Охридскиот рамковен договор, ама до крајот на годината со три ребаланси само парче по парче ќе им ги одземаат парите или ќе се фалат дека ќе прават ова, ама со серијата на ребалансите, полека ќе ги земаат парите. Ќе зборувам за сите оние кампањи што се сликаше Владата и што се фалеше, а овде што ги одземаат парите.

Она за што најмногу сум разочаран се парите што се одземени од Собранието на Република Македонија, што сме излажани сите. Да ве потсетам, парламентарното мнозинство еднаш собра храброст да гласа за компјутрската опрема

на Собранието. Значи, не за потребите на една или на друга група, за компјутерската мрежа на Собранието што треба да остане во функција за некои следни пратеници. На донесена одлука само се чека  потписот на генералноит секртар, кој е нестанат во акција, го нема 20-тина дена во Вашингтон и сега секој во Собранието се плаши да ја потпише таа одлука. Министерот за финансии ги одзема тие пари за кои што сите ние тука гласавме. И, ние сега треба тоа да го аминуваме, па тоа ќе стане пркакса. ќе предложат пратениците амандман, ќе го изгласаат на буџетот, ќе отидеме со отворени лица во Европската комисија и ќе речеме ние пратениците собравме сила, гласавме нешто против Владата, гласавме за зголемување на капацитетот на Собрание што е барање на Европската комисија, ама после со вакви предлог одлуки, со три ребаланси Владата ќе си ги земе тие пари.

Апелирам до пратениците да не дозволат вакво понижување. Амандман што сме го изгласале самите за потребите на Собранието, не за нас, за амандман, за тендер што е реализиран до потпис од генералниот секретар, некој ги зема тие пари. Затоа генералниот секретар ако е нестанат во Вашингтон по озборувањето овде во Собранието, нека земе храброст некој нека ја потпише таа одлука, за да може да се реализира нешто што сме гласале сите прв пат единствено во овој мандат.

Второто посериозно разочарување е одземените средства од патот кон НАТО. Македонија со сите сили се обидува да покаже капацитет дека е земја спремна, кадарна за да добие покана за членство во НАТО на самитот во Букурешт. Во услови кога политичките критериуми каскаат, единствени на кои што се потпираме како држава се нашите припадници на Армијата на Република Македонија, кои што со наши одлуки ги испраќаме во мисиите меѓународни, им го зголемуваме бројот да пајпасираме некои политички одлуки што тука ни доцнат. Наместо нив да ги наградиме, Владата се решава да одземе 617  милиони 706 илјади денари, повторувам. 617.706.000,00 од Армијата на Република Македонија. Војниците се гладни, тие не се добро обучени, ама кога ни требаат заради политичката неспособност на некој да се реши, на пример, да го изгласа последниот човек во Судскиот човек, кога ни треба да го дуплираме и да ги пратиме во коалициските сили во Ирак, тогаш ни се добри. Но, кога треба да им овозможиме услови, ние им одзимаме 617.706.000,00 денари. Без разлика што министерот Лазар Еленоски вети кога беше последното испраќање на сили дека ќе дојде тука и да дискутира за Предлог одлуката за буџетот, за жал, денес го нема овде да каже како тој како министер за одбрана прифаќа намалување од 617 млиони денари во Армијата на Република Македонија. Па, нека си ги земе од кај него, од Министерството за одбрана, од неспособните луѓе што се во Министерството за одбрана, од неговите блиски роднини, па нека ги даде во одбраната. Тоа е доблесен министер во овој момент. Нека ги тргне договорните услуги од Министерството за одбрана, каде што половина НСДП се вработиле, туку да ги даде во Армијата, која сакаме да не брани и да ја пртставува Република Македонија и тоа го прави одлично, по сите информации, по сите оценки од НАТО стнандардите го прави одлично, префектно и некој треба да се погрижи за нив.

Интеграцијата во НАТО дека е во втор план на оваа Влада кажува и милион денари одземени од ставката во Министерството за внатрешни работи, Интеграција во НАТО. За жал, Владата со Министерството за внатрешни работи си поигрува и во делот на граничната полиција, каде што одзема 10 милиони денари. Наместо во предвечерието на признавањето на статусот на Косово, наместо во сето она што го имавме како искуство, за жал и од двата трагични настани во Ваксинце, посебно оној во Танушевци да го доекипираме тој дел, да го доопремиме тој дел, да не дозволиме импровизации дали ќе носат панцери или не, возилата со кои што ќе патролираат да ги промениме. Во делот на гранична полиција Владата одзема 10 милиони денари. Инаку, овие одлуки и во однос на промоцијата и во однос на меѓународниот углед, исто Владата минатиот пат не убедуваше дали знаете колку пари одвојуваме за нашето претставување во обединетите нации. Е, господо, на господинот Керим 7 милиони денари му се одземаат во тоа наши добро или желба за добро претставување во Обединетите нации.

Ќе донесеме одлука и ова ќе стане пракса. Ќе донесеме одлука, ќе застане Владата, ќе се испослика на заедничка слика, ние даваме толку пари за Керим, ние даваме толку пари за Обединети нации и после, оп, со Предлог одлука отидоа парите. Оваа Предлог одлука ја потврдува, пред се, неспособноста на министерот за економија, кој што само за ова треба да си оди. Ако ја погледнете Предлог одлуката од Министерството за економија се одземени 43 ставки односно толку има министерот за економија. Јас реков, министерот за економија не е одговорен за ништо. Сега, кој е личниот мотив на министерот да седи во таа фотелја. Даде лиценца на својата фирма, даде лиценца за стечаен управник на синот, има уште некој да заврши, па после да си отиде? Кое е тоа достоинство на еден министер на кого сите ставки ке му ги одземат, ке му ги намалат и после тој ке седи уште министер. Кој е тој идеал, не го разбирам, која е таа лична потреба на министерот за опстане на една функција, кога сите пари му се одземаат. Тоа е такво понижување, 43 ставки сите пари од овие ставки се одземаат.

Она што дополнително остава проблем, либерализација на пазарот на енергетика. Три милиони  за Агенција за енергетика,  6 милиони и да не набројувам колку многу пари се одвојуваат од Министерството за економија. Има ли подобар доказ дека министерот треба да си оди од ова. Или, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство рекордер 46 ставки. Значи,

Владата која се движи за земјоделството, Владата која сака да се слика во Скопје, не гледа што се случува во Валандово и дека штрајкуваат земјоделците. Не гледа што се случува во Прилеп, па министерот за земјоделство вели, апелираме да ви дадат повисоки цени, откупни цени. Ти што си направил како министер. Кој е тој министер што опстојува а седи на својата позиција каде што 46 ставки му намалуваат и нормално има една цел. Да се дозваврши, Силекс да си го дозаврши целиот тој бизнис што го има добиено со сите тие одлуки на Министерството за земјоделство. И, тоаш можеби ќе рече добро, ќе се повлечеме. Но, ова е и доказ за односот на ВМРО ДПМНЕ во рамки на Владата на коалиционите партнери. Погледнете ги ставките каде што најмногу се одземаат пари, или се социјалисти или се од НСДП. За тоа што во следниот Буџет и како се распределени парите по Министерства во однос на позицијата што се држи, за тоа господинот Оливер Спасовски ќе зборува, кога ќе зборуваме за Буџетот за 2008 година. Но, еве, ви апелирам, знам дека е голем документ и тешко парламентарното мнозинство ќе се реши, погледнете ги министерствата по договорни услуги на коалиционите партнери и споредете ги со ВМРО ДПМНЕ. Која е целта, која е цената да се опстои во Владата, тоа најдобро си го знаат претседателите на тие партии. Или уште еден доказ и уште еднаш да се вратам кај економијата. Сите овие пари што се одзедоа од Министерството за економија, зошто не се дадеа во Стратегијата за туризам, за која што сега слушаме немало пари. Еве, нека направат нешто што вреди. Земете ги тие пари и ставете ги во туризмот. Ајде да работиме нешто што е приоритет на сите.

Има уште еден амандман, за кој што веројатно господинот Марјан Николов ќе зборува. Дали се сеќавате со аплауз како беше изгласан, поддржано излгасувањето на амандманот за санација на слечиштата. Министерот го одби амандманот на Марјан Николов од Велес, бидејќи тој е од СДСМ. И парите за Рамнина во Велес, ако се по предлог од СДСМ, нема да се направи Рамината или слечиштето. На Илија Димовски и на Горан Петров се изгласа. И имаше аплауз. Еве, ви ги парите ги одземаат. Ама за тоа нема дебата. Ниту Горан Петров го гледам, ниту Илија Димоски го гледам тука. Важно да се напѓа опозицијата, ама за свој сопствен амандман што се гласаше, ќе молчиме и ќе го аминуваме тоа?

Во однос на другите од Министерството за транспорт и врски средства што се одземаат, да го изнесам разочарувањето што Миле Јанакиевски како човек од Прилеп ги одзема парите за Водостопанство Прилеп, ама не го гледам ни Оливер Перковски тука и Катерина Дамевска да се побунат, затоа што од водоснабдувањето во Приле Владата одзема 9 милиони и 300 илјади денари. 9 милиони и 300 илјади денари и после Миле Јанакиевски се чуди зошто во Прилеп не може ни кафе да се напие. Па, нормално си им ветил на луѓето, а си им ги одземал парите.

Или да изразам разочарување што еден голем концепт, што многу години овде градоначалникот сегашен на Св.Николе се бореше, тоа е водоснабдувањето во Св.Николе, кој што исто така со амандман од пратениците помина се одземаат парите и за водоснабдувањето во Св.Николе, а она што ќе зборувам после како пратеник од изборната единица 6, се одземаат парите и од водоснабдувањето во Тетово. Парите од ТЕЛЕКОМОТ за кои што настана еден проблем многу години, кој што го туркаат и ДПА и ДУИ во исто време не знам од кои причини Владата се реши како капитални дотации до единиците на локална самоуправа да одземе 56 милиони денари од водоснабдувањето во Тетово и во Велес.

За лажните реклами на е-Македонија најдобар доказ е одлуката. Реков, информатичката поддршка во Собранието се одзема од разделот за информатичка поддршка на Владата 5,5 милиони денари се одземаат со одлука на Владата. Наместо да ги поттикнуваме и тоа со бројки да го направиме сме за тоа - да, ајде да дадеме повеќе пари во информатичка поддршка на Владата, Владата се откажува од 5,5 милиони денари кои што можат многу да донесат во овој момент.

Она што е посебн индикативно е практично трагикомично, е фактот што на пример Владата во ставката економска промоција, Д-4 програмата од плати одзема 11.100 илјади денари, значи од плати одзема 11.100 илјади денари, а додава во истата таа ставка договорни услуги во економска промоција 12 милиони денари. Нормално се потврдува фактот не била некоја ќерка вработена, била под договор на дело. Па била, затоа место плати 11 милиони ставаме 12 милиони за договорни услуги. Како тоа тие 12 милиони денари за договорни услуги до 26 декември ќе ги потрошиме. Кого ќе плаќаме? На ќерките Демировски отпремнина ќе им даваме? Бил превид. Па, Виктор Мизо што гледа таму. После кога ќе земе некој мито ќе рече превид било, ми даде тој, не знам, превид било, мислам дека е друго а тоа биле евра. Мислам дека се хартиите за деца како 12 милиони денари за договорни услуги некој до 27 декември ќе ги распредели за економска промоција. На кој промотор ќе дава Владата. Ајде на ќерки дале земале, другите ли сега ќе ги појачуваме. На кој ќе даваме. Каде ќе ги потрошиме тие пари 2.200 илјади евра. Каде ќе ги распределиме? Тие одговори нас ни требаат овде, не ветувањата на премиерот кои што ги знаеме затоа што ги пишува и во образложението а и главата тупан ни се направи од ветувањата на премиерот а ништо не видовме. На 1 септември 100 илјади компјутери. Може, 2020 година. Уште патуваат од Кина со брод, во континер биле, па промашил, не свртел кај Јадранско Море, отишол во Панама и ги чекаме ќе дојдат. И, доаѓаме до најтрагичното. Тоа е потврда и во Буџетот за 2008 година. ЗНачи, устата исто нас ни е полна како за

правичната застапеност, а не е, за НАТО, а нее за децентрализацијата. Од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја се одземаат дотации до единиците на локална самоуправа во вредност до 20 милиони денари. А, со новиот Буџет законската основа за 1% од бруто домашниот производ со рамномерниот регионален развој од 3,5 милијарди денари тоа никаде го нема. Нормално Владата за децентрализација топ, ама во пракса да се реализира нешто го нема. И што прави Владата кога ги дели парите? Само на Скопје и Битола, демек тие само беа градоначалници на ВМРО-ДПМНЕ, Скопје и Битола. Дајте во Аеродром нешто, ќе купува бонбончиња Тодоровски, рипчиња ќе си јаде, или Ѓорѓе Арсов - динамитот, само чекаме уште некој да дигне зграда. Ама, во меѓувреме ги реализира сите бидејќи во објектите што беа нелегални од една страна легални бидејќи се вселуваат фирми кои што се малку поблиски до премиерот од другите.

Образложението е посебна приказна. Во образложението пишува, значи министерот во воведното излагање кажа “рационално користење, интервентно, за дополнителна намена”. Или, во образложението пишува “реализација на започнати проекти и активности на Владата на Република Македонија кои реално..”, го повлекувам зборот “реално” може да се реализираат до крајот на годината.

Новите проекти овде не се споменати. Тоа е третата незаконска работа што е во оваа одлука. Значи, реално можат да се реализираат до крајот на годината. Да видиме што реално Владата планира да изгради до крајот на оваа година.

Северната трибина. Супермен ќе ја гради? Кој е ја гради? Како тоа, денес ќе ја изгласаме одлуката, работна акција ќе организираме цела Македонија, ќе викнеме не знам од каде ќе донесе премиерот свои поддржувачи од некаде и ќе ја изгради северната трибина. Па, кого го лажеме. На кој проект, на кого ќе му дадете само за проект толку многу пари. Јас знам дека сака ВМРО-ДПМНЕ да го спаси Трифун Костовски, кој што беше негов кандидат. Заедно и Славески и Груевски и Костовски се гушкаа во Дал Мет Фу, ама сега , да не бидам погрешно сфатен, се извинувам, од радост кога пееја, ама тоа не значи дека сега некој треба да го части градот за северна трибина која реално ќе се рализира до крајот на годината.

Ајде да видиме друго што реално ќе се изгради до крајот на оваа година.

Изградба на станови. Браво. Локација Миле ќе даде без проблем и без пари за тоа. Целиот плоштад го даде на една фирма, не знам дали знаете, еден човек има четири хотели околу Плоштадот, ама вие сте тука за да гласате, тоа не ве интересира, други ќе се прават милионери. И ќе даде локација за хотел и на 31 таму ќе слави Нова Година. Во ред, супер. Колку дена им? Имаме 17 дена и Ивица Боцевски ќе ги поздрави граѓаните на Нова Година од тој стан што ќе го изградат до 31 декември 2007 година. Па не се пратениците, да не употребам некој тежок збор, да аминуваат вакво нешто. Каде им ги одземаат парите за сопствените потреби за Собранието, сега милионери ќе правиме некои градежни фирми, па во зависност од тоа како го никотира некој од Владата ќе го тераме Маврово-Инжинеринг ама ако малку задира кај премиерот ќе му ги одземеме акциите, ќе му ја уништуваме фирмата.

Спортската сала, во Змејко имам поверење може да ја доврши.

Градоначалникот, јас имам почит навистина кон луѓето што вложиле во ВМРО-ДПМНЕ. Проблем е што луѓе што немаат стаж во ВМРО-ДПМНЕ стануваат генерални секретари. Тоа е проблемот. Инаку луѓето од 90-тите години што биле во ВМРО-ДПМНЕ и што се тепале тоа се луѓе за респект, биле апсолутно херои, биле предвесници на нешто што било тешко во тој период. Тоа е проблемот. Во политичка смисла. Вие веднаш да се тепате од ДУИ.

(Пратениците од ДУИ дофрлуваат од место).

Градоначалникот Костовски на телевизија кажа сакам да изградам во Инџиково водовод. Оп, Владата вели еве парички. Веднаш, за Инџиково. Ама, тоа е нова програма. Таа мора само со ребаланс. Кој ни е добар исто, во Бутел градоначалникот оп и на него и сега градоначалникот вели ќе ја гради во Инџиково тој, ама министерот за финансии вели денеска пари ќе му дадеме на Коце Трајановски, бидејќи и тој е од ВМРО-ДПМНЕ и сега да не излезе две фекални канализации да се плаќаат, една да правиме од една страна градоначалникот, од друга страна Коце Трајановски, од трета страна Владата и после што ќе правиме дела во Гази Баба ќе се создаде. Делта е реката.

Административната зград во Прилеп, бидејќи ги одзема парите за водоводот Миле Јанакиевски вели јас сум подобар за градење, до 31 декември ќе направам административна зграда во Прилеп. Ајде да го видиме и тоа чудо. Ама сите од ВМРО-ДПМНЕ бегаат затоа што тутунарите таму ќе ги прашаат што правиме со откупната цена. Јас не знам каде ќе најдат луѓе што ќе дојдат да ја пуштат на 31 декември административната зграда затоа што ќе треба да им одговорат на тутунарите зошто немаат повисоки откупни цени, онака како што им ветуваа.

Споменици можеби ќе се направат од ОН, можеби некој ги прави во слободно време, кој пишува магистратура, кој од Владата можеби си прави споменици.

Или двете цркви во Битола. На едното место има дупка, другото овие од Битола не можат да го најдат каде е, на 31 декември има време ќе се изгради и тоа нема проблем. Само дали ќе стигнат сите механизации од овие не супермени, треба и спајдермени и сите да ги викнеме за да ги завршат овие проекти Владата што ги замислила да ги троши. 45 милиони евра за 11 дена Владата мисли каде да ги потроши.

Посебно, не трагикомично, незаконски, не знам како да кажам, ваучерите за компјутерите. Па, нели Собранието кога доби Закон од Владата, Владата вели за овој закон се обезбедени финансиски средства, инаку претседателот на Собранието не треба да ја стави точката на дневен ред. Го изгласавме, ама гледаме дека сме изгласале закон за кој што немало пари. Сега Владата вели ми требаат пари за ваучерите, ама сега им даваат пари, ама компјутерите во март ќе стигнат. Битно е сега парите да протечат, за компјутерите има време. И така се за 200 евра со една минимална конфигурација од 83, до март ќе падне тоа на 80-та година компјутерска конфигурација. Доказ, дека прво незаконски сме гласале нешто, значи на необезбедени средства и

Второ, не знам од која ставка тие ќе влезат бидејќи во високото образование воопшто нема ставка во Министерството за образование. Веројатно најпопуларната ставка на министерот - функции на државата, ваучери, кампањи, ваучери кампањи, злоупотреба.

Средства за КИБ Куманово, тоа е исто една дилема зошто се отвора.

Набавката на автобусите. Веројатно постручни луѓе имаме тука што ќе кажат дека автобус заради технологијата, заради цената на чинење не започнува да се прави ако некој не плати 100% аванс. Технологијата е скапа. Изработката е скапа. И сега ние на градот ќе му дадеме пари за автобуси, исто како што на 31 декември 2007 година очекувам бесплатно да ги возат луѓето низ градот на дочек на Нова Година во станот што ќе го изгради Владата до 31 декември на некои локации во Скопје. Ама сега градот вели не ние наши пари уште други ќе дадеме, не сме задоволни, наши пари ќе дадеме. Една општа папазјанија и немање на приоритет во оваа држава на 4-ти на 5-ти ребаланс, да ве потсетам зборуваме за трет ребаланс, нема подобар доказ за неспособноста на трошењето на буџетските средства во една држава.

И нормално како заслуга за сето она што се прави Владата се решава да даде 10 милиони евра за набавка на опрема, возила на Министерството за внатрешни работи, за јавна безбедност. Значи, исто некој за 11 дена, самиот тој треба да потроши 10 милиони евра. Нормално, бидејќи Министерството за внатрешни работи од безбедносен аспект, тука не треба тендер и после ќе се чудиме што ќе се случи. Реков други нелогичности во образложението бидејќи е пишувано набрзина. Мислам дека сите станавме сведоци на тоа. Премиерот врз база на дневното мерење на рејтинг дава некоја изјава. Министрите секој ден од 17,30 до 19,30-20 часот ги гледаат вестите да видат што кажал и ако премиерот ветил ваучери во 22,15 ќе добиеме закон за ваучери. Ако премиерот вети поголеми пензии набрзина Мешков ќе напише нешто, ама трапаво и ќе ни го даде навечер ајде со амандман. До сега се што ветил премиерот набрзина па тука го пишува и затоа имаме една ваква реченица која не можам да ја разберам. “Исто така се обезбедуваат средства и за напонска и компјутерска мрежа во основните училишта како трансфер на Јавното претпријатие радиодифузија”. Јавното претпријатие за радиодифузија не ја инсталира напонската и компјутерската мрежа. Не знам дека има таков биолапноз и дека знаат тоа да го направат.

Или набавка и инсталирање на дисплеите во судовите. Ама не гледам трансфер во одлуката кон судската власт кон Министерството за правда затоа што јас претпоставувам дека тие се носители на тоа. На пример од судската власт ние одземаме за градежни објекти милион денари, од Академијата за обука за плати милион и 400, 500 илјади денари за купување на мебел, опрема, возила, ама дисплеите во судовите ќе ги прави некој друг од некоја друга ставка. Мислам дека е тоа нелогично и дека или трансферот треба да биде до Министерството за правда или до судската власт. Треба да видиме кој бил носител на тие активности.

За Министерството за образование споменав.

Според она што е толкување на пратениците министерот за финансии незаконски одзема од факултетите околу 17 милиони денари. 3,8 милиони денари од Природноматематички факултет, 2,833 милиони денари од Електротехнички факултет и да не ги редам сите тука, без да знаат деканите. На сметка имаат пари и одеднаш некој ги исмукува и немаат пари. Сега што се случува на Електротехничкиот факултет. Меѓу проектите то се финансираат од Владата на Република Македонија не се домашни проекти, тие се меѓународни проекти. Се финансираат 50:50% од Владата на Република Македонија, 50% од странците. Сега доаѓаат странски научници на факултет паричка нема. Треба да им се објасни нив зошто тендерот што е во тек не може да се дореализира, каде ни е опремата, што правите. Значи, апсолутно една одлука која што реков прво е незаконска и второ доказ дека Владата сама прави скапи реклами и се извика а во пракса не го прави тоа. Владата може да држи колку сака кампањи да води за знаењето, се гледа во бројките. Од научноистрачувачката дејност се одземаат парите.

Друга рбота е зошто деканите си молчат. Тоа нека им служи на нивната чест, кој е и нивниот капацитет, и универзитетот. Има држави каде што универзитетите се најгласни во демократската борба. Има универзитети што ќе се сликаат со премиерот на кампањите а реалните проблеми остануваат. Затоа посебно сум загрижен за упадот во автономијата на факултетите и во одземањето на средства што припаѓаат на факултетите.

Во образложението има две ставки кои министерот не ги образлози, се надевам дека ќе ги образложи. Едната е покривање на доспенаи обврски во културата, сврзани со верската конференција и тоа се договрни услуги во една посериозна вредност од 10 милиони денари и

патни и дневни расходи од 12 милиони денари. На кого ќе се дадат тие пари. Тоа ние како Парламент треба да го знаеме, зошто некој правел верска конференција, немал обезбедени средства, па сега му текнало да подзакрпи нешто, или да почасти нешто. Или со Охридското лето. Очигледно не било добро планирањето.

На крајот да изразам разочарување, како пратеник од изборната единица 6. Јас знам дека изборната единица 6 е заборавена.

Во 2006 година, во ноември, на првиот ребаланс што тогаш министерот Славески го донесе овде, зборува дека Владата мора да ја промени ригитната политика која ја има кон СИМАК, дека македонците опстојуваат на тој простор затоа што работат во СИМАК и дека има некои работи што мора да ги познаваме за да го познаваме теренот. 750 вработени македонци и албанци опстојуваат на тој простор само како вработени во СИЛМАК, но има комитенти, коопераНти кои носта храна, кои носат некои помошни делови. Таа област живее од тој комбинат. Апсолутно, ригидната политика што се води веќе година дена и со последната најсмешна изјава на премиерот "повеќе ми се исплати во МЕПСО да ги вработам", демек МЕПСО е на премиерот па можа да прави што сака. Штом не си стави прст на глава и да каже зошто мојот ментор си даде оставка, зошто не може да се справи со директорот на МЕПСО, тој ни дава едни такви изјави. Тоа е идеата 750 луѓе од Јагуновце, да ги донесеме во Скопје? Тоа е рагионален развој? Или водоснабдувањето во Тетово, што се крадат парите и за жал, 22 милиони што се одземаат од изградба на библиотеката во Тетово. Тоа е. Тетово, за жал, го има хендикепот, бидејќи Владата мисли, бидејќи градоначалникот е од ДУИ, да му ги одземеме сите пари па да го направиме неуспешен. Не е така. Јас како пратеник од изборната единица 6, без разлика што ДПА овде се фалеше, господине, било кој пратеник, имам стенографските белешки колку ја фалефте Владата и Груевски дека дава пари за библиотеката во Тетово. Како сега ќе им објасните дека Владата сега одзема 22.341.000 од библиотеката во Тетово. Како тоа ќе им го објасните на гласачите. Не ви е за се виновен ДУИ или СДСМ. Владата ги одзема овие пари. Владата одзема пари од водоводот во Свети Николе. Владата ги одзема парите од водоводот во Прилеп. Се ли е СДСМ крив. Владата одзема 670 милиони од АРМ и ги дава 12 милиони денари во договорни услуги за економска промоција. Каде го има тоа. Така ли се трошат пари. 44.926.378 или 45 милиони евра Владата ќе се реши, се решава или ви предлага вас, одземајќи ги парите што вие сте ги гласале како амандмани, во Велес, Свети Николе, за собраниската компјутерска мрежа, да ги даде на некој друг непознат кој не може реално да ја заврши работата, ќе ги даде на скици не на проекти и нормално после ќе се чудиме зошто не ни одат работите и зошто истите стагнираат на економски план. Затоа реков, незаконскиот дел не е најмала работа, но еве да го тргнеме на страна. Главен проблем за СДСМ е некој што од стратешки приоритети на Република Македонија одзема пари и дава во непродуктивни трошоци, за договорни услуги и 45 милиони евра некој планира да потроши за 11 дена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави министерот за финансии господинот Славески, повелете.

Кога сме кај репликите да кажам дека за реплики се јавиле уште Ружди Матоши, Панче Дамески, Александар Николовски, Илија Китановски, Слободан Најдовски и Тито Петковски.

Повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Навистина имавме, не само инспиративен говор, тоа навистина го мислам, туку и предизвикувачки.

Јас сум еден од луѓето кои сакаат да бидат предизвикани.

На сите прашања што ги постави, така стилизирано, господинот Макрадули, може да се даде одговор, но во интерес на времето јас ќе одговорам на едно од нив и истиот начин на одговор важи за сите поставени прашања. Тоа е Собранието на Република Македонија.

Ставката 483 гласи - во буџетското книговодство за набавка на мебел, опрема, возила и машини. Ние не можеме да ја промениме. Треба многу закони да се сменат. Така е од кога знаеме за Буџетот.

Со Буџетот за 2007 годнина и двата ребаланси, сме стигнале до 45 милиони денари средства на оваа ставка за Собрание на Република Македонија. Знаеме дека тоа се овозможи од Владата и со изгласување на пратениците на амандмани, било при носење на Буџетот, било ребаланси.

До моментот, од тие 45 милиони денари потрошени се 1,5 милиони денари.

Двете најголеми ставки беа за следново: набавка на компјутерска опрема, тоа што било проект на самото Собрание, проект кој е во тек и надградба, со изведување на градежни работи, на собраниската зграда.

Овие средства од 22 милиони денари што се одземаат е затоа што нема да се потрошат. Ние во комуникација со собраниските служби и со претседателот на Собранието знаеме дека во текот на цела година се работела на проекти за надградбата на собраниската зграда. Додека јас тука сакам најкатегорично да демантирам дека се одземаат средства за набавка на опрема. Тие средства, 22 милиони се на ставката 483, на Собранието на Република Македонија. Значи овој одговор важи за сите поставени прашања од господинот Макрадули.

Само да спомнам дека Владата на Република Македонија, Министерството за финансии ветува дека ниту еден буџетски корисник до 26 декември кога се затвора трезорската сметка, нема да се доведе до ситуација да има барем еден денар долг итн, кој треба да го плати, а не може да го

плати. Тоа особено се однесува на високообразовните институции, што тука беа наведени од страна на Макрадули со кој ние секојдневно комуницираме и тие проекти ќе се реализиараат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министер.

Повелете господине Макрадули, имате една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Информациите во Собранието кажуваат дека одлуката за компјутерската опрема чека само на потпис.

Второ, при проектот за надградба, собраниската комисија не ја додели првата награда, додели една втора и три трети, но во Деталниот урбанистички план, од необјасливи причини се промени за Собранието со една од третите награди, а не со втората награда и како СДСМ, да изразиме жалење што ВМРО-ДПМНЕ не ни го предложи радникот за претседател на Собранието, бидејќи тој до 26 декември знае и може да потроши 10 милиони евра, ама ние имаме претседател на Собрание што не може да потроши 1,5 милиони денари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, господине Матоши, три минути реплика.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Внимателно го слушав господинот Макрадули и со мојата реплика сакам да бидам комплетен.

Во однос на бибилиотеката во Тетово го уверувам господинот Макрадули дека Владата и ДПА направија се за да отпочне со работа за изградба на библиотеката во Тетово. Токму тие што злоупотребуаат и се некооперативни во оваа насока, беше општина Тетово со нејзините органи која на ниту еден начин не даде можност да се реализира овој проект.

Ние во однос на сопственоста на земјиштето каде треба да се изгради и ќе се изгради таа библиотека во Тетово, целата сопственост на тоа земјиште кај имотно правните институции е денационализирано. Значи тиа луѓе кои претендираат да бидат сопственици на тоа земјиште, не се сопственици, туку тука се забележува дека општината Тетово во овој сегмент злоупотребува и дава лажни дезинформации, не издавајќи ја дозволата за изградба на оваа библиотека.

Што се однесува до водоводот во Тетово, вие господине Макрадули, комуницирате со ДУИ.

Фирмата која ја доби работата за изградба на водоводот е фирма блиска до челниците на општина Тетово, а тој се вика Муарем Муареми и е од Шипковица и е човек кој е под влијание на една група луѓе кои исто така се блиски со челниците на општина Тетово. Тие изведоа само 90% од работите и имаа можност да ги потрошат сите средства за водоводот во Тетово. Но, тоа е ваша политика, заедно со вашите партнери што ги блокирате овие работи за што треба да се објасни на народот да се знаат сите елементи за водоводот во Тетово.

Во однос на правичната и соодветна застапеност, вие сте во континуитет на СРМ каде во 1990 година преминавте во СДСМ и до 1998 година имавте процент на Албанците од 1,2% во државната адиминстрација. Вие сте биле тие што не сте го обезбедиле доволниот број на албанците. Во 1998 година со доаѓањето на ДПА се менува сето тоа. Вие од 2002 до 2006 година сте на власт и ја вградивте тезата. Требаше 30 години да поминат за да се постигне правичната и соодветна застапеност. Значи вие сте тие луѓе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули една минута контра реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам за репликата.

Јас знам дека ДПА има хендикеп дека во Република Македонија бројот на градоначалници на ДУИ во однос на ДПА е 16:1 и дека може да бараат било какви изговори. Јас гледам што пишува во одлуката, а тоа е дека се одземаат пари за водоводот во Тетово, дека се одземаат пари за библиотеката во Тетово и дека се одземаат пари 25 милиони, за соодветна и правична застапеност, јас тоа го читам, плус за плати, плус 8 милиони за придонеси итн. Значи тие не ги реализирале. Тие ни се само памфлети за предгласачите, но за овие 26 милиони денари, биле наменети за правична застапеност, но не се реализирани или ги одземаат. Тоа сакам да го кажам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Најдовски повелете. Вие имавте реплика на излагањето на господин Макрадули.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика, согласно Деловникот, е повеќе објаснување. Имено, во своето излагање господинот Макрадули рече дека Груевски дава пари за Скопје и Битола па сакам тоа да го појаснам.

Точно е дека дава за Скопје, но точно е тоа дека кога Груевски е на власт Битола ја има избришано од се. Тоа ќе го поткрепам со факти. Сега парите што ги дава за зоната се врз база на интервјуто што господинот Ставрески го имаше на 4 ноемиври во Битола и рече дека се одобрени 1,7 милиони евра за зоната во Битола. Такви пари не беа предвидени во Буџетот. После мојата реакција и реакцијата на другите опозициони партии дека господинот Ставрески лаже, на 05.12. 2007 ги предвидува тие средства. Јас сум радосен што успеавме со таков притисок да придонесеме тие пари да се одобрат од зоната, а друго е прашањето што јас околу зоната имам друго размислување, но тоа ќе го зборуваме кога ќе дојде следниот Буџет.

Дека сум во право, кога е Груевски на власт, дека Битола е избришана од се, ќе ви кажам со податоци.

Кога беше министер за финансии господинот Груевски од 1999 до 2002 година по два основи се даваа пари за општините, од вишокот на приходи и за водовод и канализација. Во времето на Груевски, за тој период, на Битола и биле дадени само 1,9 милиони денари.

Владата на СДСМ и ЛДП од 2003 до 2006 година, дала 15.350.000 или 7 пати повеќе за водовод и канализации во Битола.

Од распределба на вишоцита на приходите над дозволеното ниво, во периодот кога Груевски беше министер за финансии во Владата на Република Македонија, на Битола му дал само 2,3 милиони денари.

Владата на СДСМ и ЛДП, без разлика што една година градоначалник беше човек од ВМРО, од Битола, кога ние бевме на власт, за периодот кога беше на власт, од вишокот на приходи му дала 22.564.000 денари или 10 пати повеќе. Што значи, општ е заклучокот дека кога е Груевски на власт за Битола нема пари.

И следната година, тоа ќе го зборуваме во Буџетот, има предвидено само еден проект за Битола. Тоа е реставрација на куќата на албанската азбука, од 14 милиони денари. Ништо друго. Затоа, моето појаснување е, повеќе не е реплика. Точно е дека за Скопје Груевски дава, нормално за да ги покрие сите недостатоци на неговиот кандидат господинот Трифун Костовски, но прв пат сега дава за Битола и тоа е само заради тоа што неговиот најдобар кадар, според него, господинот Ставрески, даде лажна изјава во Битола и сега мораше да го даде.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Макрадули имате 60 секунди контра реплика за да го побиете ставот на господинот Најдовски.

**Јани Макрадули:** Очигледно господинот Најдовски има повеќе податоци. Јас можеби бев непрецизен и ја цитирав изјавата на ЗЕЛС и на Аце Коцевски дека Владата се решава за Скопје и Битола, само да помогне во локалниот градски автобуски превоз. Можеби бев непрецизен. Значи, тоа е изјава на градоначалниците и на ЗЕЛС дека Владата се решава само автобускиот сообраќај да го стимулира во Скопје и во Битола, бидејќи другите поголемите градови се со градоначалници на СДСМ, очигледно нема пари за нив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Дамески, вашите три минути за реплика.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Би му реплицирал на пратеникот Макрадули во однос на дезинфорамциите или лагите што ги даде за Прилеп.

Околку водоснабдувањето за оваа тековна година од Министерството за транспорт и врски беа предвидени 30 милиони денари од кои реализирани беа 21 милион, значи остануваат 9 милиони кои не беа реализирани, а за информација и 2008 година се предвидени 30 милиони денари.

Би го запрашал господинот Макрадули, бидејќи некако слабо има памтење за изминатите години, колку за истата намена имаше предвидено средства во 2005 и 2006 година ако не знае јас ќе му кажам.

За 2005 и 2006 година, за истата намена, за време на вашата влада, за подобрување на водоснабдувањето на Прилеп, господине Макрадули имаше предвидено нула денари. Така што, не можам да ве разберам каков однос према Прилеп имавте, а сега критикувате што Владата доделила 30 милиони, а биле реализирани само 21 милион.

Во однос на административната зграда, исто така да ве информирам дека таа зграда веќе постои, значи нема да се гради, таа е доделена на локалната самоуправа и овде се работи за средства кои ќе се искористата за обновување и за реконструкција на административната зграда на локалната самоуправа.

А за тутунот подобро да не зборувате господине Макредули, бидејќи за разлика од вашите пратеници функционери кои бегаа од градот и сега е во Скопје за време на протестите на тутунарите, ние бевме постојано со нив, а и ден денес сме со нив. Вашите пратеници за жал и денес седат во Скопје. Ние секојдневно контактираме со тутунарите и ве уверуваме дека и оваа година откупот на тутунот ќе биде законски организиран и за разлика од вас кои во тутунската индустрија единствено ве биваше и бевте добри во организирањето на шверцот со цираги. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Макрадули, вашите 60 секунди за контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Како велат, “ако коза лаже рог не лаже”. Значи во одлуката од Владата - ја читавте господине Дамевски? - пишува дека за водоснабдување во Прилеп се одземаат 9.300.000 денари, така? И тоа значи за вас додаваат за водоснабдување, или јас лажам. Се слушате што зборувате?

А вие бевте тогаш со тутунарите, знаете зошто? Оти им ветувавте 60 денари, а сега 15 денари, додека законски е 30 денари но 15 денари земаат. И не ми кажувајте за водоснабдувањето во Прилеп. Па кој го потпиша договорот за водоснабдувањето? Градоначалникот на СДСМ заеднички со КФФ банката. На што ќе личеше Прилеп да не беше таа активност.

И да ве потсетам, ВМРО-ДПМНЕ од Прилеп дели летоци против вашиот градоначалник. Прашајте си каква ви е ситуацијата таму, ама очигледно ви фали нешто од информации. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Николоски, повелете со вашата реплика.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Во однос на дискусијата на колегата сакам неколку работи да кажам.

Прво, имаше обид јавноста да се доведе во заблуда по основ на две основи. Првиот основ е како ќе биле искористени средствата до 31 декември оваа година и јасно ни е на сите или оние кои малку повеќе ја познаваат оваа проблематика дека тоа не е така, односно дека се работи за трансфери и дека она што е доволно и она што е потребно Министерството за финансии односно Владата да го направи е тие трансфери е да ги реализира до 31 декември, а тоа не значи дека до 31 декември проектите треба да се завршат. Сулудо и не било за очекување проектите кои се планираат како Северната трибина, социјалните станови, водоводи итн, да се завршат за десетина дена. Она што треба да се направи е да се направат тие трансфери, дали до единиците на локалната самоуправа дали до соодветните јавни претпријатија и тие после тоа, во зависност од тоа да каде е постапката да ги реализираат. Значи има ситуации каде што веќе се завршени подготвителните фази, односно тендерите се завршени, како што е да речеме Северната трибина, или постапки каде што тоа допрва ќе се случува, или да речеме канализацијата во општина Гази Баба.

Втората работа со која се обиде да се донесе јавноста во заблуда е практично овој локал патриотизам, односно колку ќе му даваме на Битола, колку ќе му даваме на Скопје. Сега имавме меѓукоалициска дискусија, Макрадули кажа дека многу се дава за Битола, а Најдовски бидејќи е од Битола вели дека не се дава многу за Битола. Јас не можам да се согласам со тој начин на дискусија заради тоа што треба рамномерно да се развиваат сите општини, не треба да се создава атмосфера ние пратениците тука меѓу нас да почнеме да не се согласуваме, заради тоа што една или друга општина добила повеќе или помалце. А тоа дека нема подвојување по партиска линија на градоначалниците можеби говори тоа колку се вложува во Охрид каде што имате апсолутно неуспешен градоначалник, но општината сепак добива средства од страна на Владата.

И на крајот уште една дезинформација која тука беше пласирана, тоа е околу локациите на плоштадот, дека наводно цел плоштад бил поделен на едно лице, јас би сакал да го прашам колегата Макрадули кое е тоа лице. Она што се мои информации е дека ова е чиста шпекулација и дека е невистина и дека практично она што го кажа е невистина, затоа што ниту имало тендер за продажба на локации, ниту такви локации биле продадени, но веројатно за тоа повеќе ќе спорат со министерот за транспорт и врски, имаат тужби за клевети итн и тоа ќе го реши судот, но оваа информација која што беше пласирана според она што јас го знам е невистин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Макрадули, вашата контра реплика.

**Јани Макрадули:** Господине Николовски, дали сте спремни да се повлечете како пратеник ако ви донесам катастарски имотен лист дека три објекти на Плоштадот "Македонија" припаѓаат на еден човек. Ќе се повлечете ли? Дали ќе се повлечете. Не можете, така? И во јавноста дојдете вие, бидејќи Миле Јанакиески се плаши, дојдете на ТВ Дуел. Не се заканувајте со судови, не се заканувајте со апсења, дојдете на ТВ Дуел, ќе ви донесам имотни и катастарски листови од еден човек што има три објекти на Плоштадот "Македонија". Дали ќе се повлечете тогаш? За Охрид знам дека ништо не правите, бидејќи имате стан во Скопје. Вие велите дека ова се трансфери кои нема да се реализираат, ама министерот Славески и Груевски тука е потпишан, велат "кои реално можат да се реализираат". Немојте сега да кажете дека Груевски и Славески лажат. Значи читам што пишува, вие не ги читате материјалите, тоа е проблемот. Славески и Груевски велат дека реално ќе се реализираат до крајот на годината, тоа е проблемот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Петковски, повелете со својата реплика.

**Тито Петковски:** Господине претседател, министер, почитувани колеги,

Ова е идеална тема, податлива е за меѓусебно препукување бидејќи станува збор за најчувствителното, за парите. Едно е приоритет за власта, а друго е приоритет за опозицијата. Едно е реализирано за власта, друго не е од страна на опозицијата, зошто не е кога биле на власт итн.

За одлуката за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници ќе кажеме како пратеничка група НСДП што мислиме и зошто така мислиме. За мобилизирањето на некои средства, односно пренамена на некои средства од ресорите што ги водат министрите на НСДП поднесовме амандман и ќе кажеме зошто мислиме дека ќе треба некои работи на некои позиции да се корегираат.

Излегов пред се да кажам дека можеме меѓу себе да разговараме, меѓутоа, мора да се почитуваме, а тоа значи да ја говориме вистината. Господинот Макрадули меѓу другото каже дека откако е кадар на НСДП министер за одбрана, таму постојано се вработуваат партиски кадри на НСДП.

Сакам заради волја на вистината, еве ќе побарам јавно министерот да достави - претпоставувам господине Макрадули не му е тешко, има луѓе многу вработени од СДСМ таму да добива информации - меѓутоа, барам министерот да достави информација или Владата, како сакате, колку кадри на СДСМ се вработени додека беше министер кадар од СДСМ, а колку кадри се вработени од НСДП додека министер за одбрана е кадар на НСДП. Мислам дека ќе се согласите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Макрадули, имате контра реплика една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, ме радува - сега го добив амандманот - што дел од пратениците од НСДП поднеле амандман, штета што господинот Петковски не е потпишан, со кој бараат да се вратат средствата во Армијата на Република Македонија и тоа го поздравувам. Но баш би сакал да ја добијам таа информација од господинот Еленоски, иако цела јавност виде дека минатиот пат господинот Лазе Еленоски не знаеше колку војници имаме и колку цивилни лица во службата на Армијата на Република Македонија, но веројатно овие работи ги знае, бидејќи едниот му е кумашин, другиот му е старосват, така што тука му се, во Кабинетот му се. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Китаноски, повелете со својата реплика.

**Илија Китаноски:** Благодарам претседателе.

Сакам да реплицирам на едно тврдење кое во целата дискусија на господинот Макрадули се провлекува во еден нему својствен, арогантен стил, со една леснотија, обидувајќи се дури на сила и шармантно да изгледа, дека се одземаа средства од оваа и оваа ставка. Тоа сакам во старт да го демантирам дека апсолутно со овој предлог ниту се одземаат средства, туку само се констатира во оние министерства и оние ставки каде што средствата не се искористени и реално не можат да се искористат до крајот на календарската година според законските прописи, треба да се алоцираат, а нивното алоцирање е најизводливо за да можат да бидат искористени до крајот на календарската година, да бидат трансферирани до други институции кои или не се директни корисници на Буџетот и тие средства можат да ги искористат и после 31.12., или се алоцираат во министерства или институции кои имаат во тек проекти, тендери, постапки, а немаат доволно средства за нивна реализација.

Значи во старт да не се манипулира и да не се лаже јавноста дека се одземаат средства, конкретно на пример за водоводот во Прилеп не се одземаат, меѓутоа, тие средства што се предвидени не може да се реализираат до крајот на 31 декември и во наредниот буџет сигурно повторно ќе бидат предвидени средства, ќе имаме прилика да разговараме за тоа. Затоа, најголем дел од овие средства преку трансфери се до институции кои можат да ги реализираат и после 31.12., или кои веќе имаат објавено и завршено процедура на тендерска документација, а немаат доволно средства за реализација на тие проекти како што се: изградбата на станови за лица со ниски лични примања, довршување на спортската сала “Борис Трајковски”, трансфер до Агенцијата за вработување за поддршка на семејни бизниси, тоа се трансфери до државни институции, владини институции кои не се директни корисници на Буџетот односно не се врзани со користењето на трезорската сметка. Тоа е генерално, за да не се провлекува и за да не се лаже јавноста дека се одземаат средства и дека се додаваат средства во институции кои исто така реално не можат до крајот на 31.12.2007 година да ги искористат. Апсолутно така е, не можат да ги искористат, меѓутоа, имаат проект чија постапка е во тек, е завршена и тие средства можат да ги користат законски и наменски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Макрадули со вашата контра реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас мислев господинот Илија Китаноски ќе зборува зошто после 16 месеци сеуште не го вратил решението за судот во Кичево или не го поништил законот за децентрализација, како што вети во првите три месеци кога беше опозиција. Но бидејќи министерот сака предизвикувачка дебата, еве јас ќе реплицирам во однос на неговото излагање.

Се пренесуваат наводно до институции што можат да го реализираат ова, а другите не можеле да реализираат. Кој е тендерот во јавна безбедност што вреди десет милиони евра и што ќе се реализира, и како нешто ќе се реализира до сега, а е нова програма, тоа мене не ми е јасно. Како мислите дека ќе се реализира до 31 декември, а е нова програма, значи не е нешто што постои или кој е тој тендер за десет милиони евра што постои во јавна безбедност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Ивановска, повелете со вашата реплика.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Макрадули, во вашето излагање на неколку пати истакнавте дека на Свети Николе се одземени парични средства за водоснабдувањето, но не кажавте колку парични средства и зошто тие средства останаа неискористени. Јас сум убедена дека вие сте во тек, но сепак јас ќе кажам.

Во Свети Николе останаа неискористени околу три милиони парични средства од средствата што ги предвиде Владата со Буџетот од 2007 година, а тоа беа вкупно некаде 24 милиони денари. Тие средства временски не можеа да се искористат поради ограничувања кои беа наметнати токму по ваша ингиренција или на дел од вашето членство. За тендерот за водоснабдување во Свети Николе сметам дека вие сте запознаени дека учествуваше и фирмата “Мак Метал”. Сите добро знаеме чија фирма е “Мак Метал”, која тогаш во тоа време немаше, ја активира и другата фирма МС Компани, истиот сопственик на “Мак Метал” без банкарски бонитет, учествуваше на тендерот и го обжали тендерот. Токму од тука произлегува и временското ограничување што не можеа да се искористат целосно средствата за водоснабдување во Свети Николе.

Гледам дека сте многу заинтересирани за снабдување на светиниколчани со здрава вода за пиење. Тие веќе шест години ја немаат, па би сакала да ве прашам: каде се средствата во износ од 400 илјади евра, што ги пушти Владата на СДСМ во тогашниот период кога имавте градоначалник од вашата власт за изградба на пречистителна станица, што направивте со дифузерите за таа пречистителна станица и што добија граѓаните на Свети Николе токму со тие 400 илјади евра. За ваша информација ќе ви кажам дека во Свети Николе интензивно се работи за водоснабдувањето на луѓето на ископините на бунари, се копаат нови бунари и Владата има одобрено средства и во наредниот Буџет за 2008 година за водоснабдување на Свети Николе. Јас очекувам дека токму од оваа Влада светиниколчани ќе добијат после шест години чиста и здрава вода за пиење.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, имате 60 секунди за одговор.

**Јани Макрадули:** Според законите во Република Македонија, кога се распишува или започнува еден тендер, постапка за тендер без дозвола од министерот за финансии ако нема пари тоа нема да се направи. Тоа до сега го прекрши со изјавата за стоте илјади компјутери Ставрески, а еве сега слушам и други такви примери.

Не барајте вина во сите други освен во вашата неспособност и не барајте вина во сите други освен во она што го напишата Владата. Владата напишата дека за водоснабдување во Свети Николе одзема, се намалува за 56 милиони денари. Вие на 19 декември - еве, и јас ќе дојдам на 19-ти, тогаш сум гостин на СДСМ за Свети Никола во Свети Николе - ќе разговараме со граѓаните како, зошто тоа е добро за Свети Николе Владата да одземе 56 милиони денари, па ќе видиме како ќе кажат граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега завршивме со репликите.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, колеги пратеници,

Значи само со еден дискутант наш претставник се отвори една широка дебата, се одеше прилично во детали. Ќе се погрижам да не се повторувам, бидејќи претходниот дискутант имаше доста опсежна детална анализа на Предлог одлуката.

На почетокот почитуван министер ќе отворам една прашање за самата потреба за донесување на една ваква одлука за пренамена на средства. По наше убедување, ова е скандалозен чин и без преседан. Дозволете да образложам зошто. Вистина е, вие мафтавте тука со една предлог одлука која претходниот премиер Владо Бучковски ја потпишал и веќе како пракса се спровела. Но ова што денес се предлага е навистина преседан, бидејќи треба да се земат комплексно сите услови во кои се носи предлог одлуката.

Прво, се донесоа два ребаланса на Буџетот, од кои последниот беше во октомври месец. Во дебатите во ребалансот на Буџетот јасно и прецизно се виде дека имате силна приходна страна, дека постојано проекциите кои што ги правите во Министерството за финансии и во Владата се надминуваат, како што сега кажавте со вашето пристапно искажување за образложението на Предлог одлуката, ако добро ве следев, над 20% е зголемена приходната страна во однос на очекувањата, односно за 10% над очекувањата кои што сте ги проектирале. Ако добро следев, навистина немавме стенограм, но не е ни толку битно. Скандалозно е меѓу другото и од следните други причини.

Прво, во октомври месец се донесе претходниот ребаланс на Буџетот и самите непосредно признавате дека институциите на кои на располагање им е дадено да ги трошат буџетските средства за разни намени покажуваат крајна неспособност да одговорат на овој предизвик. Дебатиравме за една од причините зошто институциите не одговараат на оваа задача, тоа беше Законот за јавни набавки. Од премиерот, во јавна дебата, во некоја од емисиите слушнав- таму пратениците 20 дена дебатираат само за Законот за јавни набавки. Очигледно е, од друга страна, дека и новото законско решение што на сила беше донесено ќе биде генаратор на вакви кризни моменти. Сега, ако и веќе се носи ваква одлука, претпоставка е дека имаме средства во Буџетот, уште 15 дена се затвора трезорската сметка и се поставува прашањето дека неуспеале институциите да одговорат на предизвикот да ги потрошат буџетските средства што им се доделени, и потребно е што поскоро да се реализира планот и да се дадат средствата таму каде што можат да се искористат.

Колегата Макрадули и другите пратеници кои, преку реплики дебатираат, отворија едно суштинско прашање на кое сеуште немаме добиено одговор. Можеби ќе дадете одговор. Прашањето е за приоритетите. Значи,приоритетните цели каде планирате овие средства да се потрошат за овие 15 дена. Какво ви е образложението, зошто ги земате од одредени ставки и каде ги давате, на тие ставки. Сега, ако сакате да дебатираме и да дадете образложение, не за нас, за јавноста, ајде да дебатираме. Ама, не држи вода образложението дека некои буџетски институции не ги потрошиле средствата бидејќи тендерите не биле завршени или не можат за 15 дена да ги завршат, а од друга страна приоритетни предлагате, навистина маргинални проекти за кои што може, во моментов, да се набројат милион во Република Македонија. Имајќи ја во предвид постојната инфраструктура во разни јавни институции.

Јас мислев дека, ако веќе се носи ваква Предлог-одлука, има страшно оправдание Владата, односно Министерството за финансии,

почитувајки ја сензитивноста на моментот, политички, во кој опстојува Република Македонија. Тоа значи, кои ни се приоритетите: Евроспката унија и НАТО пристапот, зајакнување на административните капацитети или пак во другиот сегмент, што јас верувам дека сте експерт по тоа прашање и вашите колеги дирекно или индирекно, секогаш во јавните гласила го посочуваат тоа - каде ви се капиталните инвестиции, каде се инвестициите во инфраструктурата, на патната и железничката мрежа? Зошто секој министер, секоја Влада би посакала вакви позитивни биланси во приходната страна, тоа значи собирање на даноците, зголемување на приходите над очекувањата, што е за поздравување. Тоа е добро работење на Управата за јавни приходи. Еве, сепак има некои добри страни. Но, од друга страна, секој економист ќе ви посочи, ако сакате развојната компонента во државата да ја зајакнувате, треба да ги изградите претпоставките што прво почиваат на патната инфраструктура и железничката инфраструктура ако сакате да знаете.

Ако се тие приоритети, а ние од оваа Предлог одлука не ги гледаме, тогаш дозволете да се посомневаме во чесните намери на ова Министерство и оваа Влада, со оваа Предлог-одлука. И, дозволете да ги користиме сите инструменти и механизми кои ни стојат на располагање да ја алармираме јавноста. Што се случува ? Сумата не е мала. 44 милиони евра ги пренаменувате за 15 дена и тоа ги префрлате на ставки, на институции кои не се во системот на трезорското работење, не може да се затвори трезорот. Кога ќе се затвори трезорот на 25-26 декември, едноставно не се обврзани, нема да им изгорат средствата. Тоа се гледа јасно како ден. До Јавното претпријатие за стопанисување за станбен и деловен простор префрлате пари, колегата Макрадули кажа, за проекти за кои што и мало дете од 5 години знае дека не можат ни проектите да се завршат за 15 дена. Или пак ние не знаеме дека нешто е завршено, а треба да се исплати. Може и тоа да се случи, ама тоа треба да го кажете и да го образложите.

Ако пристапот, реформските зафати што тежнеат за пристап кон ЕУ и НАТО, ајде за НАТО до почетокот на април ќе добиеме покана за членство во НАТО, до крајот на јануари треба веќе видливи да бидат завршените реформски зафати што беа посочени. Во тие услови, двете директни институции што директно се задолжени за спроведување на овие чекори, извршните институции: Министерството за одбрана, за НАТО реформите и Серкетаријатот за европски прашања кој е дирекнтно задолжен, со сите административни капацитети, за спроведување на овие зафати што се содржани во Извештајот за забелешките што треба да се направат за добивање на конечен датум за преговори за Европска унија, ги казнувате страшно.

Секретаријатот за европски прашања 12 милиони денари им се одземени само од Потпрограмата 30 - Прилагодување на институциите во процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, ставка 401-Основни плати и надоместоци се намалува за 3 милиони и 300, ставка 402 - Придонеси за социјално осигурување од работодавачите се намалува ...

Капацитетите на администрацијата се знаат. Ви посочија во Извештајот дека треба постојано да се зајакнуваат, дека ако се направи компаративна анализа на сите земји кандидатки, трите земји кандидатки дека каскаме во место или назадуваме со административните капацитети, во тие услови вие им земате средства кои требало да бидат проектирани правилно од страна на Секретаријатот.

Ситуацијата во Министерството за одбрана, сакал колегата Тито Петковски да се лути или не, е катастрофална. И самите потврдуваат со амандманот што го дале. Им одземате 10 милиони евра, само на 15 дена пред завршување на фискалната година. Ви се молам, или министерот за одбрана не бил потполно информиран и консултиран за ова илие безгласна буква во Владата. 10 милиони евра да се земат на 15 дена пред завршетокот, тоа е констатација. Или потполно неправилно се проектирани, за што се сомневам, бидејќи постои детален годишен акционен план за пристап во НАТО со строго дефинирани реформски исчекори, што треба да бидат покриени со одредени финансиски средства. Ќе разберев, милион или два милиони евра, но 10 милиони евра се одземаат. Тоа значи потполна неспособност за спроведување на реформите, неспроведување на Акциониот план кој е дефиниран или пак се спроведува тој, но вие му вршите директен упад. И тоа ги префрлате во Министерството за внатрешни работи каде што имате други планови.

Е, па, дозволете господине министер, од авион се гледа дека е сомнителна работата.

Тоа се двете главни институции што дирекно ги оштетувате, а не слушнавме ниту збор образложение зошто е тоа така.

На колегата Макрадули му дадовте некои смешни образложенија во делот, јас кога ве рпашав на Комисијата за образование, еве една смешна ставка што во Министерството за образование и наука, во однос на овие цифри, во делот на наука започнавме едендијалог. Зошто земате 23 милиони од потпрограмта 7 - наука или научно-истражувачка работа. Тоа се средства предвидени за научно-истражувачки проекти. Одговоривте дека таму има распишано, никој не се бунел, само дошла деканката на ПМФ и кажала дека има некој тендер што не може да го заврши.

Господине министер, секогаш средствата се трошеле на овој начин. нема соодветна динамика, континуирана за исплаќање на средствата на по решенија, вградени во Буџетот за одредени научно-истражувачки проекти. Колегите истражувачи можат тие средства, за јавноста, да ги трошат, не се за лични доходи или за лични цели, можат да ги користат за материјални

средства или патувања на конгреси, семинари, симпозиуми, советувања поврзани со тој проект, каде ќе ги валоризираат резултатите од тој проект. И сега, и самиот знаете, купиле авионска карта за да присуствува на тој симпозијум. Нема средства од  МОН по решение и чекаат докрајот на годината да се префрлат тие средства. Каратата не им е платена. Се надевам дека со камата ќе го покриете тоа во 2008 година. Или пак, печателе книга со резултатите од истражувањето, стои неплатена фактура од Печатницата. Или пак купиле некоја опрема за која што се претпоставува дека до почетокот на декември ќе се префрлат средствата и средствата им се префрлија, само без знаење на деканите ги одземате средствата. Мислам дека влегуваме во опасен тоталитаризам, во кој што навистиа, без образложение се прават исчекори што во иднина можат да бидат правило,не преседан.

Дури успеавте и на МАНУ да им одземете некоја сума од 4 милиони денари, иако тие постојано на широка уста ве фалат. Присуствував на доделување на оредените каде изразија навистина големо задоволство дека средствата за наука се зголемиле, дека тие од оваа Влада добиле нависитна многу, а од друга страна, после 10 дена се одземаа средствата за научно-истражувачки проекти, а во нивната ставка, дури тие скромни средства во висина од 4 милиони им ги одземавте. Баш би ме интересирала нивната реакција, кога ќе дознаат дека ова се случило. Или пак ќе го одмолчат тоа или селективно ќе пристапат кон објаснувањата.

Ако веќе имате приход, пак отворено ви го псотавувам прашањето, како ги изградувате приоритетите за трошење на овие средства за 15 дена?

Ајде, не е приоритет НАТО и ЕУ, не е приоритет администрацијата. Ајде да видиме за капиталните инвестиции, во градење на згради, музеи, театри, административни заградии или пак за привлекување на странски инвестиции. Треба ли да се вложи малку повеќе за инфраструктурата, патната и железничката.

Пред два дена на Комисијата за транспорт и врски, при образложението на Буџетот за 2008 година од страна на директорката на Фондот за магистрални и регионални патишта слушнав предлог со што тие ќе настапат на Владата за трошење на средства за 2008 година. Или ние не разбираме ништо или оваа Влада потполно се изместила вопроектирање на приоритетите.

Ако за вас не е приоритет патниот правец Градско-Прилеп на превојот Плетвар да се изгради трета трака, а е приоритет патен правец во скијачки центар Кочув каде 250 милиони денари се издвојуваат, 80 милиони денари за патниот правец Градско-Прилеп во која е вградена сума за 10-те километри што ги отворивте на 3 ноември. Па, од авион се гледа дека популистички настапувате. На 3 ноември, на Денот на ослободувањето на Прилеп пола Влада, на чело совице премиерот Ставрески и министерот за транспорт дојдоа, ставија камен темелник на тие 10 километри, а средствата не биле обезбедени во Буџетот. Во 2008 година ќе бидат обезбедени, еве два месеци веќе поминуваат воопштонема никакви активности,ниту зафати. Сега, не ми е својствено да дискутирам за овие ситни работи, но популизмот нема крај.

Ако е приоритет две цркви во Битола да се градат, а не е приоритет таа делница, во која што статистички само за 2007 година ималло најголем број на сообрашајни несреќи и најголем број на жртви, тогаш навистиан дајте да зборуваме за приоритетите. И ќе зборуваме. И немојте да не обвинувате дек аправиме опструкција или ј акочиме работата.

Работите се изместени од место. Имате 17 активни кампањи каде трошите средства, чија висина не ја знаеме, изворите од коај ставка не се до крај познати, не уверувате со различни податоци дека пред јавноста настапувате дека се од тука, одавде, од таму, а ако посочиме навистина некои приоритети што сметаме дека се поважни, наидуваме на молк. Или пак, има една лоша пракса, при носење на Буџетот, јас би ве замолил, би ве замолил за ваше добро, на комисиските расправи да инсистирате и вие, вашите колеги на кои Комисијата е  матична да присуствуваат. Бидејкаи ја не очекувам од министерот за финансии, од заменикот министер да ми одговори зошто во разделот за транспорт и врски, изградбата на стадионот е во потпрограмата 20 каде се сообраќај и комуникации, а не е во 30,  градежништво и урбанизам, градежни работи. Зошто тоа го згрешиле како потпрограма? Тоа е внесено во Буџетот. Очекувам да ми каже претставникот од Министерството за транспорт и врски како ги проектирале тие средства, дали очекуваат потфрлање или очекуваат дека со едне нов ребаланс ќе ги зголемат средствата за одредени проекти? Јас не можам да очекувам од Министерството за фианнсии да ги знае тие работи. Министерството за финансии се грижи голобално за трошење на средствата, но никогаш не добиваме конкретно.

И сега, ќе отвораме овде дебата почитуван министре, за што виене знаете зошто тие средства се така предвидени, зошто не им се потрошени и дали некогаш ќе следат казни зошто не ги реализираат плановите и програмите, туку до 40% само са капитални инвестиции се задржале одредени минситерства? За тоа дебатираме при ребалансите на буџетите.

Околу расходите. Внимаелно ве слушав. Не околу расходите, туку  каде ги намалувате расходите, всушност, со додавање на средства. Тоа е вториот дел на членот. Во разделот 04001 Влада на Република Македонија - економска промоција, колку што ве разбрав, колку што ве слушнав, поправете ме ако грешам, ќе престанам тука да дебатирам, овие 12 милиони средства ви се за ваучерите? Дали така рековте? За ваучерите се?!

Ако е за ваучерите, ќе ја повторам констатацијата на колегата Макрадули пред налку, ние донесовме Закон почитуван министер, Закон за прв пат за еден таков проект во кој што најмалку од се очекувавме дека нема да има средства за компјутерие, за ваучерите. А сега откриваме дека со оваа Предлог одлука алуцирате средства за покривање на тие трошоци, или дополнителни трошоци, бидејќи донесовме одлука за која што прашувавме при носење на законот, дали има финансиски импликации, дали има фискални импликации, дали баравме соодветна табела која што треба да биде пропратна на законот, како и од кои извори на средства ќе се покријат тие. Најмалк од се очекував од овој раздел од Владата, зошто не е тоа од високото образование, во Министерството за образование и наука.

Во делот на Министерството за внатрешни работи каде што делувате 10 милиони евра би било за купување на мебел, опрема возила и машини, се зголемува за 10 милиони евра. Би требало да дадете подетално образложение. Јас тука ќе застанам. Во рамките на тоа кое што може да се даде. Се разбира дека секогаш тие инфорамции не мора да бидат достапни до јавноста, но станува збор за значително висока сума, за која што не биле предвидени тие средства и сега за 15 дена се доделуваат. Нешто се случи алармантно. Треба да знаеме, или на затворена седница да дебатираме, зошто треба за 15 дена да се зајакнат капацитетите на Минсерството за внатрешни работи за толку голема сума, а на Министерството за одбрана истовремено тие средства 10 милиони евра им се скратија Каде е логиката, да ја видиме. Ако не е за јавноста да ја дебатираме на затворена седница.

Понатаму, во разделот Министерство за финансии, функции на државата наброивте мал милион работи, почнувајќи од салата, северна трибина, Инџиково проектот, административни објекти во Дебар, во Прилеп итн. Во ред. Тие проблеми стојат. Секој пратеник, секој граѓанин би ја поздравил иницијативата или активноста за разрешување на тие проблеми. Јас нема да дебатирам дека тие не се неопходни. Прашање е почитуван министер на приоритет и прашање е дали за тие 15 дена ќе успеат тие проекти да бидат завршени и платени, или ќе ги префрлите на вон буџетски институции, за кои што постојано ќе си дебатираме, оправдано или неоправдано, дека тие средства сакате да ги исперете, да ги пренамените за други цели, за кои што ние нема да имаме увид, бидејќи нема да бидат повеќе буџетски средства. Барем за 2008 година.

Сеа, дозволете, навистина парадокс. Тука се потврдува неспособноста на одредени институции. Во октомври месец, на последниот ребаланс на буџетот, јас поставив прашње, зошто им ги земате средствата под програмата во Министерството за животна средина и просторно планирање, значи во подпрограмата 4, изградба и реконструкција на прочистителни станици, 4,5 милиони денари. Тогаш имаше повеќе средства. Сега, после еден месец повторно им ги враќате. Парадокс. Им ги одзедовте пред месец дена во поголема висина, не се сеќавам, колкава беше висината на средствата, а сега им давате одреден дел. Во меѓувреме завршиле некоја работа. И треба да се плати? Можеле ли тие тоа да го проктираат, имате ли вие комуникација или извештај на Влада, кој што сработил. Имате ли месечен извештај кои обврски ги имаат и како ќе одговорат на тие обврски. Има ли казни за оние кои што не се способни тоа да го направат. Временските прилики не можат секогаш да бидат изговор. Кои временски прилики. Па нема снег паднато во Македонија. Се уште градежните работи се одвиваат без пречки воопшто. Зошто? Зошто кои причини постојат да не се одговорат обврските од капиталните инвестиции кои што се предвидени, значи во нивните програми и не се реализирани. А средствата веќе се одобриле, потоа се зеле, сега повторно се пренаменуваат.

И сега ова јас би сакал да ми одговорите, не сум сигурен до крај но би сакал одговорите. Како е можно во Предлог одллука да отворате нова подпппрограма. Отворате нова подпрограма во Минстерството за транспорт и врски, значи 3-и, изградба на станови за лица со со ниски примања. Правно не сум сигурен дека тоа е во ред. Можеби се лажам, вие ќе одговорите во кој што искрено да ви кажам во ребаланс на буџет, можеби еве и да е правно издржано. За 15 дена отворате нова подгпрограма на која што ќе префрлите 300 милиони денари. 300 милиони денари во нова подгпрограма 15 дена до завршување на фискалната година. Изградба на станови би било чесно поштено да кажете кои се активности ќе бидат спроведени за тие 15 дена и дали овие средства се навистина толку потребни. Ќе се изработува проект. Толку кошта проектот? Ќе се откупуваат, ќе се експроприраат, значи ќе се даваат надоместоци на експропријација на земјиште, на локации, ќе се откупуваат локации за изградба на становите, за изградба на станбениот простор од физички лица, треба да се каже а не овдека пак популистички да се настапи, тоа ние со програма ако сте го ветиле. Ако сте го ветиле, ставете го во буџет за 2008 година во ставка па да дискутираме.

Ве молам, мене позитивно ми послужи оваа Предлог одлука, да видам колкави пропусти сме направиле кога не до крај внимателно сме го анализирале Предлогот на буџетот за 2007 година, во кој што стоело ставки, изградба на две цркви, значи во подпрограма стоело. Стоела цела програма под програма 5-а, изградба на две цркви. Која држава градела цркви. Еве вие сте решиле како Демохристијанска партија во ред, ама тоа ли е приоритет? Ваму гинат луѓе на патиштата заради инфрастуктурата онаква каква што е. Привлекувате странски инвестиции, давате во странските часописи енормни средства, неменливи средства во кој што се рекламирате прва претпоставка кога странскиот инвеститор ќе дојде тука, ја анализира постоечката патна и железничка инфраструктура, како би можел да

врши природен дотур на репроматеријали или финалните производи да ги извезува. Каква е состојбата со патната и железничката инфраструктура, овдека можеме да дебатираме со месеци и пак нема да се разбереме. Да резимирам, значи не сакам понатаму да ширам, за мене Предлог одлуката ќе беше издржана ако слушнев силни аргументи за приоритети кои што Република Македонија од петни жили настојува да ги усогласи на политичко ниво. Имајќи во предвид дека за два месеци треба да завршат сите активности. За мене приоритетите кои што се наведени и во образложението, и во смата Предлог одлука не се приоритети во овој момент. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Димеска Катерина, за реплика ли, повелете Димеска Катерина, три минути.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници.

Имам една многу кратка реплика за почитуваниот колега Герамитчиоски Тале и би сакала да ја презентирам. Значи сакам да кажам дека патната делница Градско-Прилеп е приоритет на Владата на Република Македонија. Тоа е мој приоритет, а се надевам почитуван колега, дека исто така и ваш приотитет како пратеник од Прилеп. Точно е дека на 3 ноември денот на ослободувањето на Прилеп, беше потврдена во јавноста оваа желба на Владата. Во основа приоритет на Владата на Република Македонија е подобрување на инфраструктурата која што исто така ќе се согласам со вас е во страшна и очајна состојба. И уште една мала работа би сакала да додадам на крајот. Имено, заради јавноста сакам да појаснам некои работи кои што претходно беа изнесени околу водоснабдувањето и стапката за средствата од 9.300 денари кој што се кажува дека тоа се средства предвидени за други градежни објекти, се намалува оваа ставка. Точно заради информирање на јавноста сакам да кажам дека во тек е реализацијата на грантот за подобрување на водоснабдувањето во општина Прилеп. Овие средства кои што не се искористени, и кои што се средства кои што Владата на Република Македонија ги дава како институционална поддршка за реализацијат на грантот не се реализирани од причини што оној кој што ги изведува работите оној кој шти ги добил работите да ги изведува на меѓународен тендер не ги доискористил овие средства. Значи, консултантот оној кој што ги дава средствата, тој одлучува кој ќе ги изведува работите. Не е ништо страшно, овие средства не се доискористени, во наредниот период она што е обврска на Владата за реализацијат на грантот, она што е и потреба за реализацијата на грантот, значи тие средства кои што е обврзана Владата да ги дава за институционална поддршка ќе бидат предвидени во Буџетот за 2008 година. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Герамитчиоски контра реплика, повелете вашите 60 секунди.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Јас се согласувам со вас. Еве мојата намера да се придонесе и да ја тестираме волјата на Владата и на министерот за финансии, ја имам преточено во амандман за Буџетот за 2008 година, значи во висина од 280 милиони денари, да се заврши третата трака од месноста Дреново, до крајот, значи до Прилеп, тоа се 24 километри. Од кои што 14-те километри од Дреново па натаму се најопасната делница и тука има најголеми жртви. Поддржете го овој амандман еве сите заедно да ја поздравиме намерата на Владата да вложува во инфраструктурата, јас еве сум предложил и прв ќе ја поздравувам намерата на Владата ако го усвои амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека опозицијата ја изострува диоптријата и тоа добро, значи СДСМ веќе се навикна на улогата која ја има, у ште ДУИ ако ја прифатат таа уолога, ќе имаме плодна расправа и конструктивна расправа, по сите точки во Македонскиот парламент.

Меѓутоа, еве имаше доста расправа околу расходите итн., но досега никој не посочи на што е резултат приливот или зголемувањето на средствата кои што се вливаат во Буџетот. Мислам дека и за тоа треба да се разговара ако има позитивни ефекти и тие треба да ги нагласаме.

Јас во оваа прилика накусо сакам да нагласам три работи, сигурно дека зголемениот прилив во Буџетот меѓу другото пред се е на зголемувањето на бруто домашниот производ некаде околу 6%. Што не се случило до сега, тоа е добра работа,

Втора работа е што се зголемува одговорноста на сите даночни обврзници, значи приливот од даноци некаде е зголемен како што имаме информации и тоа го слушаме сега некаде над 20%. Тоа значи дека многу помала е евазијата, даночната евазија даночната евазија, граѓаните, фирмите и тн., се поредовно ги извршуваат обврските спрема државата и тоа е добро, и сигурно дека трет елемент или трет фактор на зголемување на приливот на средствата е ефикасната борба против организираниот криминал, против корупцијата, или пак генералната превенција која што е присутна во државава изминатите година ипол, дека ја зголемува одговорноста во целина и тоа резултира со извршување на обврските спрема државата.

Како резултат вероватно на сите овие состојби, но верувам не само на зголемувана одговорноста во располагањето на средствата, но како резултат веројатно и на некои законски решенија пред се во Законот на јавни набавки, кој го променивме и се надевам дека новиот закон ќе обезбеди динамиката која што ја зацртуваат корисниците на

Буџетот, и така да ги трошат средствата, значи овде треба сигурно дека заслужува да се расправа околу тоа дали средствата наменети пред се за капиталните инвестиции, дали тие се користат на времено, и дали тоа не е еден од битните компоненти, развојни компоненти на буџетот, и мислам дека тука треба во тоа да се разговара да се расправа, затоа што повеќе од јасно е дека сите овие состојби ги тераат оние што располагаат со овие средства да бидат претпазливи можеби некогаш и претерано, и сето тоа и законска процедура можебии тоа е еден од битните фактори што каснат со реализација на сите предвидени програми за тековната година, можеби и тука треба да се направи нешто.

И околу две работи сакам да го кажам својот став.

Прво, мислам дека треба да се проверат информациите дали средствата наменети за доградба, развој на компјутерскиот систем на информативниот систем во Парламентот, дали постапката е при крај, доколку е завршена треба повторно да се обезбедат средства за оваа намена, бидејќи повеќе од јасно е дека овие средства беа издвоени со амандманска процедура во Парламентот и треба уште еднаш бидејќи различни се информациите од оние што ги имаме ние како пратеници, оние што ги има Владата и можеби тука треба да се најде некое решение и

Втора работа, тоа е околу средствата кои што се намалуваат во делот на одбраната, сум за тоа да има повеќе средства наменети за Министерството за внатрешни работи бидејќи веројатно дека тука ќе се наменат средствата околу обезбедување на државната граница. Се знае со какви се предизвици може да се сретне во наредниот приод, но треба уште еднаш да се преиспита дали Министерството за одбрана овие средства што сега од нивниот дел се пренаменуваат за друга намена, дали можеби ги искористи до крајот, и ако е тоа така, тогаш треба да се види од каде повторно да се пренаменат. Но тоа може само мислам дека не преку амандман од пратениците, можеби тоа е подобро Владата во текот на расправата да процени и да предложи амандман кој ќе стане составен дел на оваа Предлог одлука.

Во целина мислам дека е добро што Владата предлага разрешување на голем број на комунални проблеми во повеќе градови и дека тоа е добро и сигурно дека граѓаните ваквата пренамена ќе ја очекуваат и ќе ја поддржат, и се надевам дека пратениците ќе најдеме сили побрзо да завршиме со оваа расправа, и да ја прифатиме да ја донесеме оваа одлука за да не доцнат оние корисници кои ги очекуваат овие средства да не дојде 25 да не можат практично да ги искористат и овие корисници за кои се наменети овие средства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Со оглед на времето објавувам прекин на еден саат на седницата за ручек. Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,07 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Има збор господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе. Мислам дека можеби и најголемата одговорност за да ги сослушаат ставовите и мислењата не само политички, туку требаше да има поголем број на присутни пратеници од мнозинството. Но, јас ќе ги кажам моите ставови околу овој Предлог-одлука за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници. Иако од еден аспект оваа Предлог-одлука за пренамена на средствата буџетските забележав еден голем износ на финансиски средства кои средства во текот на оваа година требаше министерствата и сите државни институции да ги реализираат истите или да ги спроведат врз основа што го нарекуваме како практикување во пракса, или спроведување на одлуките и план програмите предвидени во разните институции на локално и на државно ниво. Јас се сомневам за реализирањето на овие финансиски средства господине министер од причина што нашите државни институции кои имаат голема политичка одговорност, почнувајќи од централната власт до локалната власт, не најдоа можеби авторитет во самите нив и непрофесионалност кај истите да можат да ги реализираат нивните програми долгорочни, краткорочни и во една календарска година. И сега се поставува едно извонредно големо прашање, како ќе може за 13 дена пренесувањето на овие финансиски средства, значи органите на централната власт и на локалната власт да можат да имаат успех во оваа насока на терен. Или од еден друг аспект гледано, дали речиси само Владата на Република Македонија, вие како министер кој сте ја подготвиле оваа Предлог-одлука за пренамена на буџетски средства е само проформа, е процедура, формална законска процедура, да не речам и правна која треба да се стави на дневен ред, затоа што има нереализирани средства. И кога ќе заврши годината до 31 декември, јас со голема одговорност можам да констатирам дека, не знам дали 10% од општиот износ на овие средства кои се пренаменуваат, дали ќе се реализираат во стварност, или не? И се поставува прашање каде ќе бидат тие 90% од финансиските средства. Бидејќи од минатото, политичкото минато, да не речам од 1990 година и наваму често пати е дојден до израз сомнежот и злоупотребата на финансиски средства. И таква е и нашата политичка и економска позиција, не само внатре во државата, туку исто така, и надвор од земјата. Мислам дека на еден начин да не го употребам поимот: Владата си игра со нас пратениците, се исмејува и со граѓаните на Република Македонија, со тоа дека имаме големи финансиски средства и дека се полни Буџетот на Република Македонија. Но, од друга страна од вашата уста како министер не кажавте и не нагласивте дека проектите кои ги имаат дотините

министерства, но истовремено и локалната самоуправа предвидени во нивните годишни програми, не беа професионални во нивно реализирање и спремни да ги реализираат тие финансиски средства. И дека нормално некој треба да даде отчет за оваа работа.

Ќе кажам една реченица како во потсмев, но многу сериозна. За овие 13 дена господине министер сигурно сега комуникацијата патната и воздушната ќе ни се блокира. Сигурно сега комуникацијата патната и воздушната ќе ни се блокира и езерската, бидејќи море немаме, не знам каде ќе комуницираат нашите граѓани, бидејќи ќе се реализираат големи средства, ќе има промет на многу шлепери, возови, авионите ќе летаат. Треба да се реализира овој ваш пакет за овие 13 дена. И кога ќе видиме од друга страна излегуваме смешни. И се поставува прашањето, што ќе направиме ние како пратеници, каква одлука ќе донесе сега засега овој законодвен дом? Како ќе ги почитуваме овие ветувања од ваша страна дека ќе се реализираат до 31 декември овие буџетски средства, пренамената на овие средства од еден до друг буџетски корисник. Како што нагласив и претходно министерствата и другите државни институции кои непосредно располагаат со финансиски средства во текот на годината не беа во состојба да ги реализираат овие финансиски средства. Како сега ќе се пренаменат средствата од еден буџетски корисник на друг буџетски корисник, додека сега новиот кој ќе преземе нови финансиски средства од еден здрав разум, од една горка пракса, тие ќе почнат сега од нула. Тие треба да подготват план програми за тие средства, за 13 дена за реализирање на истите. Значи, тие средства ќе се пренаменат од еден буџетски корисник до друг и нема да имаат можност да се реализираат истите. Секој лаик и секој човек кој не ја познава оваа проблематика вака ќе ги перцепира овие работи и ќе даде ваков осврт кон овие нешта. Се поставува следново прашање, зошто Владата бидејќи располага со голема количина на финансиски средства и извршната власт која треба да ги искористи тие финансиски средства не беа во состојба да ги искористат истите, или да ги реализираат на еден начин тие средства. Зошто Владата не презема мерка кон тие кои не беа во состојба стручно да ги извршат своите должности, без оглед за која област се говори. Да бидеме јасни, дали се говори за централната власт и до локалната власт. Секој треба да сноси одговорност за својата работа. Се преземаат финансиски средства посебно од тие министерства кои се и од животно значење за неколку општествени групи во Република Македонија. Ќе ви дадам пример. Од финансискиот износ на средства не видов ниту една програма, или потпрограма, или некој раздел кои се наменуваат на едно проблематично училиште кое 17 години како што е на пример средното училиште во градот Скопје, гимназијата “Зеф Љуш Марку”. Вие добро знаете, вие сте граѓани на Скопје, сигурно сте поминале таму и сте забележале дека средното училиште “Зеф Љуш Марку” е во карабина, а таму се работи, не велам дека се работи, градуално се работи, но овие финансиски средства да се удвојат, или 1% да се зголемат на тие финансиски средства и да се наменат за овој училишен објект, бидејќи е извонредно голема потреба на албанските ученици кои живеат во градот Скопје. Еднаш засекогаш овој проблем да се заврши и да не го расправаме во секој буџет, или да поднесуваме амандмани кон ова прашање.

Исто така, имаме големи проблеми во основните училишта кои гравитираат во градот Скопје, значи училишта кои се на општините на градот Скопје, како во Гази Баба, Чаир и тн. Ќе ви дадам пример, основното училиште “25 Мај”, анексот на новото училиште, или делот на старото училиште верувајте ми 30 см. еден ѕид од старото училиште веќе е поместен од својата позиција и ќе се урне. Фасадата е оштетена, тука учат ученици од прво до четврто одделение. Зошто на тоа училиште не му се дава приоритет. Освен што основното училиште е гарантирано и задолжително на граѓаните за да ги образуваат своите деца. Тука имаме голема беда. Да не зборуваме за санитарните чворови и други нешта. Ќе ви дадам уште еден пример. И со ребалансот оваа година и со Буџетот за 2007 година се дозволија од вашето Министерство финансиски средства од околу 49 иљади евра за делот на старото училиште “Џорџ Кастриот” и “Скендер Бег” во Арачиново. И тие финансиски средства се пренесоа во Министерството за образование, финансиски средства излегоа во Службен весник. Денес сме 13 декември, тие средства немаат можност да се реализираат. Иако основното училиште “Џорџ Кастриот” и “Скендер Бег” преку претставниците од општината поднесоа барање тие средства да се реализираат од Министерството за образование, но дека Министерството за образование вети дека: ние ќе го подготвиме проектот со конкурс и тендер, како одат тие работи и овие финансиски средства ќе се рализираат. Но, ова не се случило до ден денеска. Со Буџетот за 2008 година воопшто не е предвидено овие финансиски средства да се предвидат за ова училиште кои беа предвидени за 2007 година. Само да ви укажам господине министер, дека основното училиште и општината ќе покрене кривична пријава кон Владата, службено за нереализирање на овие финансиски средства, бидејќи тие средства се објавени во Службен весник. Сега од која страна се крши законот, јас не го знам тоа, но сигурно вие знаете подобро од мене, бидејќи сносите одговорност политичка и одговорност како Влада.

Од друга страна се пренаменети средства 5 милиони и 400 иљади денари за завршување на рестраврацијата на кулата на мајка Тереза, што е еден вид на музеј нејзиниот дом во градот Скопје, можеби ќе им дадеше симболика на сите граѓани на Скопје и пошироко за да се посети овој историски објект.

Во однос на Министерството за транспорт и врски мислам дека паралелно и со моите барања и со Буџетот за 2007 и во однос на ребалансот на Буџетот за 2007 година и барање од самите граѓани на населбата Стајковци, населбата Сингелиќ, и Инџиково за уредувањето на канализацијата. Го поздравувам тоа дека сте овозможиле еден милион евра кои се очекуваат од општина Гази Баба и други донации од милион евра за да се заврши до делот на Вардариште како што се вика оваа линија. Но, јас оваа проблематика ја спомнав и околу прашањето на каналот во село Асанбег.

Известени се и пратениците и граѓаните и пошироката јавност во Република Македонија дека една населба од 10 илјади жители на периферијата на Скопје, одалечена од центарот 7,5 - 8 км живее како да е во 16 или 17 век, со еден канал кој поминува на сред село, загаден канал, канал кој е опасен за заразни болести. Проектот е готов, започнат но не е завршен, но се очекуваат уште два милиони евра од страна на Владата. Сега за сега Владата не е подготвена ниту со овој Буџет, но ниту со минатиот Буџет нешто да додели за реализирањето на овој проект. Сега се поставува и принуден сум да го поставам следното прашање: зошто 97% се албанци, или нешто друго е во прашање. Населбата Ченто и селото Сингелиќ до пред десет години беше една целина, се викаше населба Сингелиќ. Делот што е населен, господине министер, со македонско население и делот каде што продолжува со албанско население има големи разлики, како ден и ноќ, во комплетната инфраструктура. Делот со македонски жители е со изградени објекти, амбуланти, инфраструктура, канализација, водоводна инфраструктура и сите други стандарди кои се бараат за сите услови кои се бараат кај нас, додека ништо во таа насока и минатите влади, слободно можам да кажам, но и актуелната Влада не прават и не земаат предвид дека на овие граѓани, 9-10 илјади жители во Асан Бег - Сингелиќ да им се помогне за да се надмине овој проблем од животно значење, посебно во областа на здравството, бидејќи во текот на летниот период доколку сте подготвени и имате храброст и доблест можете да поминете само 5 минути околу тој канал и сигурно “веднаш ќе отидете на лекар”. Замислете како живеат луѓето околу тој канал во текот на летниот период.

Се пренесуваат финансиски средства во секундарни области. Два пати сум поднел амандман кон крајот на 2006 година за Буџетот за 2007 година, но и во текот на ребаланcто на Буџетот за 2007 година и во овој Буџет за 2008 година не се предвидени средства за водоводот на село Липково, кој износ е од 1,8 милиони евра. Велам 1,8 милиони евра од тие средства, 1,2 милиони евра спремна е амбасадата на Австрија да ги даде за да се финансира овој проект на водоводот Липково, додека од Владата на Република Македонија се даваат само 265 илјади евра. Сега да размислиме од еден логичен аспект, како ќе го коментирате ова, господине министер кога една странска држава за странски граѓани за странска држава доделува финансиски средства од 1,2 милиони евра, додека Владата на своите државјани, на своите граѓани не е во состојба да им додели ни 265 илјади евра. Да размислиме за каква политичка стратегија мисли оваа Влада, велам за мојот сегашен мандат. Јас поднесов амандман заедно со моите колеги од мојата парламентарна група и верувајте ми ќе бидам принуден господине министер и вие колеги кои што сте присутни на оваа седница за секој амандман, тројца колеги поднесовме над 50 амандмани за Буџетот за 2008 година и ќе бидеме принудени ќе кажам повторно минимум по половина час да имаме дискусија за еден амандман. Велам минимум половина час се додека не се испочитува ова барање кое е животно за село Липково. Има и други барања и други амандмани со поголеми и помали износи, но кога една Влада и една држава, кога една амбасада помага со 1,2 милиони евра, додека Владата не е во состојба воопшто да се интересира за своите граѓани, тогаш каде е нашата позиција, не мојата како пратеник, туку како граѓанин на Република Македонија.

Има друг проблем и во селото Страчинци, кое припаѓа на општина Гази Баба, што е управувано од градоначалник од вашата партија, господинот Коце Трајановски. Проектот започна, но е прекинат. На тие жители, илјада жители од тоа село, им требаат приближно околу 100 илјади евра. Исто така, имам интервенирано преку амандман два пати и со Буџетот за 2007 година и со ребалансот на Буџетот и воопшто не се испочитува ова мое барање и барањето на другите пратеници. Јас не знам господине министер како ќе ги коментирате овие работи без оглед за кој дел од територијата на Македонија се говори, дали се говори за исток, запад, југ или север, тие граѓани кои имаат потреба за животни прашања, а тоа е водата и треба да им се помогне, без оглед на нивната етничка припадност, без оглед на кој географски дел живеат овие граѓани и мислам дека треба да се помогне во оваа насока, да се излезе во пресрет. Ова не значи дека да го прифатите мојот амандман ниту за Страчинци, ниту за Липково, но повелете, бидете подготвени, интервенирајте вие како Влада со ваш амандман. Нема потреба да ги прифатите амандманите на Сафет, Садула или Зумрете, туку интервенирајте вие како Влада за да го решиме статусот на водата за пиење во Липково. Тогаш сигурно односите ќе бие сосема поинакви на теренот, ќе се создаде една заемна доверба кон државните институции и самата држава и една взаемна доверба меѓу граѓаните и централната власт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Незири.

На ред за збор е госпоѓа Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, врз основа на оваа предлог-одлука за пренасочување на средства меѓу буџетските користници можеме да констатираме дека Буџетот што го предлата Министерството за финансии воопшто не е урамнотежен така како што треба. Покрај другите забелешки кои што беа дадени од моите колеги за оваа предлог-одлука, јас ќе се задржам на нешто поконкретно, на тоа што во дополнение ја демантира оваа Влада. Јас ќе се задржам на Разделот 28001 - Бирото за недоволно развиени зони, Подпрограма 20 - Економски развој за неразвиени зони, ставка 40838, средствата се намалуваат за 20 милиони денари. Не знам колку се сеќавате господине министер, меѓутоа на 55. пленарна седница на дневен ред беше Ребалансот на Буџетот за 2007 година, кога јас и колегата од мојата пратеничка група Џеват Адеми предложивме амандман токму на Раздел 28001, Бирото за недоволен развој на зоните, каде што обезбедивме средства за истото за градење на една водоводна мрежа во селото Нераште, општина Теарце. Токму овој амандман беше прифатен од страна на министерот за финансии, но истиот не беше воопшто реализиран. Се обративме до Управата на ова Биро за да го предадеме проектот за кој говориме за да може побрзо да се реализира тоа што треба, но од оваа Управа добивме негативен одговор со образложение дека ова Биро не поседува финансиски средства и дека истити веќе се потрошени. Истите беа доста зачудени, како е прифатен еден амандман со толкав износ на средства. Неколку пати имавме средба со директорот на ова Биро и се обидовме да го убедиме покажувајаќи го амандманот и стенографските блелешки од оваа 55. пленарна седница, меѓутоа, се беше напразно. Нивното оправдување беше дека тие немаат пристап кон ова прашање и не знаат ништо околу тој амандман. Не знаеа, кој, што предлага во Собранието. Средствата ги распределуваат таму каде што тие имаа желба и потреба, што значи ние пратениците попусто се заморуваме предлагајќи тука амандмани.

Тука се поставува прашање, дали вие господине министре ги контролирате ваквите Управи или Бироа или дали ги информирате каде треба да ги распределат средствата што ги доделувате од Буџетот. За неискрениот пристап кон овие прашања и нетранспарентност кон граѓаните говори сега и оваа предлог-одлука. Конкретно Разделот 28001, Бирото за недоволен регионален развој и се чудам каде сега ги најдовте овие средства, 20 милиони денари кои што ги земате токму од ова Биро кое што според Управата на ова Биро ги има потрошено. Ќе ве молам господине министре дали може да ми го објасните зборот потрошено, во случајот кога проектот воопшто не е реализиран и дали ова е некој вид на корупција. За овој проблем сте целосно информирани и вие господине министер, затоа што и јас и господинот Џеват Адеми писмено се обративме до вашето Министерство за да добиеме дополнително објаснение. Меѓутоа, повторно ништо конкретно. Навистина не сте знаеле тогаш дека овие 20 милиони денари се се уште неискористени во ова Биро и не упативте одговорноста да ја бараме таму каде што не измамија. Тие не упатуваа во вашето Министерство, вие во нивното Биро и така овој проблем остана и до ден денешен нерешен.

Во регионот на селото Нераште пивката вода е во лоша состојба и во недоволни количини и затоа треба брза интервенција за регулирање на квалитетот на истата вода. Доколку не се преземат брзи мерки ова население се загрозува со разни болести. Доколку ова не сте го знаеле и јас како претставник на истите во Парламентот ви давам до знаење на нивните проблеми. Затоа ќе биде добро господине минстер овие средства доколку не може сите, барем 6.140.000 денари колку што беа предложени во прифатениот амандман, а нереализиран од ваша страна да интервенирате сега со еден друг амандман и истите средства да се вратат каде што претходно биле. Затоа што навистина тие не биле потрошени така како што рекоа во Бирото за недоволен регионален развој. Не е праведно од ваша страна и од страна на дирекоторите кои што се именувани од ваша страна и од Владата на овој начин да манипулирате со населението. Да ги прифаќате нивните барања што ги поднесуваат преку пратениците само ради реда, а потоа да не ги реализирате. Навистина овој Буџет се собира од граѓаните и треба да им служи на граѓаните. Не се владее вака како што мислите вие господине министер,со тоа што ги лажете граѓаните туку треба да бидете искрени, праведни, транспарентни со сите подеднакво, било да се тоа Македонци, Албанци, Турци, Бошњаци или пак други. Сите ги плаќаат даноците кон државата и истите треба да се третираат подеднакво. Иако се Албанци, граѓаните од село Нераште, сепак имаат право да живеат исто како и другите. Се плашам дека ова ќе стане ваша практика, господине министер, да амандманите што ги предлага парламентарната група на ДУИ или да не ги прифаќате воопшто или кога ќе бидат прифатени да не ги реализирате или пак уште полошо да се реализираат по сосема поинакви региони чии што пратеници воопшто не пишуваат никогаш ниту еден збор во вид на амандмани.

Уште еднаш би побарала овие средства да се вратат во Раздел 28001 во Бирото за недоволен регионален развој за да докажете дека сепак сте лојални подеднакво за сите граѓани на Република Македонија. Инаку оваа предлог-одлука ќе биде неприфатлива за нас. Се надевам во иднина нема да лажете на овој начин, ниту вие, ниту фамозното Биро за недоволен регионален развој.

Оваа предлог-одлука за пренасочување на средствата меѓу буџетските корисници остава впечаток дека оваа Влада повеќе се грижи за животните во Зоолошката градина туку за своите граѓани кои во 21 век страдаат од недостаток на питка вода. Тука беше спомнат и водоводот во Тетово од кој што исто така се одземаат

средствата од 56 милиони денари. Доколку навистина така како што беше слушнато тука дека градоначалникот на општина Тетово не знаел да ги искористи овие средства, тогаш јас би ве замолила како луѓе кои што се поспремни да изнајдете начин за снабдување со вода во градот Тетово и да не правите опструкции на градоначалниците кога се во прашање елементарните потреби на граѓаните. Затоа што вашите зборови воопшто не се вистински и затоа говори и фактот кој што го истакнав малку порано за измамата што ни се направи од страна на Бирото за недоволен регионален развој и Министерството за финансии за што јас интервенирав амандмански и овие средства беа предвидени во Буџетот така како што беа предвидени за водоводот во Тетово. Меѓутоа, Владата е виновна за тоа што го лаже својот народ меѓутоа и владината коалиција само им ја мие главата со мраз, прво ги доделува средствата, потоа ги пренасочува од водоводот во село Нераште, од водоводот во Тетото, од Библиотеката во Тетово, од правичната и соодветна застапеност на заедниците, секторот од кој што се одзема 25.780.000 денари и ги пренасочува во Разделот 04001- Влада на Република Македонија, ги пренасочува во Раздел 18010 - финансирање на дејности од областа на културата подпрограма 5-а, каде што се вели: градење на две цркви и многу други работи. И не се изнајде начин за распределба на средства за џамијата во Прилеп, за која што неколку пати премиерот излезе по медиумите и вети дека ќе додели средства за истата.

Тоа што се кажува и тоа што се прави е нешто што е многу далеку едно од друго. Ве молам правете го невозможното, говорете помалку, работете повеќе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот Даут Реџепи, повелете вашите три минути.

**Даут Реџепи:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници, јас сум должен и принуден да реагирам кон мојата колешка која доаѓа од истата зона, за да кажам една вистина или најмалку да ја известам јавноста за реалноста што се случува во тоа подрачје, посебно со водоводот во село Нераште. Јас сум добро информиран, во суштина сум дел од тоа дека на 4 избори во минатото, ДУИ ги изигра ветувајќи им дека ќе им ја донесат водата за пиење и посебно на локалните избори каде градоначалникот на општина Теарце им гарантираше дека во неговиот мандат ќе ја донесе водата за пиење. Покрај тоа, знам и еден друг проблем, имено, тие играле една некоректна игра или манипулирале со жителите од село Нераште играјќи една двојна игра, охрабрувајќи ја едната страна за да се донесе вода од планинскиот предел и од друга страна работејќи во спротивност со жителите од село Доброште се додека може да се каже не се наметна еден конфликт во однос на прашањето на водовод. Значи, проблемот беше водата кога две села дојдоа во судир и продолжија да бидат со несогласување во однос на оваа точка. Треба да нагласам уште еднаш дека се согласувам во целина дека на тие жители и во другите населби кои имаат потреба од вода треба ургентно да се интервенира, посебно во селото Нераште. Јас можам да констатирам дека сега нема простор да се покрене обвинение. Зошто? Затоа што имавте мандат, имавте ветувања, но не се реализира ништо. Сега зборот е кај нас и се надевам дека ќе го реализираме овој проект, а жителите од село Нераште ќе имаат вода за пиење иако не сме ветиле конкретно и се надевам дека ќе дојде моментот паралелно со делото и да говориме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Селмани, имате реплика, повлете вашата минута.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам господине Даут, меѓутоа, јас би рекла дека ние тука не сме во предизборна кампања за да ги кажуваме овие работи кој, кога, што било планирано и направено, туку говориме за конкретни работи. Ние овие пари, овие средства ги добивме со амандманот. Сега дојде работата да се попишманите или пак не знам што, со опструкција на Демократската партија на Албанците и директорот на ова Биро што доаѓа исто така од редовите на ДПА, не се овозможува овие средства да се пуштат на општина Теарце, конкретно на селото Нераште за реализација на овој проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре за финансии,

Би сакал и јас да ги кажам своите ставови околу Предлог одлуката за пренамена на средства меѓу буџетските корисници.

Прво, кога беше почетокот на закажувањето на оваа седница, дилемата беше дали Владата може на ваков начин, со одлука да изврши пренамена на 43 милиони евра, имајќи ги предвид законските решенија во членот 33, ставовите 5 и 6, дека најмногу може да се врши прераспределба по одделни програми до 15%. Додека, кај капиталните инвестиции не може да се врши никаква прераспределба.

Но, Законодавно-правната комисија, каде што владеачкото мнозинство имаа повеќе претставници, изгласа дека ваквиот начин сепак е дозволен. На тој начин се изгласа една процедура за прераспределба на средствата, како ребаланс на Буџетот и тоа ќе беше трет ребаланс што Министерството за финансии или Владата на Република Македонија го предлага до Собранието на Република Македонија.

Ценам, а сигурно и министерот ќе се потсети дека, кога прв пат го усвојувавме Буџетот на Република Македонија, нашите дискусии и реакции тогаш беа дека во Министерството или во

Владата не се врши добро буџетското планирање, односно не се прават реални проекции. Ако го погледнеме последниот ребаланс ќе видиме дека во делот на приходите тоа е апсолутно точно, значи Владата, односно Министерството за финансии нереално ги испланирало средствата и соодветно на тоа, потоа и расходната страна има нереално испланирана.

Сега, со одлуката што ја предлагате, се гледа дека не само што нереално сте ги испланирале расходите во Буџетот и начинот на нивното трошење, туку дел од средствата не можете да потрошите, што директно зборува, иако овде не убедувавте цело време дека е добро обучено Министерството дека министерствата имаат свои кадри кои стручно си ја вршат работата, вие покажавте дека дел од расходите, господине министре, не можете да ги реализирате. Ценам дека во делот на буџетската политика и буџетското планирање потфрливте и дека не го извршивте добро во рамките на Министерството за финансии и ценам дека како професор од Економскиот факултет и апелирам во иднина малку повеќе внимание да посветувате на ова прашање, бидејќи кога имате три ребаланси во текот на една година, односно промени на Буџетот, тоа зборува дека или недоволно стручно сте ја вршеле работата или сте правеле програми или ставки што не сте планирале да ги реализирате, само колку да имате средства на располагање за одредени зафати што подоцна ќе ги реализирате и, на крајот на краиштата и сами знаете дека од она што ќе го поставите како цел, многу зависи понатаму реализацијата во годината.

Сега, се доведовме во ситуација, поради нереалните буџетски планирања, да не може да се реализира раат капиталните расходи.

Вие, во своето експозе ни објаснивте дека до 5 или 7 декември не можела Владата да излезе со ребаланс на Буџетот затоа што буџетските корисници биле под силен мониторинг за тоа како ги трошеле буџетските средства и дали имало можности тие средства да се потрошат, но заборавивте да кажете кои се заклучоците на Владата и дали некој ќе одговара за таквиот начин на работа.

Ако вие, како Влада, цело време не убедувавте дека многу се грижите за граѓаните, дека ќе обезбедите економски развој, дека ќе ги решите проблемите со стандардот, од друга страна собирате средства на граѓаните, а не ги трошите. Што во услови на буџетско планирање е тотален неуспех, а вие тоа добро го знаете, бидејќи основната цел на буџетското планирање е Буџетот да биде избалансиран и на крајот на годината, ако можете да го затворите, колку имате приходи, толку да имате и расходи.

Би сакал конкретно да се задржам околу одлуката и средствата што ги намалувате и оние ставки што ги зголемувате. Буквално, нема министерство во Владата на Република Македонија од кое што не одземате буџетски средства.

Најпогодено во тој дел е Министерството за одбрана. Не ни објаснивте од кои причини таму најмногу одземате средста и дали тоа нема најмногу да се одрази на патот на Република Македонија кон НАТО. Од друга страна, знаеме дека во Армијата војниците имаат и недоволна исхрана и се недоволно платени а им недостасува опрема. Тоа значи, аргументите што ги давате дека во Армијата можеби има доволно средства им ги земате, па ги носите во Министерството за внатрешни работи, тоа е единствена владина институција на која и доделувате 10 милиони евра да ги потроши до 27 декември, знаејќи дека наводно не потпаѓа под одредбите на Законот за јавни набавки. Дека може да ги потрошат овие средства без јавни набавки.

Го имам овде Законот за јавни набавки и би сакал да ве прашам, не што се надевам дека ќе ми одговорите на прашањето.

Во членот 3 од постојниот Закон за јавни набавки, каде се наведени исклучоците, односно оние државни органи кои не потпаѓаат под Законот за јавни набавки, стои дека јавна набавка без објавување на јавен оглас може да се изврши за набавки што се за делот што има одбранбен и безбедносен карактер на земјата, се прогласени за државна тајна и се однесуваат за купување на оружје, воена опрема, специјална оперативна техника согласно со закон. Тоа е членот 1. Министерството за внатрешни работи ако планира да ги потроши овие 10 милиони евра, ќе треба да ги потроши за овие намени.

Но, во ставот 2, со акт на Владата на Република Македонија се определуваат набавките од ставот 1 на овој член. Дали Владата има донесено таков акт?

Во ставот 3 од истиот член стои дека за набавките од ставот 2 на овој член, набавувачите се должни најдоцна до крајот на јануари од тековната година, за своите годишни планови за набавка во тековната година да ја известат Владата.

Дали Министерството за внатрешни работи има направено таков годишен план и дали го има доставено до Владата на Република Македонија, до крајот на месец јануари оваа година, за да можат овие средства, што вие сте ги намениле за купување на мебел, опрема, машини, возила, да ги реализира согласно со Законот? Бидејќи во спротивно, тоа ќе значи директно кршење на одредбите од Законот за јавни набавки и ќе биде основ за поведување на одредени постапки. Би ве замолил на ова прашање да ми одговорите, бидејќи сметам дека е суштинско бидејќи се работи за трошење на 620 милиони денари пари на граѓаните на Република Македонија, односно 10 милиони евра.

Понатаму, во делот на министерствата од кои се одземаат или институции од кои се одземаат средства, значајно е тоа што во Министерството за економија, како што зборуваше и мојот колега Јани Макрадули, ги имате одземено или намалено буквално сите ставки, што е буквално

во спротивност со заложбите на Владата дека ќе работи најмногу на привлекување на странски инвестиции, ќе обезбеди економски развој, односно ќе ги решава проблемите во делот на стандардот на граѓаните.

Кај Министерството за транспорт и врски, навистина ми е жал што во Програмата, потпрограма 3А - Санација на свлечишта и други градежни објекти се намалува за три милиони денари. Знаеме дека во Велес, кога беше расправата за Буџетот, се усвои амандман со кој што требаше да се изврши санација на ова свлечиште. Сега ги намалувате средствата за три милиони. Повторно не ми дадовте објаснување зошто тоа го правите. Дали се испланирани повеќе средства од потребните, дали е завршен зафатот? Инаку, за ваше известување се надевам дека во Буџетот за наредната година исто така ќе го испланирате санирањето на свлечиштото во Велес, но исто така и ќе обезбедите парични сресства за обезбедување живеалишта на оние граѓани чии што куќи не се повеќе безбедни за живеење, поради активноста на свлечиштето, односно се несигурни за живеење.

Исто така голем дел од средства земате од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а сведоци сме дека најголем дел од вашата програма, вашите ветувања, кампањи, дури и последнава година рековте дека многу пари ќе вложите во земјоделието, но за жал сега оттука одземате доста средства, а гледаме дека еве и денеска во дневниот печат има недостиг на сточна храна, дури и не може да се набави за земјоделците. Тоа е затоа што вие не водевте правилна политика уште во месец април оваа година кога се знаеше дека ќе биде суша, март-април да распишевте повици за набавка на сточна храна па дури и за лебно жито. Ценам дека многу од проблемите со поскапувањето на храната можеби ќе беа сигурно помали, дури и покачувањето на цените на прехранбените артикли ќе беше помало отколку што е сега.

Вие тогаш споревте со нас дека нема да има недостиг, дека нема да има потреба од набавка и сточна храна и лебно жито и мислам дека тука сега цената на вашето неправилно водење на оваа политика ја плаќаат граѓаните на Република Македонија преку секојдневно купување на поскапи земјоделски производи или основни прехранбени артикли.

Она што посебно ми пречи е тоа дека во делот на Министерството за труд и социјална политика многу средства се одземаат што се наменети за решавање на проблемите на така наречените ранливи социјални групи. Така, земате средства од парите предвидени за изградба на прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство, дневни центри за деца на улици, корисници на дрога и деца со пречки во развојот, потоа установи за згрижување на деца со пречки во физичкиот и психичкиот развој итн. Што значи дека повторно нешто правите што е спротивно на она што веќе и го кажавте на македонската јавност, а тоа е дека ќе се грижите за овие социјални групи.

И ставката 431 - Трансфери до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ја намалувате за 150 милиони денари. Таа е директен показател дека за пензионерите или за дел од тие бенефиции кои што беа исплатувани преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување немате намера да обезбедите средства и расправата до вчера што траеше во Парламентот околу измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, јасно покажуваа дека и во оваа сфера сакате да водите рестриктивна политика, да ги намалувате правата на осигурениците, да ги земете парите на пензионерите од солидарниот фонд и на крајот дури и да ги намените трансферите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, што значи дека средства има, а ги укинувате можностите или не сакавте да се продолжи старото законско решение да се остварува право на пензија и по основ на стаж.

Исто така ги намалувате трансферите од Агенција за вработување за 40 милиони денари, а веќе девет месеци пред Собранието кампираат стечајците и никако да најдете решение за нивниот проблем, а од друга страна ги намалувате трансферите од Агенцијата за вработување што, повторно, покажува дека немате чувство за решавање на проблемите на луѓе кои се во тешка социјална положба и кои луѓе одвојувале пари за изградба на Буџетот, одвојувале пари да може сега Владата да ги троши, или ние да седиме во овие фотељи, а нема средства, велите. Еве ги средствата зошто ги бришете од Агенцијата за вработување, зошто не донесете решение за стечајните работници кои се со над 25 година работен стаж.

Во делот на Министерството за култура повторно за градот Велес ги намалувате средствата за изградба на театарот иако, ценам дека имаше доволно време, доколку се имаше волја, да започне изградбата на театарот. Пет милиони денари скоро ги намалувате од средствата наменети за изградба на театарот во Велес, што е директно повторно спротивно на она што се заложувате. Гледам дека во Буџетот за наредната година имате предвидено средства, се надевам дека ќе ги реализирате бидејќи Велес, кој што е еден центар на културата во Република Македонија, да има една таква театарска зграда е навистина срамота и за понижување за еден таков град.

Исто така ги намалувате средствата за изградба на хидросистемот Лисиче и тоа е исто така ваша погрешна одлука или стратегија затоа што не е завршен хидросистемот Лисиче само со тоа што се заврши браната што се градеше повеќе од 15-17 години, туку е потребно понатаму да се изгради цевовод за полнење на Езерото Младост и за наводнување на земјоделските површини, а исто така и да им го исполните ветувањето што

сте им го дале на жителите од с. Лисиче дека ќе им изградите водовод и канализација.

И, најважниот проблем кој што треба да се реши за да може хидросистемот Лисиче да функционира е изградба на колекторски систем во селото Јаболчиште каде што во мементов фекалната канализација се влева во реката Тополка што го полни езерото, а се работи за населено место во кое што живеат повеќе од три илјади жители и понатаму нивниот број ќе се зголеми.

Значи господине министер најголем дел од средствата што ги кратите се однесуваат на оние потреби на граѓаните на Република Македонија државата кои што се директно поврзани со нивниот реален живот и исто така што е симптоматично е тоа што многу од ставките кои што сте ги планирале за основни плати и надоместоци исто така ги скратувате.

Би ве замолил, да ми одговорите зошто е тоа така. Зошто барем платите не сте можеле да ги испланирате реално. Дали, не сте успеале да ги реализирате сите вработувања кои што биле планирани и зошто едноставно, оние ставки кои што се најлесни за планирање, сега ги кратите. Значи, број на вработени по одреена сума на личен доход и придонеси, тоа најлесно се пресметува, а вие сега и тие ги кратите, значи, уште еден доказ дека не можете буџетската политика, буџетското планирање да го реализирате онака како што е потребно.

Околу намената на средствата кои што ги кратите од министерствата, најголем дел како што кажав, се предвидени да одат за Министерството за внатрешни работи , 620 милиони денари и тука побарав од вас да ми одговорите дали Министерството за финансии може тоа да го направи законски, односно имајки го предвид членот 3 од Законот за Јавни набавки, каде што јасно стои дека мора да има годишен план за набавка до крајот на јануари усвоен и одлука на Влада дека тој истиот е прифатен за да може за овие 10 дена Министерството за внатрешни работи да ги потроши овие средства.

Во однос на другите намени на кои што ги наменувате средствата, мислам дека помошта која што ја давате за две општини во Република Македонија, ако ви е ова почеток на некоја пракса, може и да се разбере. Но мислам дека не е добро ако тука застанете директно да финансирате дел од вашите градоначалници, очекувајки дека тоа ќе придонесе за нивно попозитивно оценување пред граѓаните.

Прво, околу средствата кои што ги наменивте за набавка на автобуси за градскиот превоз, за градот Скопје. Сметам дека носител на мерка која што ќе им го олесни животот на граѓаните на Скопје. До колку сте сериозни, и притоа набавите квалитетни автобуси, а не само да направите дека набавувате 40 или колку рековте, треба да бидат пред се квалитетни, подобри, а од друга страна индиректно признавате дека водевте до сега лоша политика спрема Јавното сообраќајно претпријатие и кога на пролет, под влијание на вашите советнички групи, одлучивте да ги намалите цените, затоа што Владата донесе одлука да го намали ДДВ за билетите од 18 на 5%. Знаете дека тогаш ЈСП нема да ја реализира таа одлука, затоа што има сериозни финансиски проблеми во своето работење и овие средства ќе послужат за покривање на дел од загубите. Но, за да биде Владата таа што е најискрена во своите политики, решивте преку советниците да ја донесете таа одлука и сега, кога дојде ред да ви се заканува штрајк од страна на вработените во ЈСП, или незадоволство, решивте на овој начин да им помогнете да набават нови автобуси, веројатно, да ги намалат трошоците во работењето и да можат колку толку или да преживеат, се надевам дека ќе може и да размислуваат за развој.

Околу северната трибина на Градскиот стадион, проект кој што беше во првичната проекција во Буџетот за 2007 година, навистина не е јасно зошто до сега не ја реализиравте. Беше прво планирано 150 милијони денари, па на еден ребаланс ги скративте средствата, сега ги зголемувате на 300 милиони денари. Дали Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор ќе носи одговорност, ако е носител на овој проект, зошто до сега не се завршени активностите околу ова. Зошто немало тендер, зошто не е избран изведувачот, зошто не се почнати работите, а сега наеднаш ги предвидувате овие средства. На крајот на краиштата, се поставува прашањето дали вие како Влада, која што има намера да прави најголеми буџети, да троши најмногу пари на граѓаните на Република Македонија,навистина знаете, имате проекции како за доброто на граѓаните да ги потрошите средствата. Ако не можете да изградите технолошко индустриски развојни зони, ако немате проекти за реконструкција на патиштата, ако немате пари да обезбедите премија за тутунарите од 30 денари, по ова од она што им го ветувавте по 60 денари, навистина не знам зошто сега почнувате со еден ваков проект За мене не е сфатливо дали е толку приоритетно северната трибина на Градскиот стадион да биде во наитно време изградена.

И би сакал, ако може да ми одговорите, бидејки цениме дека има многу други поприоритетни проекти во Република Македонија: инфраструктура, изградба на зони, создавање на предуслови за економски развој во одредени општини. Зошто не ги намените парите за рамномерен регионален развој. Општините имаат многу проекти за кои што немаат средства. Не сакате да им ги дадете, затоа што нормално, вие ќе бидете во тој случај во втор план, некои градоначалници ќе треба да бидат позитивно оценети во јавноста.

Со ваква политика која ја водите, не може да реализирате дел од вашите предизборни ветувања, дека ќе го подобрите животот на граѓаните во Република Македонија, дека ќе остварите економски развој, но за сите овие

рпашања ќе имаме можност повторно да разговараме, кога ќе дојде Буџетот за 2008 година, на кој што исто така имаме многу забелешки, бидејки продолжувате со вашата пракса да наменувате многу средства за реклами и само промоција на Владата, додека многу малку средства за конкретно решавање на проблемите на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки господин Слободан Најдовски не е тука, збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, еве и јас би сакал да го кажам мојот став, односно да го кажам моето видување, односно тоа што скаам да забележам, или да одобрам од овие средства кои се за пренамена и затоа уште на почетокот, можеби ќе се поклопам со дискусијата, или ќе се повторам со колегата Марјанчо Николов, околу тоа дека оваа Влада, односно Министерството за финансии и покрај тоа што ние во јули месец имавме ребаланс со кој што ребаланс тогаш Владата се фалеше дека имаме и имавме, зголемување реално на приходите, односно пед се, доаѓаат од зголемениот данок, од зголемената царина и т.н. и имавме околу 90 - 95 милиони евра, кои што тогаш со ребалансот во јули месец требаше да се испланираат каде и во кои министерства и по кои ставки и за што да се употребат и т.н. Но, се покажа дека иако тоа не е многу одамна, пред два три месец, сепак после два три месец имаме, односно избегнавме ребаланс, туку со одлука на Владата имаме прераспределба на овие средства, кои што Владата не успеа да ги потроши во овие три месеци и сега со одлука на Владата имаме пренаменување на одредени парични средства од едно во друго министерство, од една ставка во друга ставка. Значи, моето укажување, односно мојот почеток со којшто сакам да кажам е дека и покрај тоа што имаме средства, Владата, а тоа го кажаа и претходните мои колеги, не успеала да ги употреби средствата кои што ги има, односно ги има распределено од 31 август, да ги потроши овие средства кои што ги имаше на сметка и ги имаше во министерствата. Зошто е тоа така можеби и најверојатно, тоа што Владата го имаше планирано, или во наводници кажано го имаше планирано, а не добро испланирано, не успеа да ги потроши овие средства, затоа што атхок се донесоа одлуки,односно има прераспределено средства на одредени министерства. Затоа, јас не знам, еве денеска сме 13 декември и според мене тоа е трет ребаланс во оваа година, а не како што овде го имаме при распределба на средствата. Колегата Марјанчо Николов и претходните мои колеги кажаа, без разлика што Законодавно-правната комисија го одобри дека може,иако имаме над 15% прекршување на Законот, повеќе средства од 15%, сепак, бидејки има во Законодавно-правната комисија, повеќе членови од владеачкото мнозинство, без разлика дали е тоа исправно, дали е тоа неисправно, оваа Влада,ова парламентарно мнозинство во овие година, три четири и пет месеци работат односно донесуваат одлуки како што ќе им каже некој од Владата, или пред се, претпоставувам од премиерот Груевски.

Затоа во мојата дискусија кажав дека за мене е тоа трет ребаланс, а не прераспределба на средствата на 13 декември, од кои што, почитувани колеги пратеници, од овие средства имаме одземање на средства речиси од сите министерства, префрлување од други министерства. А дел од овие средства, значи голем дел, мислам дека се работи за 45 милиони, нема шанса да се потрошат и во оваа година, затоа што еве сега , иако понатаму би сакал да се навратам на тоа каде одат повеќе парите, јас нема да зборувам од каде се намалуваат, но ќе се задржам на неколку ставки, каде повеќе се слеваат средствата со оваа пренамена.

Зборот ми беше дека овие средства, нема шанса да се употребат во оваа година, затоа што сега знаеме, со овој Закон за јавни набавки околу 52 дена трае тендерот, па после треба да има жалби и т.н., значи да не зборувам понатаму, нема шанси дел од средствата кои се пренаменуваат во капитални инвестиции, да се потрошат во оваа година. Значи, тие ќе се потрошат во следната година, или со други зборови и покрај тоа што Владата секој ден излегуваше на телевизија и промовираше барем ако не преку 2 до 3 дена некоја нова нивна иницијатива, или вложување во одредени сектори, милсам дека барем 60 до 70% од сето тоа што се рекламираше на телевизија, од сите тие големи потрошени пари за реклама можеби ќе се реализираат во следната година, или можеби Владата уште еднаш ќе излезе и за иста работа ќе промовира некој проект во 2008 година.

Од каде имаме најмногу средства одземено, да не се повторувам со колегите, знаеме дека од Министерството за одбрана и не знам кој е мотивот од ова Министерство да се одземаат толку многу пари и да се префрлат на друго место, не знам дали Владата веќе е сигурна дека таму, во Министерството за одбрана е се како што треба по европските стандарди и нема потреба да ги трошиме парите во ова Министерство, иако, јас не би се согласил со тоа, затоа што сепак, ова е едно Министерство кое што треба секогаш да се надградува и да се модернизира према европските стандарди, иако ние велиме дека имаме постигнато одреден степен според европските стандарди, сепак, сме далеку и треба да го модернизираме и унапредуваме ова Министерство, а дали треба луѓето кои што се вработени, луѓето кои што работат во ова Министерство да останат со исти лични доходи, или да им се зголемуваат, тоа не би сакал да го коментирам иако мислам дека треба да се води сметка и за овие луѓе кои што се вработени таму и кои што во одреден период, односно во изминатиот период во Република Македонија дадоа многу, односно беа изложени на ризик дури и со својот живот. Затоа, треба да внимаваме и на

овие луѓе да им овозможиме една пристојна плата, ако не како некоја високо развиена земја, сепак според мене, Министерството за одбрана и според тоа што го читаме, е Министерство кое што најмногу има отидено напред и затоа треба да внимаваме.Не знам кои се причините, ќе каже самото време дека од ова Министерство се одземени најмногу средства и се префрлени на други ставки, односно други министерства.

Понатаму, моето најголемо несогласување околу средствата кои што се префрлаат е во голем дел од овие средства се употребуваат за набавка на возила, мебел, инвентар и т.н., особено во Министерството за внатрешни работи, каде што мислам дека имаме бројка од околу 620 милиони денари, тоа е една голема бројка, голема сума на пари која што, повторно ќе повторам,мислам без разлика што одредени министерства имаат право да набавуваат опрема и други средства за нивна потреба, сепак мислам дека 13 декември е многу доцна за да се префрлуваат овие средства и без тендер. Мислам дека се однесува за Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и некои други институции. Сепак мислам дека овие средства и до 26 декември ќе не можат да ги искористат, затоа што многу е краток периодот. Еве денеска сме 13 и ни остануваат можеби не повеќе од 10 дена овие средства да се искористат во наредниот период.

Кога зборуваме за тоа колку имаме дадено во одредени министерства, јас мислам дека би можеле овие средства попаметно да се искористат, односно да се дадат во одредени министерства,каде што народот, односно граѓаните на Република Македонија би имале повеќе корист, отколку таму каде што ги пренаменуваме, како што реков за мебел, возила и друг инвентар.

Пред се, би сакал да напоменам дека на пример кога почнав да зборувам за овие 600 милиони денари почитуван министре кој што ги имате пренаменето во Министерството за внатрешни работи.

Бидејќи јас веќе една година, година ипол во ова Собрание, повеќе зборувам за земјоделието, и минатата година кога го носевме Буџетот за 2008 година, и ребалансот кој што беше за 2007 година, значи Буџетот за 2007, ребалансот за 2007 година, јас и неколку мои колеги имавме поднесено амандман и зборувавме дека се потребни некаде околу 600 милиони на годишно ниво, значи за субвенциите кои што ги бараме, ги баравме, и ќе ги бараме и секогаш ќе ве потсетуваме дека треба да го исполните вие како владеачка гарнитура, тоа што го ветивте во 2006 година. А што беше тоа? Прво, би сакал да кажам за земјоделците, односно за тутунарите.

Претходната Влада, имаше договорено 30 денари по килограм тутун. Можеби ќе бидам погрешно сфатен од некој, или ќе каже некој пратеникот Ацо Киров секогаш тоа го повторува, но кажав дека ќе зборувам за тоа и ќе се борам до крај, односно мојата поента беше дека претходната Влада имаше договорено 30 денари по килограм тутун. И тоа требаше да го реализира, ако останеше претходната Влада на власт, или како што вие дојдовте на власт, вие требаше тоа да го исполните. А вие во изборната кампања и пред тоа ветивте не 30, ајде сега да не кажам 60, еве ќе кажам слободно дека 40, 50, денари ветивте: кога ние ќе дојдеме на власт ќе има 45, 50 денари по килограм тутун. Јас тоа го зборувам за струмичкиот регион кога беа блокадите на патот Ново Село - Струмица на самиот граничен премин, таму доаѓаа некои од вашите активисти, вашите бивши пратеници, или имам сознание сега не можам посебно да кажам кој бил, но слободно ќе кажам дека таму бил вашиот портпарол Бичиклиски кој викал: издржете уште малку и ние кога ќе дојдеме на власт 60 денари по килограм тутун ќе плаќаме. Така не се лажат граѓаните. И затоа најмногу сум револтиран и секогаш зборувам за овие 15 денари. Ако немаше притисок од опозицијата, јас не сум сигурен дека и овие 15 ќе ги добиеа граѓаните. Но, ние и понатаму како опозиција ќе се залагаме за тоа и се надевам дека дел од вас од пратениците од позицијата ќе не поддржите да издејствуваме за 2006 и 2007 плус 15 денари што следуваат од она што беше договорено од претходната Влада. Тоа е една работа. Значи, 600 милиони денари наместо таму во Министерство за внатрешни работи, еве јас така размислувам и мислам дека сум во право и мислам дека голем дел и сум убеден дека голем дел од земјоделците кои што беа разочарани во претходниот период, гласаа за вас, и требаше ова што им го ветивте пред изборите, да го исполните.

Понатаму, би сакал исто така да кажам нешто околу локална самоуправа, односно околу тоа колку средства добиваат, колку парични средства за капитални инвестиции добиваат, или дотации локалните самоуправи, односно ние СДСМ каде што имаме градоначалници? Мислам не би сакал многу да зборувам, или да објаснувам, тоа е јасно како бел ден дека оваа Влада, оваа владеачка гарнитура таму каде што имаме ние градоначалници, средствата кои што ги дава во општините со градоначалници од СДСМ се или многу намалени, или се средства со кои што не може ниту пет метри, нека бидат и 500 метри да се асфалтира пат. Затоа можеби вие си водите некоја ваша политика, можеби најверојатно и сум убеден во тоа дека ги форсирате вашите градоначалници, давате таму повеќе средства за да во некои следни избори бидат како поуспешни градоначалници и народот да ги гласа, дека тие придонеле за градот од кој што доаѓаат, односно градот кој што го водат. Кога го гледам ова прераспоредување на средствата кои суми на пари се префрлуваат од една сметка на друга, или крајната е 45 милиони евра вкупно. Не знам зошто Владата на Република Македонија некои, сега да не кажам ситни, но крупни прашања во Република Македонија не сака да ги реши, иако може со овие средства, со дел од овие средства да се решат крупни прашања во Република

Македонија. Тоа се како што кажав може да се реши прашањето со тутунот во Република Македонија на ниво на Република Македонија, пак ќе пвторам, значи треба да има 30 денари премија, 600 милиони денари. Тоа прашање може да се реши. Минимални средства, или никакви до локалната самоуправа. Овие надвор, стечајците, стечајните работници веќе, мислам дека во јануари ќе наполнат 12 месеци како се пред Собранието. Исто така, не сакаме да го решиме и нивниот проблем. Иако има расположение одредена група пратеници од Парламентрното мнозинство, сепак штом нема расположение кај ВМРО ДПМНЕ, не може и тоа да помине, иако и овде би ја кажал сумата, сега не знам дали би погрешил, но можам да погрешам горе, долу, за 5%. За 5 до 6 милиони евра се работи за овие стечајни работници кои што се надвор веќе година дена.

Понатаму, еден од проблемите на кој што треба да се обрне внимание и така како што се трошат парите лесно за возила, значи, пак ќе повторам за канцелариски материјал, требаше барем со оваа пренамена да се обрне внимание, јас имам сознанија и во некоја претходна дебата имаат кажано пратениците од ВМРО ДПМНЕ, за прочистување на речните корита во Република Македонија. Јас пред се би кажал за струмичкиот регион, дека веќе годинаипол Владата на Република Македонија за таму нема издвоено ниту еден денар за прочистување на речните користа. Знаеме дека Струмица е голем регион кој што е склон на поплави, бидејќи речните корита на двете, односно поголемата река Струмешница не е прочистен, јас зборував минатиот пат за реката Струмешница од четири до пет километри, или терцијални или секундарни канали некаде околу 82 километра. Но, сепак, тоа е многу малку тоа што го направи претходната Влада. Значи има за 82 километри издвоено средства и тоа се направи, се ископаа каналите и има подобрување таму каде што се има интервенирано. Треба да се обрне внимание и на тоа и требаше дел од овие средства кои што се пренаменуваат да поминат во оваа ставка за прочистување на речните користа во Република Македонија. Пред се би сакал да кажам дека во Струмица навистина имаме потреба за прочистување на речното корито на реката Струмешница и реката Турја.

На крајот би се вратил пак како што почнав, со тоа дека со засилените механизми кои што ги користи Владата за контрола. Имаме зголемување на приходите, беа планирани така како што беа планирани во август месец, но не добро испланирани, или јас слободно ќе кажам, набрзина и сега овие средства иако има изминато само 2, до 3 месеци не можевме да ги истрошиме или не можевме да се договориме, или не можеа да се договорат одредени структури во владеачката гарнитура кој како да ги искористи, или кој да конкурира за одредени тендери кои што беа распишувани и кои што беа поништувани. Јас посебно нема да навлегувам со сегашнава моја дискусија што каде има успешни, неуспешни тендери. Но, кога ќе биде буџетот на 17, тогаш ќе кажам повеќе околу оваа работа. Сега министерот на крајот на мојот говор, ако ме слуша, јас ќе го запрашам јавно министерот, се работи за Министерството за образование. Пред некој ден гледавме на телевизија како ВМРО-скиот претседател на студентите кажува дека во Република Македонија 60 и неколку години ништо нема направено, а како оваа Влада за малку време направила многу. Мислам дека тоа е една голема лага, тоа не е точно. Ние знаеме што има направено во Скопје за студентите, ако не знаеме колку има реновирано, знаеме што има направено. Значи, студентите во Република Македонија или оние кои доаѓаат од надвор не живеат во приватни станови, туку еден голем дел од тие студенти живеат во студентски домови кои се направени за овие 30 години. А не да се пласираат такви лаги на јавните медиуми како што беше пред две вечери. На крајот ќе дојдам до тоа што сакам да го кажам и тоа што сакам да го запрашам министерот. Значи, Министерството за образование имаше со Буџетот од 2007 година 45 милиони евра предвидени, или дадени во Минсиерството за образование кои што средства требаше да одат за реновирање, или изградба на нови студентски домови, значи, градење на нов студентски дом од помал капацитет, или доградба на постојните студентски домови 45 милиони евра. Овие средства еден подолг период не беа префрлени таму каде што требаше да бидат наменети. Понатаму, имаше распишано, или беше договорено да се распише тендер за некаде од прилика 19 милиони евра, ако не се лажам, или според податоците и сознанието што го имав добиено некаде во месец април за 19 милиони евра, 21 милион евра неискористени. Но, и овие 19 милиони евра, за кои што имаше распишано тендер не беа употребени и ден денеска не се употребени и не се знае каде се овие средства. А со Буџетот гледаме дека сега за 2008 година, ако не се лажам има планирано за студентските домови некаде околу 4,5 милиони евра. Сега не сум сигурен дали и овие 4,5 милиони евра ќе ги добијат студентите за подобрување на условите во студентските домови кога и овие 45 милиони кои што беа доделени со минатиот буџет не беа искористени за цели 350 дена поминати во оваа тековна година. Што беше причината, зошто не се употребија овие средства, зошто така се лажеше пред два дена на телевизија, тоа најдобро вие го знаете, затоа што овде имало најверојатно интереси на одредени структури кои што не можеле да се договорат. И затоа останаа овие средства неискористени и не само овие средства, најверојатно голем дел од овие средства за кои што денеска зборуваме и кои што во наредните 3,4 дена најверојатно ќе ги пренамениме се од лични интереси, интереси на одредени поединци кои што не можеле да се договорат, не можеле да ги искористат средствата и така останале неискористени што на оваа Влада најголемиот недостаток е тоа што не може да го потроши тоа што ќе го испланира за буџетската тековна година.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Прилично е непријатно како пратеници да бидеме доведени во ситуација на неколку дена пред почетокот на дебатата за новиот буџет за наредната 2008 година да дискутираме по вака незаконска одлука за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници кои практички немаат никаква сериозна аргументација за нивната реалокација. Самиот факт дека во образложението на Предлог одлуката која што е предложена од Владата се вели дека единствената цел со која што се предлага оваа одлука е да се обезбедат дополнителни средства за реализација на започнати проекти, на активности на Владата на Република Македонија кои реално можат да се реализиаат до крајот на годината, доволно зборува за несериозноста на ваквиот потег. Тоа го образложуваа некои од моите колеги. Јас ќе го образложам понатака. Меѓутоа, ваквото однесување ми дава за право да ја коментирам политиката која што ја води оваа Влада и не само во изминатава година, туку од почетокот на нејзиниот мандат. Она што на што сме сведоци овие 15 месеци, оваа една ипол година откако е ВМРО ДПМНЕ на власт е барем сега за сега неуспешниот обид да се создаде во Република Македонија некаква виртуелна реалност. Се надевам дека Владата е свесна дека безбројните и исклучително скапи кампањи кои што ги промовира во јавноста не успеваат да наметнат виртуелна реалност во која што сите ќе живееме свесни во економска благосостојба која што Владата ни ја обезбедува, ќе имаме љубов, разбирање и толеранција меѓу себе итн., ќе имаме одлични услови за зголемување на семејството, ја сфаќаме улогата на образованието која што впрочем дури сега ја откривме, да не беше кампањата на Владата, немаше да знаеме итн. И сето тоа наспроти лошата економска состојба која што се случува во земјата, наспроти бројните поскапувања кои што го засегаат секој граѓанин во Република Македонија, наспроти таквата виртуелна реалност, реалната слика е дека бројот на социјалните случаи бележи пораст во 2007 година.

Реалност е се поголемата детска сиромаштија согласно Извештајот на УНИЦЕФ, реалност е бројот на отворени народни кујни со кои се фали и гордее Владата, што е сосема спротивно од фалбите на колективните прес конференци за успешните потези во економската сфера.

Ваквото креирање на виртуелна реалност нема да и обезбеди на Владата подобрување и на политичката клима, подобрување и на економската состојба и подобрување на состојбите во здравството, заради тоа што тоа се прашања со кои граѓаните секојдневно се сочуваат и се свесни и ги чувствуваат на себе катастрофалните последици кои се резултат на непромисленаната политика на Владата во изминатава година.

Она што е неразбирливо се исто така неколку контрадикторни изјави кои и денес во своето излагање ги даде господинот Славески, заради тоа што од една страна во образложението велите дека ова се проекти кои реално можат д се реализираат до крајот на годината и во нив меѓу другото наведувате дека станува збор за потребата за изградба на станови за лица со ниски примања од една страна, а од друга страна во образложението кое го дадовте на денешната седница во прилог на тоа дека треба да се направи реалокација на буџетските средства посочувате еден пример со Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони, од која сте барале одговор зошто до крај не се реализирани средствата кои во два наврати веќе се давани на Дирекцијата на користење. Одговорот на Дирекцијата е дека некои фактори кои се надвор од нивното влијание, како на пример временските услови оваа есен, оневозможиле некои градежни активности до крај да се реализираат. И ова го кажувате како пример зошто дирекцијата не била успешна во реализација на одредени потфати.

Тогаш јас ве прашувам почитуван министер, како тогаш може реално да очекувате за само 10 дена да се изградат станови за лица со ниски примања, кога временската ситуација сега е многу полоша отколку оваа есен и ако ова било за вас добар изговор за Дирекцијата за нереализирање на инвестициите кои и биле нејзина обврска, тогаш се прашувам како може да ви биде аргумент за да ставите, да одделите милионски суми средства за ваквата ставка. Значи станува збор за чисто популистичка мерка, станува збор дури, ќе земам слобода да кажам, за класично перење на пари пред крајот на оваа година, заради тоа што нема никаква логика во реалокација на одредени буџетски средства и тоа дури ни вие самиот не можете да го кажете, ниту пак за тоа бевте доволно убедлив за време на вашето воведно излагање. Заради тоа што не можете да не убедите дека само за овие 10 дена за економска промоција на Владата ви се потребни 12 милиони денари дополнително. Ако велите вие дека овие средства за 10 дена можете реално да ги искористите,јас на тоа верував, заради тоа што вие можете да најдете начин како тоа да го направите, меѓутоа, најмалку тоа ќе оди во прилог на економската промоција на Република Македонија. Или пак можеби новото роут шоу што го промовира премиерот Груевски заедно со неговите пријатели и заедно со неговата фамилија можеби чини навистина толку или можеби дури и повеќе, меѓутоа, тоа сигурно нема да биде бенефит за граѓаните на Република Македонија. Исто така, не може да ме убедите дека е клучно и стратешки од исклучително голем интерес за граѓаните на Република Македонија да одделите 18 милиони денари од ставката купување на мебел, опрема, возила и машини во

Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Сакам да ве потсетам на вашето предизборно ветување дека на оваа ставка ќе одделувате средства нула. Тоа се покажа дека не е така и во претходниот Буџет, и покрај вашето предизборно ветување, напротив, оваа ставка ви се виде многу примамлива, и покрај тоа што дури излеговте на прес конеренција и вашиот партиски портпарол се обидуваше да ги убеди граѓаните дека не сте го направиле тоа до сега. И Буџетот и ребалансот на досегашниот Буџет, вклучително и оваа Предлог-одлука за реалокација на средствата се демантира и укажува на тоа дека едно од ветувањата кое сте ги давале во предизборната кампања го прекшувате и дека интересот на оваа Влада е повеќе свртен кон себе, кон креирање на одредена слика во јавноста за себе преку капањите од една страна, промовирање на Владата и креирање на имиџ во јавноста која Владата де факто не го залужува и кое што за среќа се откри, особено после случајот со ТЕЦ Неготино кога јавноста веќе ја сфати дволичната игра на Владата која од една страна се промовира како Влада која е исклучително посветена на борбата против корупцијата, а од друга страна е главен промотор на коруптивни зафати во Република Македонија. Исто така, не можете да ме убедите дека е клучно во овие 10 дена во Министерството за финансии во разни трансфери да ја зголемите ставката во делот за функции на 342 милиони денари, за други градежни објекти над 200 милиони денари повеќе, за капитални трансфери до вонбуџетски фондови за 45 милиони денари и тн. Ова се средства на граѓаните на Република Македонија за кои вие немавте во вашето воведно излагање одговор зошто ви се потребни точно овие 10 дена и јас се прашувам дали од оваа ставка со оглед на тоа што упорно се криете и покрај тоа што се промовирате како најтранспарентна Влада, вие не ми одговоривте до сега од која ставка во Буџетот им исплаќавте на функцинерите кои дојдоа од странство за одржување на нивните имоти во странство, за кое што граѓаните на Република Македонија одвоија милионски суми со тоа што плаќаа даноци кои влегуваа во Буџетот, вие од Буџетот без да ги консултирате граѓаните, без нивна дозвола решивте одредена категорија на функциноери да биде привелегирана и со самото тоа што сте им ја дале привелегијата да бидат функциноери и во Владата и во другите владини институции, граѓаните на Република Македонија во знак на благодарност дека се нафатиле овие лица да бидат функционери во Република Македонија, а дошле од странство, дека треба граѓаните да им го плаќаат одржувањето на нивниот имот во странство. Јас ве прашувам дали е ова ставката од која што им плаќавте на владините функционери одржување на нивниот имот во странство Зоран Ставрески, Виктор Мизо, Димшоски, Ташковиќ, Иво Ивановски и тн. и дали е начинот кој што го најдовте, после одлуката на Уставниот суд, да продолжите да им го исплаќате одржувањето на имотите во странство на владините функционери откако Уставниот суд реши да ја укине одлуката за која ние ве убедувавме цело време дека е противуставна и незаконска, меѓутоа, за жал Законодавно-правната комисија сметаше дека е и согласно со Уставот и согласно со законите, да се одвојуваат средства за оваа намена. Дали е ова новиот начин што го пронајдовте да ги исплаќате средствата за одржување на имотите во странство на владините функционери кои пред да станат функционери жиееја во странство. Тоа е моето прашање и молам да ми одговорите.

Интересно е тоа што вклучително огромен дел од средствата и во Министерството за финансии и во Министерството за транспорт и врски се одделуваат на ставката за капитални субвенции за претпријатија и невладини организации и јас се прашувам зошто е тоа така. Дали е ова некаков дил со одредени невладини организаци, за чија цел се одвојуваат овие средства и зошто е неопходно само 10 дена пред завршувањето на фискалната година ова да се прави. Уште поинтересен е делот во образованието. Во делот на образование, во основното и средното образование не знам дали тоа е направено во консултација со ЗЕЛС заради тоа што тоа го имаат како обврска согласно закон, вие ги намалувате средствата за греење. Половина месец пред крајот на годината вие енормно ги намалувате средствата за греење за основното и средното образование, не знам по која проценка, а од друга страна сте одвоиле во основното и во средното образование за разни трансфери огромни суми на пари, во основното образование се 762 илјади денари, во средното образование се 46 милиони денари. Меѓутоа, уште поинтересно е што сте ја зголемиле сумата за капитални субвенции за претпријатија и невладиниорганизации на 100 милиони денари ставка од основното образование. Јас навистина не можам да разберам како може да биде проприоритетно одделување на милионски суми на 16 милиони евра, на речиси 16 милиони евра за претпријатија и невладини организации од една страна, за сметка на намалување на средствата за греење во основните и средните училишта. Како можете да гледате оправданост за таков потег во сред зима, на половина месец пред истекот на годината.

Интересно е исто така што се случи, за да може да го остварите она што сега го планирате во буџетските средства, а тоа е што во екот на кампањата "Знаењето е моќ" ги повлекувате сите средства од научноистражувачки проекти доделени на факултетите без никаква најава, а за сметка на купување на возила во Министерството за внатрешни работи, за сметка на кампањите што ги промовирате и тн. и на тој начин да ги ставате факултетите во многу непријатна ситуација, заради тоа што средствата од тие проекти биле планирани дел за реализација на тие проекти по различни основи, секој си ги планирал тие средства заради тоа што веќе биле

доделени. Меѓутоа, интересна е политиката на оваа Влада во изминативе 15 месеци, кога станува збор за финансирање на научноистражувачките проекти, постојано слушаме дека се зголемуваат средствата во науката, во Буџетот со ребалансот и тн., гледаме колку е важно знаењето и колкава е неговата моќ преку кампањите, благодарение на кампањите што ги реализира Владата, меѓутоа, во реалноста се случува нешто сосема поинаку, нешто сосема друго. Имено, минатогодишниот конкурс од Министерството за образование и наука за национални проекции распишан во јуни 2006 година се поништи заради наводно ненавремено спроведена процедура за селекција и рецензија. Во октомври 2007 година се распиша нов конкурс за домашни проекти, чија што процедура сеуште треа. Значи вие прескокнувате една цела година во финансирање на домашни проекти и на тој начин немате финансирање во науката, туку напротив на тој начин сте успеале да не финансирате во науката една цела година, наспроти заложбите за нешто сосема спротивно. Од друга страна, финансиските средства за меѓународните проекти за кои како Република Македонија сме се обврзале да кофинансираме или да учествуваме со дел од средствата исто така ги повлековте. Јас ве прашувам каков имиџ градите на Република Македонија надвор заради тоа што колегите, нашите колеги во билатералните проекти со странски држави, Бугарија, Турција, Хрватска и тн., со кои Република Македонија има склучено договор за меѓународна соработка, практично ќе бидат оневозможени да учествуваат, уште повеќе што тие држави ќе гледаат од сосема поинаква позиција спрема Република Македонија кога ќе сфатат дека речиси една цела година не е финансирано во научноистрачувачки проекти, а дека она што планирале да го реализираат со нивните колеги од Македонија до крајот на оваа година не се во можност да го направат заради тоа што Владата ненајавено им ги повлекува сите средства од сметките кои се доделени.

Има една друга, исто таква коинциденција, интересна коинциденција. На одредени факултети, средствата што се повлечени од научноистражувчки проекти чудно коинцидираат со средствата што требаше да бидат доделени за ваучарите на секој од факултетите. И сега, јас ве прашувам кога ја зборувавте вистината? Дали кога не убедувавте дека во Буџетот има доволно средства за ваучари и дека нема потреба од дополнителни финансиски средства или сега, кога повторно не убедувате дека оваа одлука мора да ја направиме за да се обезбедат средства за ваучарите за студентите, меѓутоа не кажавте дека тоа ќе биде на начин како што го напрвивте со одземање средства од научноистражувачки проекти на универзитетите и факултетите во Македонија.

На крајот, сакам да ви порачам дека, колку и да се обидувате да креирате витруелна идеална ситуација во Република Македонија, нема да може да го негирате фактот дека на Светскиот економски форум, на годинешната листа за конкурентноста на економиите, Македонија е класифицирана 10 места подолу. И покрај тоа што не излеговте заедно со премиерот на колективна прес конференција да го соопштите тоа, на Владата, нема да можете да ги покриете сите неуспеси на македонската надворешна политика во текот на вашето владеење, нема да успеете да го покриете коруптивното дејствување и криминалот што Владата го прави и заради тоа, се надевам, дека ќе бидете подготвени да понесете одговорност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот министер.

Повелете министре, вашите три минути.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Пратеникот Грковска, иако со задршка, го изговори зборот “перење на пари”, дека наводно, ова што Владата го предлагала личело на тоа.

Јас, категорично тоа го одбивам, го демантирам. Мислам дека треба да се прочита дефиницијата што значи перење на пари и тој збор да се користи малку повнимателно.

Второто, конструкцијата дека со наводното одземање на средства, што биле идентични на оние што на факултетите им се доделуваат за ваучери за студентите, се правела некоја компензација, мислам дека е тоа несериозна измислица и конструкција на пратеникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Славица Грковска, има контра реплика, 60 секунди, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, јас сакам да ви порачам дека е крајно несериозно вашето однесување како Влада, со тоа што незаконски предлагате ваква Предлог-одлука за пренамена на стредствата, со цел да обезбедите милионски суми средства за Министерството за внатрешни работи да обезбеди опрема која никој не знае што значи, за што служи и за економска промоција на Владата.

Би сакала да ви порачам вие повнимателно да ги користете средствата што граѓаните ги уплаќаат на Буџетот, заради тоа што вие ја имате таа обврска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски, имате збор.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван министер,

Јас, заради некој сплет на околности немав можност денеска да ја следам целата расправа, односно да бидам искрен и немав можност заради други обврски во Парламентот воопшто да ја следам расправата и сега може имам хендикеп, а може има и предност заради тоа што не сум оптоварен со тоа што беше кажано и тоа ќе ми дозволи да си го соопштам своето мислење.

Ќе се обидам да бидам исклучиво концизен односно да не се расплинувам и само 4 точки на моето мислење да ги изнесам.

Првото е, дека практично ние денеска за една календарска година го гледаме третиот ребаланс или четвртиот Буџет, како сакате, по четири пати дебатираме за една позиција што Собранието треба да ја донесе и ако не ме лаже меморијата, мислам дека Владата и министерот за финансии постигнуваат денеска неславен рекорд да на 4 пати го менуваат Буџетот што самите си го предложие во декември 2006 за 2007 година, заклучно со последните две недели во кои сме влезени од оваа календарска година.

Тоа за мене укажува на две работи. Првата работа е неможноста сериозно и темелно да се испланира политиката и начинот на трошење на пари од почетокот, па тоа мора да се премостува на секои два три месеци во Собранието со дополнителни ребаланси или одлуки, а тоа веројатно особено важи таму каде што Владата треба да посвети најголемо внимание, што очигледно оваа Влада не го посветува, она е ориентирана повеќе кон социјалните и исплатата на палатите и социјалните програми. Многу малку посветува внимание на тоа како се користат средствата за капитални инвестиции.

Сведоци бевме дека во супцесивните ребаланси најчесто во овие 4 капитални инвестиции од почетокот до крајот се намалуваат во обем и со секој нареден ребаланс ставката се намалува надоле. Тоа беше послениот ребалас-случај во септември - октомври или кога беше, сега е повторно случај, Станува јасно дека Владата не може да се снајде и да ги потроши средствата за капитални инвестиции, наспроти тоа што постојано добиваме прес-конференции на кои постојано измислуваат некои нови проекти кои ги измислуваат а на крајот елегантно да ги избришат од Буџетот и да останат да висат.

Сега, на крајот, да ја видиме и последната од иновативните можности на Владата, практично сите неискористени капитални инвестиции на еден крајно сомнителен начин да ги префрлат во трансфери кои ќе завршат во институции државни претпријатија, јавни или државни институции или локални институции кои немаат обврска календарската година да ги потрошат, туку ќе им се префрлат во наредната година и на тој начин да ги спасат оние капитални инвестиции кои не можат да ги потрошат во тековнава година.

Како резултат на тоа, ние добивме од Владата практично во неколку субцестивни буџети да ни се соопштуваат истите проекти. Истите проекти што беа соопштени во 2007 сега очекувам и ги гледам во наредниот Буџет за 2008 година. Сега се бришат од овде, така што Владата има можност во неколку експозеа, во неколку прес-конферанции сукцесивно да ги соопштува истите проекти на јавноста. Ќе соопшти во декември 2006 дека ќе гради музеј, па после тој музеј ќе го избрише со Буџетот нема да ги реализира капиталните инвестиции, ќе останат непотрошени, па ќе го вети повторно во 2008 како што одат работите најверојатно ќе ги ветува и во 2009, така што ние практично се бавиме со истите инвестиции постојано.

Од тој агол гледано, оваа одлука која денеска е предложена мислам дека повеќе зборува за неможноста Владата да менаџира, отколку за можноста Владата да менаџира. И повеќе зборува за неможноста на Владата доследно да испланира за што ќе ги троши и како ќе ги потроши парите отколку што зборува дека има доследност, затоа што сега, како што кажав, ги пренаменува за други потреби во последните неколку месеци.

И веднаш да кажам дека апсолутно не се работи за дополнителни пари, што во неколку наврати беше кажано овде од луѓе кои припаѓаат на власта, без разлика извршната или парламентарната власт, со оглед дека нема дополнителни приходи во Буџетот во овој ребаланс или во оваа одлука туку се врши смо прераспределба на постојните трошоци кои не можат очигледно да ги искористат.

Мислам дека работите ќе завршат, на крајот според следново: министерот за финансии и премиерот на Република Македонија кога во првиот квартал или првите два квартали од оваа година имаше разлика помеѓу извозот и увозот во Република Македонија не испуштаа собраниска говороница, не испуштаа прес-конференција, не испуштаа пратеничко прашање, па дури и реклами во весниците да соопштат дека извозот расте дупло од увозот. Сега почитувани колеги, почитуван минстер последниот податок кажува дека вашиот извос и вашиот увоз во 2007 година се изедначија заклучно со октомври. Па имате 38% раст на извозот, 37% раст на увозот. Со оглед дека во Македонија извозот и увозот се во соодност 1:2 тоа значи дека трговскиот дефицит значително се шири, односно тоа со што се фалевте на почетокот на годината полека го снемува до крајот на годината. Сега се плашам дека во последните два месеци може да се случи, не само што ќе се изедначат, туку увозот да го надмине извезот во раст. Тоа, се разбира, мислам дека се случува во многу сектори кои Владата ги промовираше како свои позитивни работи вклучувајќи го и овој Буџет.

Јас, во поединости нема да навлегувам затоа што мислам дека самата одлука кажува се, едноставно парите не можат да се потрошат и сега се ставаат на други позиции каде што можат да се трошат идната година.

Меѓутоа господин минстер, господин претседател и господа пратеници би сакал да го кажам моето мислење и во врска со законитоста на оваа одлука, а тоа го кажав и кога се отвори расправата.

Значи, јас и понатаму стојам на мислење дека одлуката кога Владата ја предложи до Собранието е спротивна на Законот за буџети, дека Собранието ќе донесе де факто незакоска одлука затоа што пренаменува со зголемување

или намалување повеќе од 15% што е недозволено со одлука, дури и креира нови програми. Претпоставувам дека, како што работите во оваа држава се движат во моментот, тоа ќе се случи во Собранието, ќе се донесе одлука спротивна на Законот за буџети членот 33, ќе се објави во Службен весник и сега сакам да го прашам министерот за финансии, господин минстер откако оваа одлука ќе се објави, вие, како надлежен за спроведување на Буџетот за кога Законот за Буџет е закон кој е на сила, што ќе спроведете кога буџетските корисници ќе доставaт до вас барање за исполнување на обврските што им ги давата со одлуката која е денеска на дневен ред? Дали ќе постапите согласно одлуката објавена во Службен весник донесена од Собранието утре или задутре, без разлика, или ќе постапите согласно Законот за буџети кој не дозволува повеќе од 15% со одлука да се пренаменат?

Сакам веднаш да кажам дека се работи за околу 2,5 - 3 милијарди денари и дека веројатно вие нема да го почитувате Законот за Буџет и ќе ги извршувате одлуките кои се спротивни на Законот за Буџет. И сега сакам само да потсетам, дека за многу помали работи во оваа држава од 2,5 милијарди денари утврдувате дека некој, за многу помали износи ја злоупотребил службената должност, за многу помали износи од 2,5 милијарди денари, утврдувате дека го прекршил Законот и Буџетот и дозволил или не дозволил потрошувачка над утврдената од законот. И врз основа на тоа луѓето ги изнесувате со лисици и ги носите во притвори.

И сега сакам да ве прашам, дали мислите дека со исполнувањето на оваа одлука која е противзаконска само мислењето на вашат Влада, на вашиот обвинител, на вашето Министерството за внатрешни работи ова ќе се цени или мислите дека некој ден може, некој друг состав и некој друг обвинител, некој друг минстер за внатрешни работи да оцени дека сте го прекршиле законот? Ако сега сметате дека тоа може да се прави, сакам само да упатам дека некој друг некогаш може ќе има поинакво мислење и ќе утврди дека тие што ќе потрошат повеќе од плус-минус 15% средства утврдени со оваа одлука, дефакто ќе го прекршат законот и ќе ја злоупотребат службената должност? Што тогаш ќе се случува, мислам дека ќе треба да се разговара тогаш кога ќе дојде времето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер за финансии Славески има збор или реплика, како се одлучувате министре.

Реплика, повелете вашите три минути.

**Трајко Славески:** Мислам дека може со реплика да се одговори.

Господинот Поповски, мојот претходник беше многу краток но и пробоен и опасен.

Само ќе кажам дека не се срамиме што по трет пат вршиме прераспределба на приходите и расходите затоа што не сметаме дека треба некому да се извинуваме што наплатата на даноците, со намалени даночно стапки ги надмина сите очекувања. Почитуван Поповски за ова пишува “Вол стрит журнал” претпоставувам дека се уште читате делови од “Вол стрит журнал”

Не стои зад оваа одлука или овој предлог само Владата на Република Македонија, не само министерот за финансии, зад тоа застана Законодавно-правна комисија при Собранието на Република Македонија.

А ова што вие сега мене ми се заканувате, ќе го кажете пред македонската јавност, ама око не ми трепнува, затоа што цел живот сум чесен, чесно приоѓам кон работите, носиме одлука врз основа на она што најмногу и најдобро го знаеме во моментот. А ако вие имате некоја грижа на совест кажете да почнам да пребарувам по материјалите што ги оставивте зад себе. Оваа година ипол, или 14-15 месеци работам во интерес на граѓаните и не барам што сте работеле, што сте оставиле, ама можеби ќе почнам да го правам тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине минстре.

Господине Поповски вашата контра реплика од една минута.

**Никола Поповски:** Јас никому не се заканив, повикав на закон. А вие се заканивте дека ќе почнете да пребарувајте.

Немојте да почнете затао што вашите колеги од Министерството за внатрешни работи пребаруваа долго време што сум работел и дури ќе ми падне криво ако не најдат ништо за мене во овој политички прогон што го правите.

Ова е вашата одлука. Не во “Вол стрит журнал” потпишана од Никола Груевски. Тука повисоки приходи не видов. Тука нема ниту еден член за повисоки приходи. Веројатно знаете дека ако имате повисоки приходи со одлука не можете. За повисоки приходи ви треба ребаланс. Вие сега одите со повисоки приходи.

Тоа што го пишува “Вол стрит журнал” тоа си е негова работа. Тоа што по 4 пати одите со еден Буџет можеби е за вас гордост, за ,мене не е.

И за последната работа што ја кажавте, Законодавно-правна комисија може да даде извештај, се оценува тој што реализира законски или незаконски одлуки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Николовски, повелете имате збор.

**Александар Николовски**: Благодарам претседателе, почитуван минстре, почитувани колеги пратеници.

Пред нас имаме Прелог-одлука за пренамена на средства меѓу буџетските корисници, одлука што денес беше доста коментирана од колегите пратеници од опозицијата и би сакал да го искажам мојот став.

Прво, сметам дека со оглед на некои објективни состојби што ги имавме помеѓу институциите односно помеѓу буџетските корисници и реално и

за жал не беа во можност да ги искористат дел од средствата што беа наменети за овие субјекти, што се должни на објективни и субјективни пречки и слабости што, како такви стојат и помеѓу другото можеме да зборуваме и за институцијалниот капацитет, но исто така можеме да зборуваме и за Законот за јавни набавки и кој што како Парламент го донесовме многу доцна така што доколку беше донесен многу многу порано ќе придонесеше кон подобрување односно побрза реализација.

Би сакал да се осврнам на три теми што се отворија во дебатите и да го кажам сопственото мислење.

Прво, сметам дека пренамената се однесува на исклучиво значајни проекти, крупни проекти, пред се во инфраструктурата, проекти што треба да донесат и да затворат многу крупни прашања, но и проекти што чекаат на реализација децении и децении во Република Македонија. Такви се на пример изградбата на северната трибина на градскиот стадион во Скопје еден капитален објект, една капитална инвестиција што треба да остане генерации, генерации. Потоа довршувањето на спортската сала "Борис Трајковски" еден навистина капитален и репрезентативен објект во кој што треба да се организираат значаен број спортски манифестации. В година треба да се организира Светското првенство во ракомет. Тука е изградбата на социјални станови односно изградба на станови за лица со ниски примања, дел од водоснабдителините и канализациони системи како што се во Инџиково, Бутел, Слатинска Река итн, и секако она што мене ми е посебно интересно тоа е подршка на малите семејни бизниси што ќе овозможат отворање на нови работни места. Тука е и заобиколницата околу Скопје што ќе реши многу проблеми поврзани со градскиот сообраќај во Скопје, но секако и индустриската зона во Битлоа која што ќе овозможи југо-западниот дел од Македонија исклучително да се развие. А и дотациите кои што беа многу потребни за Охридско лето што се случуваат не заради тоа што Охридско лето лошо го испланирало Буџетот, туку заради тоа што имавме значаен број на културни манифестации. Можам слободно да кажам дека годинешната програма беше една од најсолидните која воопшто сме ја виделе во 40 и неколку години постоење на манифестацијата. Имаме и средства што ќе се однесуваат на набавка на нови автобуси за потребите на Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје што ќе овозможи јавен превоз за кое што граѓаните постојано реагираат и исто така она што беше доста коментирано тоа е околу Министерството за внатрешни работи, 620 милиони денари вкупно се определуваат односно околу 10 милиони евра, што се однесуваат за доопремување на Министерството.

Би сакал да почнам од тука заради тоа што тоа доста се дискутираше и коментираше.

Министерството за внатрешни работи, за жал, во изминатиот период, во изминатите години не беше опремувано со онаа динамика со кое трабаше односно не се набавуваше опремата што требаше да се набави. За среќа, со оваа пренамена ќе имаме доволно средства за да може и Министерството доволно да се опреми и уште поодговорно да ја извршува својата работа во одржување на мирот, редот и безбедноста во државата и да имаме поквалитетни услови за сите нас. Апсолутно не стои забелешката дека не можат да ги потрошат средствата заради тоа што се работи за работи што се од доверлив карактер за кои што постојат специјални постапки преку кои што треба да се заврши работата.

Втората тема што се отвори и што би сакал да коментирам е дали ќе можат да се потрошат тие средствата. Средствата апсолутно ќе можат да се потрошат, без разлика на она што беше дискутирано и без разлика на тоа како се толкува образложението, заради тоа што практично се работи за дотации што се однесуваат на буџетски корисници или на јавни претпријатија или на единици на локалната самоуправа што после тоа треба да ги искористат така што не треба сите проекти да бидат реализирани до 31 декември. Свесни сме дека е технички, практички и временски невозможно, но она што ќе се направи е да дотациите се направат, трансферите се направат до единиците на локалната самоуправа и до другите корисници како што се јавните претпријатија, па тие после тоа, во зависнот од тоа дали проектот го започнале и дали треба да го започнат да ги реализираат, но секако треба да ги реализираат во што побрз временски период заради тоа што граѓаните го очекуваат тоа.

И на крајот, јас, во интерес на времето би сакал да напоменам две работи.

Прво сметам дека оваа Предлог-одлука е еден паментен начин како да се искористат средства.

Второ сметам дека со оваа Предлог-одлука се затвараат многу отворени прашања пред се во инфраструктурата, во градежништвото, капитални објекти кои што и трабаат на Република Македонија кои што Република Македонија долго ги очекува, проекти кои што ќе останат за идните генерации, проекти кои што ќе го забрзаат економскиот развој заради тоа што најчесто се во градежништвото кое што повлекува најмногу дејности околу себе и кој што ќе придонесе на економскиот раст и уште повеќе ова комбинирано со следниот Буџет за 2008 година кој што траба да почнеме да го разгледуваме од понеделник кој што е најголемиот Буџет во историјата на Република Македонија со најмногу средства, со најмногу средства за капитални инвестиции. ние во следните година -две со планираниот економски раст, кој што оваа година стигна до 5,5%, догодина треба да се движи до 6,5%, конечно да дадеме здрави насоки и одржливи насоки за постабилен економски развој на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас господине Николовски.

Повелете со вашата реплика господине Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал на колегата да му реплицирам за неколку работи, односно дел од нив невистини кои што ги изнесе од говорницата.

Прво, кажа дека доколку навреме беше донесен Законот за јавни набавки, ќе можеше овие трошоци да се реализираат во поголем обем кај капиталните инвестиции. Колега, Законот за јавни набавки, за кој што дебатираше Собранието, ќе почне да важи од 1 јануари 2008 година, значи, со оваа Предлог одлука нема никаква допирна точка што не е поврзано трошењето на средства со новиот закон за јавни набавки.

Во однос на трансферите во единиците на локална самоурава, се согласувам со вас дека се решаваат проблеми на граѓаните, но зошто токму се трансферираат со оние единици на локална самоуправа, каде што градоначалниците се вашите партиски кадри и за мене лично тоа е уште една ваше признание, односно признание на Владата дека сте предложиле лоши кандидати, кои што не можеле да си ги завршат своите работи. Граѓаните не се задоволни од нив и сега барате начин како да им помогнете. Зошто не трасфериравте дел од овие средства и до други општини, туку ги одбравте токму овие општини, директно покажувајќи и признавајќи дека овие кандидати не ги исполниле очекувањата на граѓаните.

По однос на трошењето на средствата од Министерството за внатрешни работи, постојниот Закон за јавни набавки, во членот 3 јасно стои дека за да се извршат набавките под кои што не подлежил Законот за јавни набавки, потребно е Министерството до крајот на јануари во тековната година, да изготви годишен план за набавки и за тоа да ја извести Владата на Република Македонија. Министерот тука не излезе да каже дали постои таков план на набавки и дали постои акт на Владата со кој што тоа е одобрено. Излезе да му реплицира на колегата Поповски да внимава што зборува, затоа што ќе ги провери работите. На конкретни прашања не излезе да ни одговори.

Околу програмите за мали бизниси, дали се сеќавате кога беше предложен Законот за поттикнување на вработувањето од претходната Влада. Вие тогаш го критикувавте, кажувавте дека е административен, а посегате по истите мерки. Сами себе се демантирате дека тоа тогаш било погрешно.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Господине Николовски имате една минута контра реплика, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам.

На ова прашање јас ќе се обидам да одговорам на она што ми беше реплицирано.

Прво, по однос на Министерството за внатрешни работи. Она што е факт, дека Министерството за внатрешни работи, во изминатиот период намерно или ненамерно, не навлегувам, не беше опремувано на начин кој што беше потребен и затоа ни се случуваа дел од работи кои што ни се случуваа, вклучително и инцидентите, кои што ги имавме. Оваа гарнитура, оваа Влада, со овој Буџет и со буџетите кои што доаѓаат, значително го зајакнува капацитетот на Министерството за внатрешни работи, начин на кој што тоа не го направи Љубомир Михајловски Џанго, заради тоа што ние имаме постојани проблеми, кои што Министерството за внатрешни работи треба да ги решава, а по однос на средствата што ги троши, мислам дека и вие и јас не сакаме јавно да обелоденуваме и да навлегуваме во работи кои што се однесуваат на безбедноста.

Второ, по однос на партиските градоначалници, воопшто не се согласувам, заради тоа што има средства за многу општини и догодина ќе има уште повеќе, затоа го спомнав Охрид пред малку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе, почитувани министри, колеги пратеници,

Ќе почнам со еден дел од дискусијата со која заврши колегата Николовски во едно лежерно образложение во одбрана на Владата, зошто ја донесува оваа одлука за пренамена на буџетските средства. На крајот кажа дека овој е паметен начин како да се искористат буџетските средства. Мислам дека од страна на Владата ова може да предизвика сомнеж за се, отколку констатација дека ова е нешто паметно. Затоа што Владата за да работи паметно и да ги користи и да ги троши рационално и домаќински паметно, државните пари, односно парите на граѓаните, треба паметно да се испланираат и да се распоредат во Буџетот.

После три вакви оваа година рекомпонирани средства, дали во форма на ребаланс, или во форма на донесување на оваа незаконска одлука, која е спротивна на Законот за буџети, се гледа дека е непаметно креирањето, структурирањето и трошењето, односно алокацијата на средствата на Буџетот од страна на Владата. Затоа што Владата кога го правела овој Буџет за 2007 година, се покажа во неколку наврати дека имала прво, нереални планирања, дека по лошо нешто од нереално планирање може да биде исто она што ни се случуваше исто така на Владата многу пати оваа година и сега се потврдува десет дена пред крајот на фискалната година, она што е како така испланирано, дури реално, или нереално, паметно или непаметно, да не може да го употреби, односно да го потроши, затоа што филозофијата на е само да се соберат даноците. Даноците се од граѓаните. Плаќаат граѓаните. Тоа е нивна законска обврска. Не е тоа некоја посебна умешност или заслуга на Владата. Значи граѓаните одговорно си ја исполнуваат својата обврска кон државата и го полнат Буџетот и ги

плаќаат даноците. Меѓутоа, што прави Владата со тие пари, како Владата ги троши тие пари. Дали ги троши паметно, дали ги планира да ги распореди паметно. Да им врати за добро на граѓаните кои ги издвојувале тие пари. Од граѓаните за граѓаните. За жал, се покажува со оваа одлука, со која Владата сака на незаконски начин да потроши 45 милиони евра за десет дена, што е практично невозможно, па уште и тоа, како што вели во одлуката, во образложението, реално да го направи е чисто утопија. Што значи се отвораат сомневања дека Владата сака за некои други намени да прикрие, да злоупотреби дел од овие средства за некои други интереси, а не за интересите на граѓаните.

Значи, уште полошо, како што реков пред малку е нереалното планирање, немањето приоритет, немањето на проекција е нерационалното и недомаќинското, неодговорното трошење на пари. Тоа токму сега ќе ни се случи, ако Собранието ја изгласа оваа одлука на Владата, затоа што не може да биде домаќинско трошење на пари набрзина, 45 милиони евра да се потрошат за десет дена. Ако Владата за 355 дена во годината не можела да најде паметен начин да ги потроши парите, дали мислите дека за само десет дена ќе смисли нешто паметно и уште тоа реално, како што вели во образложението за да ги потроши овие пари на граѓаните. Значи, на Владата никој не и дал право, затоа што е Влада и затоа што го има клучот од државниот сеф, а најмалку и го дале тоа право граѓаните, кои го полнат тој Буџет да ги троши вака набрзина парите. Згора на тоа што Владата нема законска основа и право да прави вакво нешто, затоа што е сосема спротивно ова на Законот за буџетите, кои повеќе пратеници ви повторија дека плус минус до 15% може да се прави со ваква одлука. Во спротивно треба да се направи ребаланс на Буџетот. Се разбира, никој не спомнува, никој не стравува, никој не се секира дали за ваква незаконитост, некој треба да одговара. Или можеби, Државната ревизија, новиот Државен ревизор, ќе ги прикрива ваквите работи и ќе тврди дека нема ништо спорно во трошењето на државните пари. На овој начин се сака во последен момент Владата да игра дневно политички, маркетиншки, односно да трча по изјавите на премиерот, кои ги сее кај стигне, како список на желби дека ќе се реализира едно, ќе се направи друго, меѓутоа, се во идно несвршено време, само за да се зачува неговиот рејтинг.

Мислам дека од неколку фази на однесување на Владата, посебно на премиерот, поточно според мене се три фази. Сега се наоѓаме на крајот на првата односно на почетокот на втората фаза. Ќе ви објаснам кои се тие фази според мене.

Досега, Владата и премиерот ги зголемуваа, значи прва фаза на зголемување на ветувањата, кои произлегоа од изборите, пред се, за подобар живот, за вработувања, за инвестиции, за здравство, за земјоделие, образование, за инфраструктурни објекти итн. Ништо од тоа нема. Значи, помина првата година која беше безбедна за Владата и премиерот, кога сеуште се јава на бранот на еуфоријата од победата на изборите и кога премиерот слободно може да ги зголемува очекувањата. Тоа е првата фаза, меѓутоа, тоа граѓаните еден ден ќе го забележат, ќе го осуетат и не може да оди во недоглед.

Втората фаза, кога настапува некаде во овој период и затоа се прават овие одложувања преку овие ребаланси, преку пренамена на буџетски средства за одредени проекти. Она што не се завршило за оваа година за 355 дена дека ќе се заврши сега за десет дена. Тоа е невозможно да се направи проектот, а камоли да се реализира и да се изведе и да се заврши. Значи, сите тоа моожат да го видат и да го почувствуваат.

Втората фаза, веќе почнува Владата на некој начин условно да ги пролонгира очекувањата. И таа фаза не може да трае во недоглед. Имаме зголемување, кога ќе неможе веќе каде да се зголемуваат, затоа што веќе на сите ќе им биде јасно дека тоа зголемување е нереално, а не се спроведува ништо, премиерот ќе ги пролонгира постепено очекувањата и тоа е сега една фаза кога се прави оваа пренамена за реализација на одредени проекти.

Значи, уште еднаш ќе повторам за 355 дена, цела година не можевте да ги реализирате, сега ќе ги реализирате за десет дена. И откога ќе ви заврши втората фаза на пролонгирање во текот на наредната година, откога ќе ви помине повеќе од половина мандат, тогаш ќе немате каде, за жал, на излажаните граѓани, тогаш веќе ќе почнете да ги релативизирате очекувањата, меѓутоа, ќе зборуваме за тоа можеби наредната година. Со тоа релативизирање на очекувањата на вашите ветувања кои ги давате без покритие постојано, ќе наоѓаате постојано оправдување, одоговлекување, ќе наоѓате виновници, некој друг ќе ви биде крив, како сега што е Собранието, опозицијата. Сите ќе ви бидат виновни во државата, ама вие што сте најодговорни и што имате сите инструменти на власта, да ги реализирате тие ветувања, никој не може да ве спречи во тоа, само вие нема да бидете виновни. Ќе видиме.

Понатаму, со оваа одлука, дефинитивно се покажува дека Владата нема приоритети, односно има погрешни приоритети, или има погрешна проценка за приоритетите. Во однос на реализацијата на проектите со средствата кои се предвидени во Буџетот, односно Владата не знае да менаџира, да управува со средствата во Буџетот, која сама ги предвидела. Ние имавме минатата година 300 амандмани, како опоција овде за Буџетот, или повеќе, не знам. Вие тврдевте дека она што го предлагате вие во Буџетот е најдобро. Еве, имавте прилика 355 дена да си го реализирате вашиот Буџет кога веќе не сакате да прифатите некои од амандманите на опозицијата минатата година за Буџетот за 2007 година. Значи, не знаете не само да планирате, туку со она што ќе го испланирате да го спроведете, да го реализирате. Се разбира, тука е најодговорно Министерството за финансии,

нормално, политиките на целата Влада во смисла на извршувањето на Буџетот.

Се сомневаме отворено дека на ваков начин со ваква алокација на средствата од Буџетот, во последен момент сакате на мала врата да направите некои пренамени на средства, од кои ќе има Владата, поединци во извршната власт, или можеби политичката партија ВМРО-ДПМНЕ одреден ќар против законски се разбира, односно дали ќе можете на некој начин, пратеничката Грковска пред малку употреби еден збор, перење на пари, вие енергично се спротивставивте на тоа. Јас да кажам испумпување на пари за некои намени кои не се соодветни, да прикажете дека ги наменувате за едно, а всушност, да ги потрошите за друго и сето тоа да остане забошотано, да нема евиденција и се разбира, во крајна линија да си обезбедите повеќе пари за вашите економски промоции, скапи рекламни кампањи итн. Додека за капиталните инвестиции да ги намалите од една страна, и од друга страна преку тоа намалување да прикажете дека не е и така лоша реализацијата на Буџетот. Одземате пари од Собранието, со тоа по кој знае кој пат го омаловажувате Собранието како законодавен дом. Мислите само на привилегиите на функционерите од извршната власт. Ќе ве потсетам на еден напис во еден дневен весник од пред десетина дена, каде што се вели дека Владата не штеди на службени возила на пример. Знаеме каков е статусот на пратениците, знаеме дека на Владата и треба дежурен виновник, знаеме дека треба некој да биде полош од Владата за да Владата во јавноста изгледа дека е многу добра, работлива, чесна итн и дека синоним за функционери во државата кои што немаат, или имаат најмалку условно привилегии, се пратениците, вклучувајќи ги и вашите пратеници од мнозинството. Дури и нив ги жртвувате и тие тука да ви аминуваат и да ви молчат, само вие и премиерот да бидете успешни. Вели, Владата не штеди на службени возила. Портпаролот на Владата не сакаше да објасни зошто покрај министрите, право на службени возила и возачи замислете, и бензин се разбира, и патарини и се друго што следува, некој тука бензинот не го спомнува, добиле уште триесетина именувани функционери. Значи, заменик министри, државни секретари, некои раководители, некои началници, некои директори. Зошто овие привилегии на овие функционери од втор ешалон е високо, од трет, четврти, петти ешалон во извршната власт, никој не ги спомнува. Зошто нивното трошење на пари никој не го спомнува.

За ова секогаш Владата наоѓа пари, а за оние работи за кои вчера на пример дебатиравме, за пензинерите, за законот за пензиско и инвалидскоосигурување, за правата на стечајните работници, технолошкиот вишок, за тие никогаш немате пари. Државата не е сиромашна за неколку стотици, неколку илјади пензинери, стечајци, технолошки вишок. Меѓутоа, сиромашна е кога ќе си скрати од своите привилегии и бенефици на своите функционери. Понатаму, одземате на пример, си ги покажувате на дело приоритетите на Владата и колку сте искрени на пример, за напредокот на Република Македонија во евроинтеграциите, на патот кон Европската унија. Одземате безмислосно 12 милиони евра од Секретарјатот за евроинтеграции. И ќе ве потсетам, на самиот почеток после 26 август минатата година кога во првите денови од својот мандат премиерот Груевски даде една изјава за приоритетите на Владата и кажа дека, на новинарско прашање, веројатно како пред некој ден што рече, не му било нормално прашањето, па не посвети многу внимание и рече: кога, тогаш Европска унија ќе биде, ќе си дојде, тоа времето само ќе си донесе, не мора ние нешто посебно како Влада, како држава да се напрегаме. Еве, се покажа дека таа политика не е случајна, затоа што на премиерот Груевски тешко ќе му падне ако си земе премногу обврски за него и за Владата, па да оди да реферира во Брисел, да реферира во европските институции до каде се спроведени реформите во Република Македонија. И секогаш кога нешто ќе се случи добро во Република Македонија, за тоа е заслужна само Владата, не го дели премиерот тоа ни со граѓаните, а да не зборувам со опозицијата како нужно зло, а кога некои работи не одат како што треба и кога ќе бидеме критикувани како во последниот Извештај од Европската унија, тоа се разбира нема да биде Владата, тогаш треба во најлош случај за премиерот да биде резултатот нерешен 1:1, дека тука ќе се спомене опозицијата, не знам, сите други  ќе се споменат само да се направи една урамниловка за да Владата не биде одговорна, иако таа ги има полугите и одговорноста да ја води оваа држава. Значи, во државава не одлучува опозицијата, одлучува Владата. И Владата одлучила да одземе од Секретаријатот за евроинтеграции 12 милиони евра. Исто така, 617 милиони денари, пресметајте колку евра се тоа, ќе одземе пари од Министерството за одбрана кои се наменети за приближување кон НАТО. Овие работи Владата ги прави токму во моментот кога треба да се впрегнат сите сили во државата да не ја испуштиме шансата последниот воз и последниот вагон од возот кога треба да дадеме гас до даска и да дадеме се од себе за да ги исполниме обврските и да пристапиме и кон НАТО и што побрзо да го добиеме датумот за преговори. Меѓутоа, очигледно не му е тоа на премиерот приоритет и тоа за него е мислена именка. Како што реков, не сака да си го нарушува домашниот комодитет, на Владата и на премиерот им е битно да завладеат и да си го имаат рејтингот во Македонија, а за рејтингот на државата, не на Владата,на државата која сме сите ние, не само премиерот и Владата, во странство, не му е многу гајле.

Понатаму, само да набројам уште неколку ставки кои се многу симптоматични за прераспределба на средства во оваа одлука. Се одземаат пари од Министерството за внатрешни работи од граничната полиција 10 милиони, значи не се

вложува во граничната полиција, туку ќе се вложува во купување на некои несуштински работи кои се однесуваат на Министерството за внатрешни работи. Тука секако, бидејки и Министерството за внатрешнии работи нема да има тендер, така што уште во старт може да биде сомнителна работата како ќе се трошат парите. Се одземаат пари од Министерството за земјоделие каде што се колневте во земјоделците, се одземаат пари, односно се додаваат пари цели 12 милиони за договорни услуги. Тука оваа Влада е шампион, се може да се бутне да спадне под договорни услуги, а никој нема да знае за што ќе се трошат, како ќе се плаќа, кого ќе плаќате и т.н.

И на крајот да не должам многу, она што треба да го извлечете како поука и како заклучок, а нема да го сватите и нема да го прифатите е дека не можете вечно на ваков начин да си поигрувате со државните пари. Кога бевте опозиција полни ви беа устите, изјавите, прес конференциите за нетранспарентното наводно недомаќинско, без тендери, со спогодби трошење на државните пари. Заборавивте дека опозицијата 12, 13 дена минатиот месец зборуваше за Законот за јавни набавки. Зошто? Бевте многу осетливи на тоа, затоа што ќе ви се секнат вентилите за можни злоупотреби. Ви благодарам и ве повикувам уште еднаш да размислите како и на кој начин ги трошите државните пари.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, бидејки завршува седницата, би сакал да кажам две работи. Прво, да ве замолам, бидејки утре од 11,00 часот Комисијата за европски прашања работи во функција на подготовка на седницата за преостанатите само 15 закони што фалат. Бидејки 9 пратеници од нашата пратеничка група, а има список и од други плус кои што членуваат во Комисијата кои ќе бидат присутни за квалитетна анализа на законите, би ве замолил утрешната седница да ја почнеме со некое разумно задоцнување од 12,15 часот, 12,30 часот, како ќе оцените.

Второ, најостро да протестирам за новиот скандал на министерот Славески што запрети на еден пратеник од СДСМ. Ако уште еднаш се повтори, ние ќе бидеме приморани да преземеме физички мерки против министерот Славески.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, само немојте физички мерки, друго се разбирам.

Да одговорам на оваа процедурална забелешка. Предлагам утре да работиме од 12,00 часот до 19,00 часот, со една пауза за ручек.

Процедурално, Анета Стефановска Повелете.

**Анета Стефановска:** Почитуван претседателе, јас имам процедурално голема забелешка на координаторот на пратеничката група на СДСМ и неговото невоспитание нема да го трпат останатите пратеници што се тука во Собранието. Да се прибере и да си се превоспита. Уште еднаш нема да дозволам до нашиот министер за финансии да се упатуваат такви закани тука во Парламентот.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот за финансии побара реплика.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, јас сакам да поставам две прашања. Првото прашање е до пратеникот Јани Макрадули, дали знае што зборува. А второто прашање е до вас, дали утре ми ја гарантирате безбедноста да дојдам во Парламентот?

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика, господинот Јани Макрадули.

Јани Макрадули: Почитуван претседателе се наоѓаме во домот на Собранието на Република Македонија каде што министерот е гостин, а господинот Никола Поповски е домаќин, пратеник што е обезбеден од ова Собрание како институција Собрание. И не дозволувам ниеден министер, па макар тој бил и Трајко Славески да прети дека ќе става во затвор некој пратеник од СДСМ. Ако не го заштитите вие инструментот пратеник, тогаш ние ќе бидеме приморани тоа да го направиме сами.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам за денешната соработка. Се е во ред, сите сте безбедни во домот.

Утре продолжуваме во 12,00 часот по 89-та седница.

(Седницата прекина во 18,00 часот)